# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 март 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,10 часот.

На седницата претседаваше господинот Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Петар Наумовски, Никола Груевски и Али Ахмети ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Денес на дневен ред на оваа седница е еден од најбитните, најважните акти кој што треба да го донесеме ние пратениците, а тоа е Буџетот на Република Македонија за 2003 година, акт со кој директно, или индиректно може да се рече дека се поврзани сите субјекти во нашата држава. Можеби е нормално секогаш претставниците на опозицијата да го критикуваат, можеби и во оваа дебата така ќе биде од најавите од првиот дискутант од опозицијата, претставниците на позицијата да го бранат истиот акт. Сепак, јас ќе се потрудам, бидејќи се работи за проблематика од економска и финансиска сфера, ние економистите веројатно најдобро можеме да го изанализираме. Немам намера ниту да го бранам, ниту да го напаѓам, туку да ги воочиме сите приоритети кои што сакаат да се постигнат со овој буџет, односно сите недостатоци кои што во суштина се воочливо во истиот.

Мојата прва и тоа позитивна констатација е тоа што за прв пат после четири години од 1998 година па наваму, имаме намалување, односно ќе донесеме буџет кој што реално има намалување како на приходната, така и на расходната страна. Да ви кажам искрено, овие денови имавме сигурно повеќе време, ги зедов буџетите и пред 1998 година и после 1998 година и ги разгледував. Во 1998 година имавме буџет кој што изнесуваше 45 милијарди денари со избалансирани приходи и расходи, со некој си мал суфицит. Веќе наредната година 1999 година ние имаме буџет зголемен некаде за 5 милијарди денари, што значи во суштина поголеми зафаќања од стопанството, од граѓаните, а се разбира и од друга страна поголема јавна потрошувачка. Во 2000-та година нешто се случува непредвидено. Имаме зголемување на буџетот на некаде 64 милијарди денари, неверојатни, во однос на 1998 година буџет кој што може да се рече и не е добро проектиран од аспект што таа година имаме еден енормно висок суфицит што за жал не е добро за економските прилики. Вие се сеќавате од оваа говорница тогашниот премиер, сегашен пратеник господинот Љубчо Георгиевски тогаш кажуваше и викаше дека тоа е најдобрата новогодишна честитка за народот на Република Македонија што во суштина апсолутно не е точно, се разбира човекот не е од економската бранша, бидејќи да се соберат пари од граѓаните и од стопанството некаде зголемени за 1998 година скоро за 16 милијарди денари. Се разбира од истото може да произлезат многу последици. Во 2001 година повторно имаме зголемување. Не би ја коментирал истата година од аспект што се случија многу негативни нешта. Се разбира, ние од западниот дел уште полошо истите ги почувствувавме. Во 2002 година, односно минатата година, ако ја погледнете ќе видите дека имаме веќе буџет од 72 милијарди денари повеќе. Во декември ние имавме една расправа за ребаланс на буџетот. Значи, ако споредите во однос на 1998 година ќе видите зголемување скоро за 27 милијарди денари а тоа не е мала бројка, средства кои што се собрани од стопанството, од стопанските субјекти, граѓаните и т.н. и средства кои што за жал ја зголемија јавната потрошувачка. Се разбира, тоа беше изборна година. Јас во дискусиите некаде во месец  декември токму тука истакнав дека имаше енормно големо трошење на финансиски средства, немаше контрола, преговорите се напуштија со Меѓународниот монетарен фонд некаде во месец јуни и ни се случи тоа што ни се случи. Па денес ќе се чудиме зошто ни е стопанството вакво какво што ни е, зошто ни се сиромашни граѓаните, а еден од факторите се токму и вакви високи енормни буџети.

Почитувани пратеници, да се вратам на почетокот да повторам дека давам позитивна оценка во делот на смалувањата како на приходната, така и на расходната страна во овој буџет. Намалувањата во износ од некаде 100 милиони евра во однос на минатата година не се за потценување, односно за толку ќе се растеретат субјектите во Република Македонија.

Второ, се согласувам дека овој буџет повеќе отколку што треба е социјален, односно провејува социјалната наспроти развојната компонента. Објективни се околностите, социјална ни е државата, неопходни се издатоците во социјалната сфера, во делот на социјалната заштита, детските додатоци, надомест на невработени, пензии, хендикепирани и слично.

Трето, добро е што во овој буџет, но не во доволна мера, но сепак провејува и развојната компонента пред се во делот на капиталните трансфери ќе видите некаде изнесуваат околу 6 милијарди денари, посебно во делот индиректно помалите зафаќања од стопанството кои што се разбира имаат индирекна улога во таа развојна компонента. Се разбира дека во излагањето и на министерот Гошев истакна дека соодветна развојна компонента, односно соодветни средства се предвидени по други основи кои што ќе се искористат во развојот пред се на инфраструктурата и т.н. Да се разбереме, догодина е Олимпијадата во Грција, мора во тој дел посебно во инфраструктурниот дел што подобро да го искористиме и на тој начин таа компонента и да се зголеми.

Четврто, предвидениот пораст на бруто општествениот производ во висина од околу 3% иако е недоволен за некое посебно задоволство, но објективен во севкупниве наследени односи од минатите години, поточно и од минатата, бидејќи истиот пораст лани беше некаде 0,3%, многу ниска стапка. Се знае дека од економска гледна точка оптимален раст на бруто општествен производ е некаде просечно над 5% што би овозможило добар старт на нашата земја на патот на долгорочно приближување кон развиените европски економии. Се надеваме дека наредниот период истото ќе се случи.

Петто, макроекономската политика што се предвидува обезбедува услови за одржливост на платно билансните позиции на среден рок, стабилен курс на денарот, ниска инфлација, фискална консолидација, ценовна стабилност со што ќе се овозможи заживување на инвестиционата активност, односно Македонија да стане привлечна како за домашни, така и за странски инвеститори. Предвидениот

дефицит во висина од 1,6% во рамките на севкупните односи. Минатиот пат добри образложенија даде министерот Петар Гошев.

Во однос на приходниот дел на буџетот, добро е како што претходно истакнав дека има намалување на приходите и сметам дека истите целосно ќе се остварат, посебно даночните приходи пред се со редовна наплата на истите како резултат на даночната дисциплина и на намалување на даночната евазија.

Да се разбереме, минатиот пат мислам дека тоа го истакна господиот Љубчо Георгиевски дека намалувањето на данокот за финансиски трансакции, или поточно речено воениот данок кој што минатата година го оптовари стопанството некаде за 6 милијарди денари, дека тоа не се почувствувало. Да се разбереме, 100 милиони евра помалку да се соберат по тој основ, се разбира не е мала работа. И во овие структурни прибирања по основ на данокот на додадена вредност веројатно денес во оваа дебата најповеќе ќе се напаѓа во тој дел на зголемување на стапките од 5% на 18% и од 19% на 18% што се намалени, некаде околу 2 милијарди денари по тој основ ќе се зголемат, повеќе пари. Но, за разлика од овие 6 милијарди денари кои што фактички оваа година ќе ги немаме и нон сенс се такви изјави дека стопанството не почувствувало соодветни последици, а да се собере 100 милиони евра минатата година по основ на истите издатоци.

Во однос на царините и царинските приходи, се разбира има соодветни намалувања и добро е по основ што конечно влеговме во СТО и ќе имате реализација на тие царински тарифи. Но, сметам дека со една добра царинска контрола која што сега се спроведува дека истите давачки ќе се остварат.

Што се однесува до ресорниот дел на буџетот, добро е што конечно имаме како што претходно истакнав намалување на расходите во буџетот скоро за 10% во однос на минатата година. За жал, голем дел од расходите одат на трошоци за плати и како резултат на масовните вработувања кои што се случија во минатата година. Да ви кажам искрено, недопустливо е можеби 1/3 од буџетот некаде над 21 милијарда денари одат по основ на издатоци за плати. Не случајно направив осврт на буџетите од минатите години, конкретно од минатата година. Да ви кажам искрено многу се разочарав кога се потврдија истите информации дека само во минатата година се вработени скоро над 11 иљади нововработени во буџетските институции, фондовите, јавните претпријатија и тн., што дирекно сега се разбира се оптоварува расходната страна по основ на платите. Сигурно тој дефицит ако сега претпоставиме дека 11 иљади вработени нека земаат некаде по 250 евра месечни

примања, ако пресметате годишно ќе дојдете сигурно до бројката околу 40 милиони евра, па сметајте колку е тој издаток по основ на тие плати.

Друго е прашањето како се тие вработувања, дали се законски, или незаконски. Да ви кажам тоа е проблематика за правниците. Колку што сум јас информиран и знам дека според Закоот за работни односи во член 9-а стрикно пишува дека секое вработување во јавна институција, буџетска институција, фонд, или јавно претпријатие подлежи по основ на конкурс, или оглас овие вработувања претежно се извршени со преземање од приватни фирми што сметам дека е незаконски. Но, сепак таа проблематика да ја оставиме на правниците и тие најдобрло ќе си ја разрешат.

За истакнување е и лично ги подржувам предвидените трошоци за структурни реформи, односно трошоците сврзани со претпријатијата загубари. Посебно како што истакнав сакам да ги подржам трошоците кои се предвидени за поттикнување на вработување и на намалување на невработеноста. Верувам во наредниот период истиот закон ќе се донесе и во таа сфера мора да имаме поттикнување.

Капиталните трошоци иако би сакал да се поголеми, бидејќи имаат истите развоен карактер. Оваа година има намалување на истите од овјективни причини. Не сум сосема сигурен, но сметам дека намалувањето на трошоците кај Телеком проектите доста се двоумев дали се оправдани, или не се оправдани. Но, она што е потрошено минатите години, односно минатата година и она што е реално направено дава еден сомнеж дека тука во тој дел нешто не е во најдобар ред. Јас да ви кажам еден случаен пример. Пред некој ден дојдоа претставници од една неразвиена општина Самоков и ни рекоа, видете нешто да направиме во оваа неразвиена општина. И, во тие приоритети кога ми ги донесоа, ми викаат, да го направиме водоводот од Горно Ботушје до Самоков некаде во должина од 12 километри. И да ви кажам слушајте луѓе, за истиот објект ако го погледате и вие буџетот ќе видите во Телеком проектите и потрошените средства ќе видите дека за тој проект фактички потрошени се минатата година, односно префрлени некаде скоро 900 илјади марки. И токму по тој основ сметам дека тука нешто не е во ред. Сигурно во еден нареден период после донесувањето на буџетот поуспешно ќе биде реализирањето на истиот, ќе биде пропратен со низа економски мерки кои неопходно мора да се донесат пред се во делот на зголемување на вработеноста, мерки за зголемување на штедењето, кредитирањето пред се на приватниот сектор,

поттикнување на извозот, развој на малите и средни претпријатија и конечно нашата земја да крене од оваа моментално тешка економска состојба.

Да заклучам, се на се имајќи ги во предвид сите околности во кои се донесува овој буџет успешно завршени преговори со Меѓународниот монетарен фонд каде што индиректно сигурно и претставниците имале своја улога во креирањето на истиот, имајќи ја во предвид целокупната економска, социјална, политичка состојба во која се најдовме сите ние. На крај им честитам на сите оние кои биле вклучени во изготвувањето на буџетот и покрај некои мои забелешки, сметам дека вака проектиран буџет го отсликува горespоменатото и ќе гласам за истиот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Дојчиновски Киро.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Владата на Република Македонија,

Се определив во едно чудо економисти да учествувам во расправата меѓу првите мотивиран од неколку мотиви.

Прво, буџетот, неговите составувачи, Владата кои успеале да го склопат и да склопат крај со крај заслужува посебен респект. Заслужува респект заради тоа што тој засега е еден од документите пред ова Собрание кој најадекватно и најреално ја претставува и ја пресликува состојбата во сите сфери на државата онаква каква ја остави претходната власт. И сето тоа е сознание на најдоследни анализи во сите сфери и со најдоследни анализи на дубиозите кои што во тие сфери се најдени. Тој практично ја пресликува, ја претставува онаа состојба во која што се владееше четири години. Бидејќи сите овие работи се правени доста аналитички со компаративни претставувања. Тоа е и причината што овој буџет го носиме сега и тоа е можеби и одговорот. Малку ме чуди што претходниот премиер прашуваше зошто сега? Сигурно можевме да донесеме и во декември буџет кој што можеше да биде само на хартија. Имаме многу примери на неуспешни влади. Сме виделе многу лоши состојби во светот. Но, ваква состојба во која претходната влада ја доведе државата, нејзината економија, јавните институции со безброј злоупотреби, со непланирани, непокриени, без систематизација вработувања за кои што говореше и мојот претходник, на оредена цивилна војска би рекол, без

почитување на работното законодавство со многу криминогени корупциски и лични богатења не се забележани. Дури и да беше тоа туѓинско режимска влада по нејзиното заминување ќе требаше да плаќа репарации. Тоа овде остана на тимот кој требаше да го крои буџетот и да ни понуди буџет кој ќе ги задоволи минимум потребите за да продолжи нормално функционирање на државата. Од тие причини и од многу други интересни и наметнати од меѓународната заедница за кои што министерот за финансии во своето експозе доста успешно ги образложи. Сметам дека овој буџет е единствено можен како што јас би го нарекол буџет за преживување, бидејќи државата ни е доведена на дното и сега ни е потребен еден мал импулсен допир да се тргне нагоре, напред, да се создадат услови и за натамошен развој. Незнам дали такво нешто некој од нас посакува независно од тоа дали е позиција, или опозиција. Сите ние живееме во оваа земја и тука сме заедно со своите семејства.

Такво нешто, без оглед дали е опозиција или позиција, ние сите живееме во оваа земја со своите семејства. Прашувам дали навистина има и некои други решенија за поинаков буџет. Може да се најдат, но без анализи, без сеопшти компарации и со лични маркетиншки пријави. Тоа не е иднина и можеби не треба да се залагаме за такви решенија. Овој буџет на оваа седница го гледам заедно со предложените амандмани, претежно на опозицијата кои ќе бидат предмет на расправа во текот на денешната седница, или утрешната седница. Право е секој да поднесе амандмани, но јас ќе го кажам своето мислење од глобален аспект на амаднманите. Нема да навлегувам поединечно.

Ако ги погледнеме и анализираме сите заедно се доаѓа до единствен заклучок дела опозицијата многу успешно го слика, или го признава своето неуспешно раководење во расправата. Тие очигледно зборуваат дека ништо во државата не е во ред, или не чини и тоа токму за една година во овој буџет да треба тоа да се реши. Многу провидна теза на додворување до народот, не водејќи сметка дека таквата состојба е резулатат на минатите години и ако сето тоа бараме да се реши за една година, имале шанси тоа да го направат за претходните четири години.Ако државата е доведена до ваква состојба, јас ве замолувам, бидејќи сметам дека е коректно и одговорно и принципиелно а кои сакаат добро, да ги повлечат своите амандмани и да не расправаме за нив.

Еве само неколку примери зошто мислам така. Во услови кога училиштата ни беа оставени без греење, со амандманите се залагаме за изградба и реконструкција

а голем број училишта, не е коректно да се говори дека не треба, но во ваква ситуација, прашање е дали тоа треба сега да се направи. Уште повеќе што некои од предлагачите дури и не ги посетиле тие објекти.

Во услови кога претходната влада преку своите министри ги укина скоро сите научно-истражувачки проекти, сега по секоја цена се бара мирно зголемување. Добра идеја, но лош претходен приод, кој создал многу лоша стратешка состојба во научно-истражувачката дејност. Вакви коментари всушност можат да се редат безброј, сигурно дека има и амандмани кои заслужуваат внимание. Посебно оние кои се однесуваат на економската сфера.

Гаранцијата дека понудениот буџет заслужува преодност во услови во кој се наѓа државата, за мене се неколкуте принципиелни определби, искажани при предлагањето на буџетот. И тоа дека буџетот ќе се искажува и ќе се практикува рационално, дека ќе се почитуваат два основни принципа. Доследност и одговорност во неговото реализирање. Тоа значи дека и со помалку средства ќе можат да се распределат и рационално да се постигне одредена цел и потреби.

Долго време ги следам институциите од областа на културата и науката. Запрепастен сум од летаргијата во која се наоѓаат вработените во тие институции со нивните просеци од околу 7.000 денари. Се финансирал персонал, немало програмска шема, или барем ја нема донекаде. Ајде сега наместо латергија да ги мотивираме и да ги насочиме кон оние програмски задачи, кои во овој момент се најнеопходни и недминливи. Ајде сега повторно да воведеме реципроцитет во научно-истражувачките проекти со странство без девизно работење. Многу практикувани во минатото и напуштени. Кај нас се помалку се соочуваме со странски публикации толку потребни за науката. Зошто да не ја обновиме библиотечната размена со странство. Таа е напуштена. Ајде да го подзапреме, нека не ми замерат одредени структури откривањето на нови археолошки локалитети кои што со недоволно средства ги оставаме на забот на времето и невремето. Средствата и калерот да ги насочиме кон конзервација и реставрација на веќе откриените и да ги зачуваме. Ајде малку да запреме со глобалните сценско-музички манифестации кои траат цели летно одморни месеци. Да не ги прекинеме, да ги рационализираме. Добро е Македонија што се презентира пред светот со културните вредности од минатото. Малку се забележува создавање на услови на актуелните генерации да создадат свои вредности со кои што во иднина ќе се претставуваме во светот. Ајде

да се заложиме за актуелна култура , со која што сакаме да влеземе и во Европа.Култура на нашето живеење.

Голема гаранција за доследно практикување на буџетот ќе биде и тоа што ова Собрание ќе решава за сите можни измени или пренамени на позициите и на ставките. Тој принцип на доследност ќе ги разбие сите паушални и одговорни пристапи во трошењето на средствата. Ајде еднаш да доживееме, дека ќе биде сменет некој раководител или директор заради неодговорен однос во трошењето на средствата. Одамна Владата заборави да ги анализира извештаите на работењето на институциите што ги финансира. Тука е потребна и промена во работното законодавство. Не можам да забележам дека во овој момент тоа е веќе нешто што е сега актуелно, се определивме за професионалност во работењето на овој Парламент. Никаде нема ставка за припреми на тој план. Ние сите тука доаѓаме како и сите поранешни пртеници.

И на крајот, за да не заборавам или за да не се заборави. Деновиве кога контактиравме со граѓаните по буџетот, знаете што ме прашуваат. Добро почнавте, почната е постапката против корупцијата и криминалот. Но кога ќе ги вратите украдените пари. Еве уште една ставка за буџетот кај Министерството за финансии. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Дојчиновски.

Збор има господинот Марјан Ѓорчев.

Дали бевте спомнат, не слушнав. Во ред.

Повелете господинот Караџовски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само една кратка реплика.

Господинот Дојчиновски во своето кратко излагање спомна една реченица, мислам можњби грешеше еве да го потсетам. Тој кажа дека со поднесувањето на амандманите се гледа дека опозицијата не знае да ја води државата. Јас би го потсетил дека опозицијата не ја ни води државата, ја води позицијата, токму тој каде што припаѓа и повеќе се држи во она што го зборува токму на она што го предлага позицијата и на буџетот. А по однос на тоа како го запирале граѓаните и го прашувале за укратените пари кој ќе ги враќа и како ќе ги враќа, исто така и нас не

запираат. Еве да го потсетам господинот Дојчиновски за познатите афери ТАТ и така натаму и така натаму, и не прашуваат кога СДСМ ќе собери храброст она што ни го украде да ни го врати.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Дојчиновски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Мислам дека нема потреба да му се одговори на ова, пошто самиот одговара.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, благодарам. Значи збор има господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, дами и господа пратеници, почитувани претставници од Владата на Република Македонија,

Потрошувачката на бруто општествениот производ во една национална економија се одвива преку личната, инвестиционата, јавната потрошувачка. Буџетот по дефиниција претставува финансиска основа за потрошувачката на државата т.е. јавната потрошувачка. Но иако е тој само наизглед збир на бројки, на програми, раздели, потставки, тој во себе содржи повеќе димензии. Девета година по ред од 1995 година, димензијата на Буџетот на Република Македонија исклучиво финансиска. Значи тој претставува само обезбедување на континуирано и систематско покривање и финансирање на јавните расходи и функции на државата и кај нас тоа и оваа година е примарна цел. 21 милијарда за плати, 45 милијарди функционални трансфери, 4 миљарди отплата за старо девизно штедење, 3 милијарди отплата на долгови по сите основи, околу 3 милијарди плаќање на разни камати, тоа е втората димензија од одржување на бонитетот и солвентноста на државата. Меѓутоа, бидејќи со буџетот се ангажираат и се прераспоредуваат огромни средства над една третина од бруто општествениот производ на Република Македонија годинава тоа изнесува 35,5% од бруто општествениот производ, логично е дека буџетот има и своја друга димензија, тоа е економската димензија, а напоредно со таа димензија се надоврзува политичката и социјалната димензија на буџетот. Економската димензија е повеќестрана. Пред се, буџетската политика претставува дел од макроекономската политика на Република Македонија. Почнувајќи од 1995 година преговорите со ММФ секогаш таа макроекономска

политика се потпира на тврд монетаристички концепт кој што во преден план има три основни сидра кои што се споменати и во експозето сега на министерот за финансии на Владата на Република Македонија. Тоа се стабилен курс на денарот, ораничување на јавната потрошувачка согласно преговорите со ММФ и она што е многу битно, тоа е дека да продолжи процесот на структурни реформи, односно преструктуирање на македонската економија во делот на она што значи востановување на новиот производен однос, а тоа е капиталистички производен однос во кој што сопственоста е основна манифестација на производен однос, а тоа е приватната сопственост.

Меѓутоа, доколку не се свати дека Буџетот при спроведување на тој макроекономски концепт не го обезбеди еквилибриум на една таква ригидна, тврда монетаристичка концепција која што води исклучиво сметка за стабилноста на македонскиот денар и притоа го држи на еден преценет курс кој што овозможува производната структура на Република Македонија да атрофира капиталот, односно она што претставува основни средства и потоа обратен капитал во она што претставува есенција на материјалното производство да се прелее преку банкарските текови, потоа да се имобилизира таму и исклучиво во сферата на дејностите на трговијата, финансиските услуги и друго да делува во Република Македонија. Тој концепт еве веќе девета година по ред и пред тоа трите години не овозможува Република Македонија да го достигне ниту 90% од бруто општествениот производ, не номинално, туку вредносно во 1990 година, пред да се одделиме, односно пред да прогласиме независност, самостојност и сувереност на Република Македонија кога бевме Социјалистичка Република Македонија во составот на федералната држава Југославија. Да ве потсетам само Словенија го постигна тоа ниво во 1997 година, нивото на бруто општествениот производ од поранешна Југослаславија. Значи не водејќи сметка дека Буџетот треба да воспостави еквилибриум, односно фискалната политика да ја дополнува тврдата ригидна монетаристичка концепција која што најмалку може да обезбеди развој на Република Македонија а тоа се покажа затоа што години по ред отсуството на инвестиции, години по ред, отсуството на меки кредитни линии, години по ред, слабоста во банкарскиот систем на Република Македонија, вклучително и на Народната банка на Република Македонија за која што ќе говорам подоцна, иницираше државата преку мерките, инструментите и можностите на буџетската политика да води грижа за развојот, да води грижа за економијата односно да води грижа за директно и

индиректно влијание на производната структура на она што претставува производство воопшто во Република Македонија, тоа го опфаќа и прометот, тоа ја опфаќа и потрошувачката и се што значи производството воопшто.

Значи, што значи директно влијание на Буџетот во производната стртуктура на Република Македонија. Тоа значи помош на јавните претпријатија или формирање на јавни претпријатија како што се формираше Јавното претпријатие “Злетовица” на пример за да може да с донесе инвестиции од 96 милиони долари од Јапонската кредитна линија и тоа ќе значи ново вложување во инфраструктурата на Република Македонија, тоа ќе значи нова надеж за еден мртов регион кад ешто над 15 илјади жители во Злетово, Пробиштип па и во Кратово се мачат да ги остварат своите егзенцијални права. Потаму тоа ќе значи истовремено инвестиции во инраструктурата, како што тоа беше инвестицијата за изградба на Дојранското Езеро, како што некои пратеници тука рекоа со цистерни се носело вода во Дојранското Езеро, но факт е веќе сите знаат дека тоа е систем кој што вреди 20 милиони евра, дека тој е систем кој што ангажираше 4,5 милиони евра од ФЗС “11 Октомври”, Шавни цевки - Куманово, дека тоа е систем кој што ангажираше уште 2 милиона евра “Гранит”,”Бетон”, “Пелагонија” “Маврово”,дека тоа е систем кој што го ангажираше ЕМО, дека тоа е систем кој што го ангажираше Електростопанство на Република Македонија. Тоа е директна и индиректна поддршка на инвестициона градба во Република Македонија преку буџетска политика и на крајот тоа се фондовските субвенции за кои што министерот за финансии тука рече дека Фондот конкретно еден од фондовите за земјоделие си има задолжено со 400 милиони денари преку гаранција, стабилизациониот депозит на Република Македонија во Народната банка, се има задолжено во две банки. Па што е функцијата на Фондот за земјоделие почитувани пратеници, ако не да се задолжува.

Во Буџетот на Европската Унија од 90 милијарди евра буџет, 40 милијарди евра се употребуваат за субенции, стимулации, помошти, донации во земјоделството. Македонија е дел од Европа. Македонија се стреми кон Европската Унија. А како може Македонија да стигне таму ако ние 1996 година ги укинавме сите субвенции во преговорите со Светската банка, кога министер за земјоделие беше еден друг министер во една друга политичка влада, 1996 година сите паметиме која политичка влада беше во македонија и од тогаш наваму во Република Македонија немавме субенционирање на производството. Фондот за земјоделие кој што е формиран во февруари месец 2002 година, и кој што оперативно почна да дејствува

во мај месец 2002 година, има задача токму да го спроведе тоа што Македонија го обезбеди во преговорите со Светската трговска организација, а Македонија обезбеди Светската трговска организација која што е идентична организација како што е ММФ во делот на поддршка на националните економии што тие можат да помагаат, дали тие можат да помагаат текстил, дали тие можат да помагаат извоз, дали тие можат да помагаат металуршки производи, дали тие можат да помагаат земјоделие.

Во Женева на 15 октомври се верифицираше документ во кој што Република Македонија се здоби со право после 7 години да го помага своето производство со 33,5 милиона евра, или близу милијарда деветстотини и педесет милиони денари. Тоа што Фондот за земјоделие успеа едвај со 400 милиони денари кредити да обезбеди поддршка на земјоделците, на земјоделците  кои што само во Македонија и во Албанија не се поддржувани во државата. Секаде во Европа, дури и во Србија и Црна Гора, во Босна и Херцеговина, во Бугарија, Словенија, Хрватска, Романија, секаде земјоделците се помагани. Тоа се фондовски субвенции. За илустрација само тутунското производство во соседна држава Грција, миналата година доби субвенција од 375 милиона евра за поддршка на нивниот ориентален тутун наречен басма. Тоа е мерки кои што се градат и кои што се спроведуваат во Европската Унија децении наназад, а кои што Република Македонија ги доби како право. Дури ни ММФ неможе да го потира тоа право кое што го дава Светската трговска организација. Затоа што ММФ води контрола на финансиските расходи и приходи на Буџетот, а Светската трговска организација дозволува Република Македонија одредено производство во конкретниот случај земјоделското производство да го помага во македонски износи со 2 милијарди денари, и министерот за финансии е должен да ги обезбеди тие средства затоа што тие средства вложени во земјоделието се враќаат десетократно. Едноставно со прости примери. Македонскиот агрокомплекс преку фондовски субвенции, ако се помогне сегашното учество во бруто општествениот производ изнесува 13,7%, а партиципацијата на Буџетот како расходи за поддршка на земјоделието во целина изнесува 1,3%. Ако спомениме дека македонските земјоделски домаќинства изнесуваат во број вкупно 226 илјади население или 11% и повеќе од македонската популација и дека тоа македонско земјоделско производство како со продолжена рака прехранбената индустрија и носи на Република Македонија близу 20% од севкупно остварениот извоз, треба да ни биде јасно дека вложените 2 милијарди денари во земјоделието

ќе овозмошат пораст и на земјоделското производство, ќе овозможат и пораст на брујто општествениот производ, ќе овозможат пониски цени на земјоделските производи, поголемо производство, поквалитетни производи, оти ние имаме и еколошка продукција, поголем извоз, повеќе девизи во девизните резерви и сето тао на крај се мултиплицира и со поголеми плаќа на Буџетот на Република Македонија

Од тука она што треба да биде компатабилно со програмата за структурно на македонската производна структура, како што тоа се прави во сите земји во транзиција покрај социјалните трансфери за преструктуирање во структурните реформи околу две милијарди денари ние мора да водиме сметка во делот на директното помагање на јавните претпријатија, во делот на тоа што претставува помагање во инвестиционата потрошувачка преку Буџетот и во делот на фондоските субвенции.

Кредитите што се земени можат да се вратат. Да ни послужи само фактот дека Република Македонија има и мобилизирано во стабилизационен фонд во Народната банка равно 100 милиони евра. 100 милиони евра кои што за ништо друго не служат освен да го чуваат фиксниот, преценет курс на македонскиот денар.

Од тука јасно е дека по дефиниција структурната реформа во РМ не може да значи само препуштање на пазарниот механизам и структурното реформирање затоа што затворањето на капацитетите што е почнато во Република Македонија оди до таму да ние од порано работоактивно население некаде околу 750 илјади граѓани на Република Македонија во овој момент во продуктивно освојување што значи и градење на општествениот производ учествуваат едвај200 илјади граѓани на Република Македонија. 120 илјади граѓани земаат плата со задоцнување од 3 до 6 месеци, претпријатија се затвараат секој ден, а тоа е благодарение на тој ригиден монетаристички тврд концепт кој што води грижа само со контролата на ММФ да се утврди колку девизни резерви има Република Македонија, колку ќе изнесва потрошувачката, не смееме да трошиме повеќе од тоа што тие ќе ни кажат, затоа што на крајот на краиштата тие водат сметка само за пласманите на доверителите во Лондонскиот и Парискиот клуб и ги билансираат билансите во делот на она што претставува девизни резерви, тоа што претставува потрошуачка, тоа што претставува буџетска политика и на крај секогаш нивните побарувања да бидат покриени со се камати од она што претставува тековна година на стопанисување во Република Македонија. Тоа е таа политика која што се води во РМ и тоа е таа политика која што се водеше и во Владата во која што бев јас, меѓутоа затоа

кажувам асполутно дека таа политика мора да се напушти ако сакаме РМ да оди по патот на развојот а не по патот што значи стагнација.

Инсистирањето Буџетот да биде избалансиран и да се намали буџетскиот дефицит од 3,1 на 1,6% е префрлување повторно на товарот на билансирањето во делот на она што претставува реален економски сектор кој што одамна, 12-та година по ред за пет или шест пати загубите се поголеми од добибвката. Реалниот економски сектор кој што треба да издржува околу 300 иљади, над 300 иљади невработени лица во кои што учествуваат и стечајни работници, и работници од ликвидирани фирми, кои што треба да издржуваат над 200 иљади пензионери, реалниот економски сектор, кој што повеќе нема сила и ако продолжиме со оваа политика македонската економска политика во делот на стабилизацијата ќе го однесе македонскиот економски реален сектор во таква состојба да тој нема реално да може овој буџетски дефицит што е планиран да го оствари со плаќањето на сите надлежности како што се такси, даноци, ДДВ и се она што претставува приход на Буџетот.

Втората економска димензија на буџетската политика треба да биде она што претставува набавки, она што претставува севкупни услуги, апарат на запослени во јавните служби кое што влијае на глобалната рамнотежа во потрошувачката, во нејзината структура и истовремено во територијалната распределба на потрошувачката во РМ.

Првиот пример за тоа е намалувањето на середствата во ставките за Бирото за стокови резерви од 400 милиони денари на 80 милиони денари, со што директно се оневозможува билансирање на понудата и побарувачката на стратешки производи, како што се масло, шеќер и сл. што директно влијае на стандардот на македонското население, кои што директно оневозможуваат македонските граѓани да имаат на пазарот производи кои што во даден момент и во дадена ситуација ќе ги нивелираат цените на тие производи кои што на друго ниво ги одржуваат цените на мало и на таков начин влијаат врз севкупната макроекономска, па и буџетска политика во РМ. Со ваков начин, со елиминирањето на функцијата на Бирото за стокови резерви, за илустрација само, најмоќни организации во САД се федералните резерви на САД, федерални резерви на злато, федерални резерви во пари и федерални резерви во стоки.

Вториот пример, со намалувањето на средствата на Буџетот во ставката на Бирото за неразвиени подрачја од 900 милиони на 300 милиони повторно се врши

територијална прераспределба при што територијата на РМ која што 65% е недоволно развиена, а во која што живее едван 30% од македонската популација ќе остане уште повеќе неразвиена, а другата територија од 35% со големите градски конгломерации (Скопје, Куманово и Тетово) кои што опфаќаат повеќе од 75% од македонското население со постојните проблеми што се јавуваат во овие градски конгломерации ќе придонесе до тоа да јазот помеѓу неразвиените и развиените биде поголем, а во економијата е јасно што значи поделеност на една територија, на една држава, на развиени и неразвиени, на западни и источни региони, на северни и јужни региони и тоа на крајот на краиштата ќе репертуира политички, социјални и економски последици во РМ. Од таму ваквиот пристап во Буџетот за помалку издвојување на средства во делот на Бирото за неразвиени подрачја ќе оневозможи оние малку луѓе што живеат во тие општини, како што е Малешевскиот регион, Струмичкиот, Тиквешкиот регион да не ги напуштаат своите огништа и колку толку Македонија во еден дисбилансиран, но сепак динамичен стопански развој да чекори во градењето, и покрај тоа што тешко ќе биде со ваква политика, на подобра иднина за своите помлади.

Третата димензија покрај финансиската и економската претставува политичката и социјална димензија на Буџетот. Значи, Буџетот апсорбира и распределува големи средства со целокупната структура на своите приходи и расходи ја одразува политиката што ја води државата. Политиката што ја води државата е политика која што го преферира капиталистичкиот производен однос. Во капиталистичкиот производен однос манифестацијата на таа политика е сопственоста, приватната сопственост. Ние во РМ изгледа сеуште со текот на времето сме застанале и не можеме да разбереме што значи сопственост и во кој дел државата како имател на огромен капитал не успеа да се снајде и не успеа да разбере што значи во капиталистичко општество сопственост. За илустрација само, во општествената сопственост 40 илјади стана во РМ во вредност над 2 милиони марки или над една милијарда евра се потцени и државата изгуби милијарда и 900 милиони марки, или 900 милиони евра со тоа што становите кои што вредат 50 илјади марки некои граѓани во РМ ги добија за 3,4 или 5000 марки, а некои граѓани на Република Македонија мораа за да добијат стан да ги продадат своите имоти стекнувани со генерации, или па уште пострашно имотите им биле одземени, па низ некоја правдољубивост што сега се наметнува имотите ќе им бидат вратени. Тоа е еден податок зошто Буџетот ќе биде вака рестриктиран. Затоа што ако вие изгубите

900 милиони евра за нешто што ви било сопственост и сте можеле да приходувате, да им го вратите на граѓаните низ инвестиции, низ помодерни училишта, низ помодерни здравствени услуги, низ тоа што значи подобра иднина за децата на РМ тогаш ќе сфатиме дека ние имаме андивалентен или небрижен однос кон сопственоста.

Или вториот податок, ако на почетокот на 1993 година кога се донесе Законот за приватизација беа 1216 претпријатија со проценета вредност од 3,3 милијарди марки или околу милијарда и 650 милиони евра и ако до 30.06.1998 година се уприходуваа едвај 200 милиони марки готови пари на буџетските сметки кои што во Министерството за финансии уредно и педантно ги водат преку агенциите за РМ ќе сфатиме дека ние таа општествена сопственост се потценила, се подјала и се уништила за милијарда и 550 милиони евра. Тоа неповратно изгубено богатство иницира повторно политички импликации Буџетот да биде вака како што е денес, да биде рестриктивен, да ги намалува средствата во Бирото за недоволно развиени подрачја, да ги намалува средствата во Фондот за земјоделие, да ги намалува средствата во други фондови за она што претставува тековно и нужно живеење на граѓаните во РМ.

Трет пример, ако за време на ембаргото кога РМ дневно, јас бев стопанственик во тоа време и знам колку камиони одеа дневно од Макеоднија за Србија, јас во Србија носев во тоа време млечни производи, поминуваа 300 камиони дневно, а се плаќаше такса од 1500 ДМ за камиот да излезе или да влезе во РМ тоа значи дека РМ во периодот на ембарго не губела средства туку заработувала средства и во тој период јас мислам дека требало да овозможат зголемери девизни резерви, зголемена буџетска екстензивна политика, односно експлицитна буџетска политика која што ќе значи помош, која што ќе значи реална развојна димензија на економијата на РМ, реална развојна димензија на вработување и реална развојна димензија на елиминирање на сиромаштијата на граѓаните на РМ. Се разбира не значи ова што го говорам за одредени грешки во буџетската политика не се иманентни во времето кога ние бевме на власт, затоа што времето на воведувањето на ДДВ беше време еден данок кој што е воведен во цела Европа овозможи ние да имаме една година и буџетски суфицит. И буџетскиот дефицит и буџетскиот суфицит по дефиниција и заради правдољубивост се негативни категории во Буџетот ако не се употребат за повторно динамички развојни цели и ако ММФ ви наложи на кој нчин и како ќе ги трошите пари, а повторно тие пари ќе ги трошите на начин кој пак ќе

значи стабилност на доверителите од Лондонскиот и Парискиот клуб кои што побаруваат пари од Македонија. И во крајна линија, и во крајна консеквенца нивната контрола се сведува на тоа да ги обезбедат своите побарувања. Или пак ако не ги обезбедат ќе се случи тоа што им се случи на Мексико и на Аргентина. Ќе им ги блокираат сметките во странските банки и затоа Народната банка на РМ ги чува нашите девизни резерви во Берк Бенкс Бен, во Дојче бен, не затоа што ние немаме трезори во Македонија, имаме многу добри трезори во Комерцијална банка, имаме многу добри трезори во Народна банка, туку затоа што ако не ги враќаме долговите тие ќе ни ги блокираат сметките и ќе си ги наплатат своите побарувања од РМ. Тоа е вистината. Ние од тоа може да бегаме, ние тоа може не сакаме да го признаеме, меѓутоа факт е дека на таков начин  градење и креирање на буџетска политика која што значи слепо пресликување на формулите кои што се спроведуваат од страна на меѓународнит еасоцијации, значи близначињата од Брентон Вуд 1944 година Светската банка и ММФ, Светската банка ги пласира капиталите на богатите земји, а ММФ го контролира во однос на тој пласман дали добро сиромашните луѓе си ги враќаат своите заеми.

Исто така тука се судираат интересите на стратифицирани групи на население. Ние сме во капиталистичко општество. Во капиталистичкото општество јасно се знае кои се богати, а кои се сиромашни, кој е среден слој, кои по функционална поделба се земјоделци, кои се индустриски работници, кои се вај каларс, белите околувратници и точно се знае поделбата како треба да оди на колачот. Тука повторно буџетската политика не е правдољубива затоа што се преферира индиректни даноци. При изборот на изворот на приходите се преферира ДДВ со 20 милијарди денари и веднаш да кажам без разлика колку и да говориме ние дека намалувањето на стапката од 19% на 18% нешто ќе значи, ДДВ планирано за 2002 година изнесуваше 16 милијарди денари, ДДВ планирано за 2003 година изнесува 20 милијарди денари, па вие самите проценете дали 20 милијарди денари почитувани пратеници се повеќе од 16 милијарди денари. И дали со намалувањето на стапката од 19 на 17% повеќе стопанството ќе плати ДДВ или помалку ќе плати стопанството ДДВ. Јасно е дека тие 4 милијарди денари некој ќе ги плати, а тоа е сепак многу поголемо даночно оптоваруање отколку што било оптоварувањето во 2002 година.

Исто така, ние имаме еден данок кој што многу вешто во РМ се избегнува а тоа е данокот на имот. Секаде во светот, за развиениот свет говорам, свет кон кој

што РМ се стреми, богатиот свет данокот на имот, читаме по новини како Борис веќе ги чува парите во Монако, не ги вложува во Германија или како татко и на Штефи Граф ги чува парите на друго место, не ги чува во Германија, затоа што таму на богатите поединци кои што заработуваат, државата им овозможила да заработуваат многу тие и најмногу треба да платат, за да во Германија, во областа Гронер има најмодерни улици и најмодерни згради, тие плаќаат 90 или 95% од тоа што го заработуваат. Тука во РМ сите граѓани се еднакви пред ДДВ, сите плаќаме еднакво, меѓутоа кога е во прашање данокот на имот сите плаќаме 200, 300 или 1000 денари за нашите станови, а некој има еден стан, некој има 10 стана, некој има три куќи, некој има пет коли, некој има незнам колку, треба да си плати тој повеќе. Тој механизам не е употребен, и данокот на имот и данокот на закуп, бидејќи во Македонија има многу станови, многу кирации, меѓутоа од тоа приходите, тоа што претставува буџетска корист, независно дали е буџетска корист за централниот буџет, или данокот на имот е буџетска придобивка е за единствената локална самоуправа, меѓутоа токму во единствената локална самоуправа најбогатите граѓани на кои што државата им обезбедила најмногу да заработат треба и најмногу да платат. Ние живееме во еден друг продукционен однос, не е како во времето до 90-тите години, ова е друго време и треба со тоа едноставно да расчистиме, треба да обезбедиме механизми и инструменти тој кој што државата му дала да заработи, тој треба на државата да и врати преку данокот на имот, односно дуплирајќи го својот имот или сите придобивки преку закупи, преку рентиерства да ги плати и на таков начин да овозможи и плитичка правда и социјална правда, а истовремено да овозможи и територијална рамномерна распределеност на потрошувачката во РМ, а тоа пак има возвратни импликации на економскиот развој на целата држава и на крајот се реперкуира во подбро живеење на граѓаните на Република Македонија.

Социјалната димензија јасно е дека невработеноста, која што се движи околу 36% во РМ, зависно дали податоците ги зимаме од Заводот за статистика или од Бирото за вработување, таа дилема веројатно Владата ќе успее да ја отстрани, меѓутоа таа невработеност со години по ред покрај сиромаштијата, 22% од македонското население е сиромашко население, а 36% од работоактивно население на РМ е население кое што не е вработен. Социјалната поддршка за решавање на овој најгорлив проблем за воопшто опстанокот на македонската држава и опстанокот на македонската економија е незадоволителна споредена со пропорциите на проблемот кој што на некој начин до таа мера ја оптоварува

македонската економија и македонското општество што може да прерасне во иднина во огромен социјален револт, во огромна катаклизматична состојба на македонското општество кое што може да реперкуира и со последици на државното устројство на РМ. И уште повеќе што се бара решение кое што е противуставно. Јасно е дека во понатамошните точки од дневниот ред ќе имаме еден закон кој што повторно, како што беше во други буџетски години, пледираше законот на некого да му се прости за тоа што не плаќал придонеси и давачки према Фондот за пензиско осигурување па со дисконт од 30 или 70% ќе ги плати тие давачки а некој што уредно плаќал, ќе мора цел живот да си плаќа уредно, тој ќе биде чесен граѓанин на РМ, тој ќе си ги подмирува давачките а друг ќе ги плаќа така како што ги плаќаше или пак сега повторно со противуставно решение ќе помагаме одредена категорија на граѓани во РМ, одредена категорија на стопанственици, а другите ќе бидат должни на својот грб да ги носат и тие кои што не работеле чесно, кои што не работеле принципиелно и кои што на таков начин ќе сиздаде во РМ нелојална конкуренција, која што нелојална конкуренција повторно ќе има социјални, би рекол последици во РМ. Тие социјални последици ќе бидат јасни, ќе биде незадоволство на граѓаните кои што се оштетени, кои што работат чесно, кои што секој месец на 5 или 15 си ги плаќаат своите дабвачки према државата и граѓани кои што ќе бидат бенифицирани зошто нивните придонеси некој друг ќе им ги плати повторно преку Буџетот. А сите реков, во ставките царина, во ставките ДДВ, во ставките административни такси, во ставките судски такси, плаќаме еднакво пред државата.

Оттука излезот е повторно во експанзивна развојна и динамична политика, таа развојна и динамична политика треба да биде на друг начин решавање на проблемот на невработеноста. Во едно друго време, пак ќе кажам, во други политички валди имаше една Агенција за развој односно проекти за следење и унапредување на проекти за развој на мали и средни претпријатија, тоа беше НЕПА, сега се формира Банка за микрокредитирање и Буџетот на Република Македонија треба да си ги обезбеди своите функционални потенцијали, своите функционални ресурси, тоа се паричните средства што ги има , да си го употреби својот стабилизационен фонд, Владата да си ги употреби можностите за влијание врз Народната банка на Република Македонија, девизните резерви функционално да бидат користени барем во делот на она што значи ново вработување или поттикнување на извозот, нешто во експозето на министерот за финансии е спомнато, значи за подршка на извозот со формирање на извозен гарантен фонд

повторно треба да бидат во функција девизните резерви и биле во функција и секогаш треба да бидат, но она што е битно-вработувањето, ние мора да го решиме преку кредитни линии за мали и средни претпријатија кои ќе даваат кредити на оние претпријатија кои ќе вработат 5, 10, 15, 20 луѓе. Во Република Македонија Светската банка го утврди нормативот. Просечно за едно работно место треба 12 илјади долари или 11 илјади евра. Сега можеме да пресметаме, ако одиме со стапка од 30 до 40 илјади вработувања колку треба да дадеме микро кредити, да формираме таква микокредитна линија која ќе овозможи вработување на 30, 40, 50 илјади вработувања во Македонија и на таков начин ќе овозможиме реано вработување, ќе бидат сите еднакви пред Уставот на РМ и пред законите на Република Македонија. Во иста насока е и заложбата Буџетот да води сметка , јас со амандман ќе се произнесам Фондот за земјоделие 91 илјада активно работоспособено население или 91 илјада земјоделци во Република Македонија кои никаде не се регистрирани да ги подведе во графата согласно Законто за земјоделската дејност-регистриран индивидуален земјоделец, да им овозможи повторно микокредитна линија од делот на она што значи преку банката за микрокредитирање или преку новите инструменти како што се ИФАД-1 и ИФАД-2 со странска кредитна линија само на оние кои ќе се регистрираат како Земјоделци и на таков начин ние можеме во текто на една буџетска година во делот на индустриското производство, туризмот, во делот на она што значи трговија, во делот на земјоделието сигурно да вработиме над 50 илјади граѓани на РМ само со 11 илјади евра по едно работно место, тоа е проценка на Светската банка, па можете да пресметате колку пари треба да издвоиме и на каков начин да го решаваме тој горлив проблем односно најакутен проблем во македонската економија и тука мораме најмногу внимание да посветиме, треба да посветиме најмногу напори и истовремено треба да дадеме најмногу средства , а со она што значи поттикнување на вработување од 600 милиони денари или 10 милиони евра, ние тоа не го правиме, ние тоа не го решаваме.

Како резиме би сакал да кажам Буџетот во 2003 година како дел од макроекономската политика на државата не обезбедува еквилибриум помеѓу првата монетарна и фискална политика со издвоениот стабилизационен фонд од 100 милиони евра во Народната банка, со кратењето на 30 милиони евра минатата година во времето на изборна година од средствата од Телеком беа ускратеи милијарда и 200 милиони денари за инвестиции за проекти што беа , а оваа година , ќе ми простите немам точно пресметано колку милиони евра ќе бидат ускратени од

средствата од Телеком кои граѓаните на Македонија ги инвестирале преку општествената сопственост и преку инвестициониот циклус треба да им се вратат низ инвестиции , тоа се ускратува исто така со неинвестирања на средствата од приватизацијата воопшто и во минатите години 9, 10 години од 1993 година наваму и нивно користење само за отплата на странскит еи домашните долгови во Република Македонија не ги користи Буџетот своите финансиски потенцијали за развојни цели, туку ќе придонесе заедно со тој тврд монетаристички, ригиден курс за натамошна голгота на македнската економија што претставува единствена и основна материјална претпоставка за финансиската основа на јавната потроувачка и тоа на крајто на краиштата пак се сведува дали Буџетот е во функција на граѓаните на РМ или не е во функција и пак сме во волшебниот круг на невработеност, сиромаштија и безнадежност. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Ѓорчев.

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Парламентот, почитувнаи колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Изгледа дека културата е многу значаен елемент дури и во Буџетот на Република Македонија за 2003 година, бидејки еден дискутант зборуваше за сферата на културата, а јас ќе останам во таа сфера, бидејки не сум компетентна , не сум ниту од сферата на економијата ниту од сферата на финансиите, ќе се држам за сферата на културата.

Од министерот за финансии беше истакнато дека поради прекумерното трошење на претходната Влада една од главните мерки се мерките за мобилизирање на штедењето. Тоа штедење е евидентно во сферата на културата. Поголем број поткатегории, поголем број потставки покажуваат дека во одредени дејности каде што се ангажираат стручни услуги во филмската дејност, во сценскоуметничката дејност, во заштитата на спомениците на културата, во ликовната, во музејската дејност може да се отежне реализацијата на проектите, бидјеки во овие институции тие се реализираат со ангажирање на надворешни

соработници, а бидејки има ограничување во новите вработувања тоа отежнување може да ги доведе во прашање реализацијата на проектите.

Што се однесвуа на прегледот по дејности , може да се каже дека во дејностите од обласа на културата на голем број дејности се задржани на минатогодишно ниво, а онаму каде што има скратување на дјностите тие се направени кај оние дејности кои во претходните години биле префорсирани, па на овој начин сега ќе се избалансираат дејностите според финансирањето.

Она што мене најмногу ме загрижува и што за мене претставува најголем проблем е одбележувањето на 100-те години од Илинден односно 100-те години од Македонската државност и е влезено во Буџетот за 2003 година на Република Македонија.

На Комисијата за култура расправавме за овој проблем уште пред десетина дена и тогаш констатиравме дека најголемиот број од дејностите во културата односно најголем број партиципиенти во дејностите на културата кои ќе ги реализираат програмите сврзани за одблежувањето Стогодишнината од Илинден односно 100-те години од Македонската државност нема да добијат средства за реализација на овие проекти, бидејки ги нема никаде во Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Комисијата за култура сакаше да поднесе амандман за оваа точка, меѓутоа, сметаше дека е подобро да се консултираме со Владата и претставницит ена Министерството за финансии најдоа можност да не уверат дека ќе се обидат да најдат начин како да се надмине овој проблем.

Проблемот е во тоа што Комисијата за култура работеше многу активно во текот на месец декември и во текто на месец јануари трудејки се да ја направи програмата за одбележување на значајни датуми, личности за 2003 година и согледувајки дека во 2003 година ќе се соочиме со едно големо значајно одбележување, а тоа се 100-те години од Илинден и 100-те години од Македонската државност и други значајни настани и личности кои влегуваат во ова одбележување односно со 100-те години од Македонската државност сметаше дека треба да му предложи на Собранието овој дел од одбележувањето да се извлече од програмата и да се одбележува посебно.

Собранието го прифати предлогот на Комисијата за култура и на седницата од 24 јануари 2003 година донесе Одлука да се формира посебен Одбор. Тој Одбор се формира еден месец подоцна што значи на 25 февруари, а еве денеска е 24 март

можам да констатирам дека и после еден месец одборот не се состана , а она што мене особено ме засега е дека одборот не доставил никаква финансиска констукција за одбележувањето на 100-те години  Илинден односно 100-те години од Македонската државност и сите значајни датуми и личности кои би влегле во ова одбележување.

Проблемот да биде поголем реков дека дејностите во најголем дел влегуваат во рамките на културата околу 70% од сите оние настани кои треба да се одбележат , тука влегуваат големи и значајни изложби кои ќе одат во повеќе градови во Републиката, потоа сценско уметнички дела, потоа тркалезни маси, трибини, издавачка дејност која е многу значајна за овој сегмент, меѓутоа, тука влегуваат и значајни симпозиуми кои треба да ги организира Министерството за образование и наука, се разбира, тука влегува и програмата на МАНУ која нема да се реализира само во сегментот на одбележувањето на 100-те години од Илинденското востание односно 100-те години  од Македонската државност, туку ќе се одбележуваат и 100-те години од излегувањето на книгата на Крсте Мисирков “ За македонските работи”. МРТВ влегува во сегмент на одбележување потоа други значајни настани како што се Десет дена Крушевска Република, за сите нив во Буџетот нема ставка односно не се знае како ќе се финансираат овие проекти.

Тука секако не треба да го заборавиме и елементот на главното одбележување на 100-те години од Македонската државност која ќе треба да се одблежи на 2 Август за кој секако ќе требаат посебни средства, а тоа секако ќе треба да го реализира Министерството за култура преку сценско уметничката дејност.

Се поставува прашањето како ќе се ајдат овие средства за одбележување на овој значаен јубилеј односно 100-те години од Илинден и 100-те години од Македонската државност. Одборот кој е формиран пред еден месец на ова не реагирал и Владата ќе биде таа што ќе мроа д аизнајде средства и начини РМ навистина достоинствено и достојно да го одбележи јубилејот 1903-2003 година.

Меѓутоа, би сакала да кажам дека ова не беше проблем со кој се соочува Владата, Министерството за финансии , бидејки не се виновни што не е влезено во Буџетот, но се надевам дека ќе најдат начин овој проблем да се надмине.

Би сакала да кажам дека што се однесвуа до ссверата н акултурата во Буџетот за 2003 година има голем број позитивни аспекти што секако ќе не натераат односно ќе не насочат кон тоа да гласаме за Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Го нагласив штедењето на Владата кое е проектирано во сите сфери на финансирањето се однесува дека 10% има скратување во сите дејнсоти кои се финансираат со Буџетот на РМ. Што се однесвуа до сферата на културата тука скратувањата се помали и изнесуваат 7,3% што е за поздраввување, бидејќи очигледно Владата водела сметка за финансирање на културата во 2003 година.

Исто така постои зголемвување на иницијалниот буџет за 3,93% или 22 милиони и 500 што исто така покажува дека за културата од Министерството за финансии односно Владата на РМ е водено сметка и она што посебно ме радува дека се воведени тековни трансфери и субвенции , трансфери за поддршка на младите таленти е воведена нова ставка која не постоела во 2002 година тоа е поддршка на младите таленти со одредена сума од 2,5 милиони денари.

Сето ова е позитивно во областа на културата и заради сето ова потоа поради насокит ена Валдата за зголемвувањето на вработеноста, мобилизирањето на штедењето, кон поттикнувањето наизвозот, кон програмата за претприемништво и развој на мали и средни претпријатија и завршувањето на процесот на приватизацијата заради сето тоа ќе гласам за Буџетот на РМ за 2003 година со надеж дека Владата односно Министерството за финансии ќе најдат можности и начини одбележувањето на 100-те години од Илинден односно 100-те години на Македонската државност навистина достоинствено и достојно да се одблежи во Република Македонија. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам на госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска,

Има збор господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитувана потпретседателеке, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата,

Донесувањето на годишен Буџет на една држава е многу важен и битен момент во државата. Однего зависи во голема мера развојот или опаѓањето на одредени дејности во држават ашто претставуваат витален елемент во нејзиното функционирање. Тоа претставув аеден вид регулатор на општествenит епотреби и двигател на општествените сили. Средствата во Буџетот се собираат од народот и се наменуваат за општите потреби на народот и државата.

Овогодишниот Буџет почитувани дами и господа во споредба со ланскиот е намален за околу 5 до 10% и тоа значи за толку ќе се намалат и дејностите што се финансираат преку Буџетот, а тоа е враќање назад наместо да е движи напред, што е интенција на секое прогресивно општество.

За причините околу намалувањето на Буџетот и за моето видување како да се поправи  сета оваа економска положба што се рефлектира и во Буџетот ќе кажам малку подолу, а сега почитувани колеги пратеници сакам да го свртам вашето почитувано внимани еоколу Буџетто во областа н акултурата, образованието, науката, области што многу добро ги знам, бидејки целиот работен век го поминав во нив.

Сите знаеме дека овие области се битен фактор во општеството. Од нив зависикаков развој ќе имаме во државата. Образованието ги дава кадрите, науката мислата и решенијата, а културата духот без кој општеството би било збир на дивјаци. Токму овие битни области во овогодишнито државен Буџет во одредени стафки неоправдано се намалени во споредба со ланскито Буџет. Така на пример финансирањето на дејнсотите од областа на културата се намалени во издавачката дејнсот, заШтитата на спомениците на културата и во културно уметничките манифестации.

Почитувани дами и господа мислам дкеа овде нема човек кој размислува со својот ум да го оправда намалувањето на средстват анаменети за издавачка дејност кога се знае дек аиздавачката дејнсот т.е. книгата е извор на сите знаења, а секое нејзино намалување , па макар и симболично е штетно. Издаваштвото мора да оди само напред. Знаеме каков револт и негодување предизвика најавата на минситерот за финансии Петар Гошев дека ќе го зголеми ДДВ на книгата од 5 на 18% и благодарение на силниот притисок од културната јавност особено од опозицијата барем за сега останув апостаро. Што можеме да кажеме за скратувањето на средствата за заштитата на спомениците на културата?

Ние македонците пред светот можеме со гордост да е пофалиме дека нашите претци во невреме и ропство создале прекрасни цркви, манастири, мостови и други градби, изнапишале прекрасни книги и создале разни уметнички дела , фрески, икони и друго, а нам ни останува во ова време на самобитност и слобода само да го заштитуваме и зачуваме, но еве ни тоа не го правимекако што треба, туку и од тоа скратуваме и недоволно и споро го заштитуваме.

Скратени се средствата и во културно уметничките манифестации иако се знае дека оваа година треба да има повеќе културно-уметнички манифестации преку кои ќе се одбележи 100 годиишнината од Иленденското востание нашата гордост и достоинство.

Образованието е едно од битните фактори во општеството, а секогаш кај нас било на опашката, па дури сега во овој Буџет во стафката на високото образование, во науката и научните институти е намалено во однос на ланскиот.

Дали може почитувани дами и господа пратеници, да оди едно општество напред со намален Буџет во овие суштински области и институции како што се високото образованеи, науката и научнит еинститути каде што се создава високо образован кадар кој треба општеството во сите сфери од неговото живеење , потоа наукат аи научнит еинститути каде Што се создава научната мисла за минатото, сегашноста и визија за иднината. На ова прашање мислам дека одговорот е јасен нема напредок без образованеи, наука и култура. За сите овие прашања имам поднесено амандмани и ќе бидам среќен ако се прифатат, а со тоа барем малку нешто ќе се ублажи.

На крајто почитувнаи дами и господа пратеници сакам да си го кажам моето општо мислење по Буџетот. Како што гледам овој Буџет за оваа година е рестриктивен. Одредени области се враќаат назад за околу 5 до 10% што е многу во однос на општествениот прогрес. Ние треба да одиме за 20% напред како би можеле да се доближиме до средно развиените земји во Европа и во одредени области Што се финансираат во Буџетот на државата. Само така можеме да се надеваме дека еден ден ќе влеземе во Европската Унија. Тоа може да се постигне не со рестриктивен, туку со стимулативен Буџет во одредени области во државата. Овде сега се наметнува најважното прашање зошто Буџетот е рестриктивен т.е. намален. На секој од нас ни е јасно , бидејки се нема пари. Причини за немање пари во државата почитувани дами и господа има многу како на пример истрошеност од војната, транзиција на општеството, недомаќинско работење, криминал и друго. Во претходната Влада имаше бегалска криза, војна, тешки реформи, разрушување и ред други непогодности, но сепак Буџетот никогаш не беше рестриктивен, туку стимулативен. По 8 годишните замрзнати плати на буџетарите претходната влада успеа да ги покачи платите за околу 15 до 20%, а за дејностите да не зборуваме, секогаш биле стимулативни.

Се истрошија капитални археолошки ископувања, обновувања, реставрирања, изградувања на ред други дејности од буџетските средства. Тоа не значи дека се е завршено и сега нема што да се раб оти. Напротив, мојата сугестија е дека треба да се продолжи со посилно темпо. Но, како да се дојде до поголеми средства во буџетот. Како што моментално стојат работите, пожитувани дами и господа, никако.Зошто никако? Затоа што, зборуваме за буџетот, а тоа е пред се стопанството, вработените луѓе моментално се наоѓаат во тотална дисхармонија, летаргија, замрзнатост и деструктивност. Тоа е последица во доволна мера од неинвентивноста и неспособноста на Владата. Таа, наместо да изнаоѓа механизми за стимулирање на стопанските субјекти изнаоѓа разни причини за некакви ревизии, контроли и разни други заплашувања, наводно спречување на криминал, а се со цел да им се у бие и онака слабата волја за преземање на било какви поголеми производни ефекти, бизниси, плашејќи се дека ќе бидат осудени за криминал или несовесно работење. Тоа е едната страна. А, пак, од друга сстрана Владата директно или индиректно го форсира работничкото незадоволство од наводно лошата и неоправдана приватизација, што доведува до разни штрајкови, неработење и уништување на и онака слабите организации, а со тоа се одвраќаат и странските инвеститори и предузимачите.

Овде, во доволна мера се виновни изборите и корумпирани судови, што предметите ги влечат со години и на тој начин се уништува и стопанството.

Сосема на крај почитувани дами и господа пратеници, сакам да укажам дека единствен начин за побогат буџет и воопшто за просперитет на народот и на државата е стимулирање на приватниот ссектор и продуктивното обработување во тој сектор. Тоа може да се постигне само со квалитетно и стабилно кредитирање и либералилзирање на старите бирократски односи, отворајќи можност за странски инветиции и паметни иницијативи. Благодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на г-динот Михајло Георгиевски.

За збор се јави г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитувана потпретседателке на парламентот, почитувани пратеници, вистина е дека буџетот претставува најзначаен акт во текот на тодината во секое општество и разбирливо е во овој правец дека е значаен исто така и за Македонија, бидејќи преку него фактички се врши билансот на приходите и на расходите и на

таков начин функционираат институциите, функционира економијата, функционира културата. За Македонија е уште една карактеристика дека овој буџет или дека овој акт треба да биде и во функција на тоа да реализира една кохезија, балансирања и на заедниците и етничките заедници. Тука има една двојна улога, да речеме, условно, покрај таа традиционална, принципиелната. Токму за овој сегмент е и мојата интервенција да дискутирам за ова прашање, иако не можам да речам дека сум експерт од областа или за оваа област.

Според површната анализа, за жал, мислам дека овој буџет, оваа последна компонента не ја реализира и мислам дека тоа е еден голем хендикеп, еден голем недостаток, бидејќи и Владата и опозицијата и граѓаните во Македонија знаат дека приоритетна цел на сите институции е што побрзо и на поефективен начин да ја реализираме Охридската спогодба. Зошто го велам ова? Го велам од причина што се забележува дека во самиот збор, во воведниот збор на г-динот министер на последите страници така површно малку ја спомнува Охридската спогодба или Охридскиот договор. Ова сигурно се случи по дебатата што ја имавме и во парламентарната комисија за буџетот ии ги спомнува овие цели. Но, треба да нагласам дека додека во деловите од буџетот немаме определено на дециден начин средства , определени средства за нивно реализирање, тие остануваат само на политижки декларирани зборови. Нас во овој момент не ни се потребни манифести. Нас ни се потребни средства да ја реализираме Охридската спогодба и тоа, особено, во делот кој се однесува за образованието и во делот кој се однесува со пропорционалната презентација на етничките заедници во државната администрација.

Ќе го нагласам и тоа како бивш член на Владата, неможам да се согласам и мислам дека ова е арбитрарно што се однесува до статистичкиот податок дека 11,7% албанци се вработени во државната администрација. За жал, во класичниот државен дел не го надминува бројот од 4 или 5%. Што се однесува, пак, доколку го вклучиме тука образованието, се разбира, овој број пропорционално можеме да збориме од 7 до 8%, а не за 11,7%. Затоа, и не е за верување дека со зголемување од 2% може да се постигне оваа цел кон која претендираме, бидејќи во материјалните делови во буџетот не се предвидени средства. Бидејќи, честопати се спомна полицијата и армијата, војската и тоа униформираниот дел, а не цивилниот дел, тоа е еден посебен дел, за кој сме се договориле во Охрид. И, може би еден посебен сепарат, освен полицијата, не може да се повикуваме на тие 500 или 400-

тини што се опфаќаат на една одредена динамика. Повторно ќе нагласам и повторувам, доколку во Буџетот немаме децидни средства, конкретни, доколку немаме одредени рокови, доколку немаме одговорност и одговорни  за носители на овие активности, за жал, ние не можеме да им веруваме на зборовите на министерот, кој на крајот ги нагласи дека ќе се реализира Охридската спогодба. Бидејќи, секое право кое што не е аплицирано, тоа не е право. Во овој случај не е аплицирано, бидејќи немаме ниту рокови, немаме ниту средства, немаме ниту носители на акциите.

Друга причина се гледа во сверата на јавната потрошувачка, која што е многу чувствителна, каде што се реализира компонентата која што ја нагласив и имаме неколлку активности, кои што се во спротивност, имаме повлечени средства од некои, пред се средства, од телекомот, како што е Велешта, Врапчиште, Неготино, мислам дека и Арачиново тука влегува, што е симптоматично дека буџетот не го најде за потребно и локалната самоуправа во Дебар што беа опожарени, не најде да изнајде односно да додели средства за санирање на оваа итна состојба.

Затоа, мое мислење е дека Владата  не го направила тоа што го имала како обврска и затоа останува само на декларации за децидно остварување на Охридскиот договор.

Затоа, предложив два амандмани кои се однесуваат за финансирањето на еден универзитет или основање на еден јавен универзитет, кој ќе се финансира од Буџетот. Договор и обврска преземени од Охрид и тоа не е направено со овој буџет. Второ, односно вториот амандман се однесува за поделбата на средствата во вклучувањето на Албанците или пак на другите заедници во државната аднминистрација. Сигурно, може да се дискутира за шуми, за средства, за начини, номислам дека Владата треба да ги прифати овие два амандмани. Мислам дека и пратениците треба да им дадат поддршка, бидејќи се во функција на постигнување на два многу значајни компоненти за сите нас. Мислам, а министерот го нагласи тоа дека буџетот е направен во координација со ММФ. Доколку, буџетот е направен во таа координација, предвиден е Буџетски дефицит од 7,8 или 10%. ММФ е многу добро запознат со ова прашање и сигурно ќе дозволи некој повисок дефицит за оваа цел, за оваа дестинација. Но, нагласувам повторно и во внатрешното дистрибуирање на средствата постојат простори, ова да се реализира.

Вие знаете дека имаме едно фрапантно зголемување на средствата за Собранието на Републиката, дури, доколку не се лажам, некколку стотици милиони,

а јас сум навистина сигурен дека многу поприоритетно е овие средства, еден дел од овие средства или од дрдуги средства, што за жал и Министерството за образование требаше ова да го има предвид да, ги дестинира за финансирање или да започне една процедура на основање на јавен универзитет за албанците во Македонија.

Затоа, несакам многу да должам, но уште еднаш упатувам апел на сите, а особено до Владата, овие два амандмани да ги анализира и со одговорност, мислам дека до овој момент, за да подобриме една направена грешка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на г-динот Насуфи.

Збор има г-ѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван Претседателе,

Почитувани министри и колеги пратеници,

На денешната седница на Собранието на Република Македонија имаме за разгледување еден исклучително важен документ, а тоа е предлог - буџетот на РМ за 2003 година со сите негови прилози.

Всушност, со овој документ почнува реализацијата на она што се нарекува одговорна власт, која домаќински настојува да го среди хаосот по еден тајфун што помина, по едно неодговорно однесување на претходната власт, која не водеше сметка дали чергата е доволно долга да ни ги покрие нозете.

По онаа народна поговорка, "повеќе пати мери, еднаш сечи!", секако изготвувачите на буџетот повеќе пати анализирале, споредувале, кроеле и прекројувале и на крајот соочени со фактот дека чергата е пократка од нашите долги нозе", ни го скроија овој рестриктивен буџет. Многуте буџетскии корисници научени на покомотен живот во изминатите години, ќе бидат разочарани, но време е да се натераат на подомаќинско и поодговорно трошење на народните средства.

Дека нема да ни биде лесно, тоа е повеќе од познато, но дека Владата има цврст курс да истрае и да овозможи од дното полека да почнема да се искачуваме нагоре, да ја здогледаме светлината на крајот од тунелот, во тоа верувам. Можеби не најпопуларно, преку дисциплинирање на буџетските корисници и намалување на нивните апетити, но од некаде мора да се почне. А зошто да не е токму од оние кои комотно ги трошат народните пари, и дека на тоа комотно однесување мора да има крај?

Време е да почнеме да размислуваме дека армијата невработени, стечајци, социјалци и слични категории, немаат уште многу трпение и не можат да сфатат дека во некое Министерство е побитно да се набави луксузен мебел или скап автомобил, отколку да се реши барем некој нивни случај.

Не може постојано оправдување да ни биде дека премногу трошевме во изминатата година поради воениот конфликт, а во се друго бевме примерни.

И најповршните анализи на некои буџетски ставки во расходниот дел од 2002 година ќе ни ја кренат косата на глава од нивната висина.

Па, зарем, 11 207 новоработени лица во 2002 година, во најголем дел примени пред изборите на товар на буџетот и во јавните претпријатија се трошоци од воениот конфликт? Па тоа се 16% од вкупно 70.000 вработени на товар на буџетот, или од 105000 вработени во државната администрација тоа е околлу 10%. Таков луксуз не можат да си дозволат ни поразвиени економии од нашата! Не дека некој има против дека не треба да има вработувања, но такви вработувања, без оглас, без конкурс, без исполнување услови за соодветно работно место во поглед на квалификационата спрема подготовка и рабвотното искуство со изигрување на позитивните прописи, не е решение на проблемот во нормална држава. Во нормални држави приоритет се дава на отварање продуктивни работни места,. кои ќе создадат можности и услови за полнење на државната каса, а не за најзино празнење. Таквото недоговорно однесување падна на плеќите на народот. Па резот сега мора да биде и длабок и голем! Укинувањето на данокот на финансиски трансакции, т.н. од “воен данок”, чие постоење по веќе не можеше да се оправда, а од кој во 2002 година се собраа 6,4 милјарди денари од деловните субјекти мораше да биде надополнет со други извори на приходи, така да неминовно беше да се зголеми општата стапка на ДДВ од 5% на 18%, а да се намали онаа онаа од 19% на 18% за да се покрие платата и на тие новопримени работници и обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор, односно нови 1500 вработувања на товар на буџетот, од кои 600 припадници од етничките малцинства во МВР и 900 професионални војници во министерството за одбрана, а и зголемувањето на платите во јавната администрација и 8% на пензионерите, и 46% на полициските пензионери.

Анализирајќи ги расходните ставки по пооделни корисници, не можеме, а да не заклучиме дека нашиот буџет е, пред се, социјален, а помалку развоен, што е и нормално кога сме се декларирале за социјална држава. Во условикога

проектираните вкупни приходи се помали од 2002 година за 4% или за 2,5 милијарди денари, а расходната страна е поголема ѕа 4,072 милијарди денари што се јавува како буџетски дефицит, секако дека мора да се најде извор од каде ќе се покрие тој минус, но тоа да не предизика негативни ефекти во домашната економија. И кога сме зависни од странските донации и меѓународните финансиски институции за покривање на буџетскиот минус, нормално е дека правилата на игра мора да се почитуваат. Споредувајќи ги буџетските ставки, неминовно се наметнува заклучокот дека во оваа буџетска година дефицитот е помал за 55% или за 4,854 милијарди денари, што е постигнато со намалување на расходната страна за 7,330 милијарди денари и покрај помалите приходи за 2,47 милијарди денари. Анализирајќи ја приходната страна на централниот буџет неминовно се наметнува заклучокот дека државата во полнењето на буџетската каса, во прв ред се потпира на даночните приходи, кои се очекува да се остварат во износ ос 51,739 милијарди денари и кои што во структурата на приходите учествуваат со скоро 94%, а со околу 5% учествуваат неданочните приходи (2,807 милијарди денари) и околу 1% за капиталните приходи. Приходите од Персоналниот данок се планирани со порст од 5% приходите од данокот на добивка со 6% приходите од ДДВ со 15%, акцизите со 2% и увозните давачки со 3%. Анализирајќи ја расходната страна на централниот буџет, заклучоците би биле следни:

Вкупните расходи се намалени за 9,6%, или ѕа 7.333 милијарди денари; средства кои остануваат во стопанството за негова консолидација.

Платите, надоместоците и наемнините имаат пораст од 13% (во маса) поради погоре наведените причини;

Трошоците за стоки и услуги се помали за 23%, или за 2 милјарди денари, што е позитивно имајќи ги во предвид нерационално високите ставки по тој основ кај пооделни буџетски корисници во 2002 година, намалени се и расходите за купување на капитални средства за 28%, а додека сите останати ставки кои значат решавање на проблемот на бегалците, трошоците за структурни реформи, детски додатоци, воени инвалиди, социјално загрозени и слични категории се планирани во потребниот износ.

А тоа што во помал обем се планирани средства за капитални средства и за Бирото за неразвиени е и нормално во услови кога токму во таа институција што ја спомнувам последна се констатирани и најголеми нерационалнлости во одобрувањето и користењето на народните пари, кои наместо да се стават во

функција на решавање на најгорливите проблеми во неразвиените подрачја, во голем дел се ставени во функција на решавање на поединечни проблеми, односно развој на поединци.

Се надевам дека и граѓаните ќе сватат дека овој пристап е позитивен и дека ефектите од сите мерки што се нудат ќе се почуствуваат наскоро и тоа ќе биде и едно големо олеснување за стопанствениците и поттик за приватната иницијатива.

Заради таквиот пристап во изработката на буџетот јас ќе го прифатам предложениот предлог за 2003 година, и ќе гласам за истиот бидејќи се води сметка за приоритетите и истиот се вклопува во сите оние зацртани мерки што ги предлага Владата за остварувње политика на фискална стабилизација на среден рок и враќање на дел од народните пари во функција на стопанството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И благодариме на госпоѓата Емилија Костадинова.

За збор се јави господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Во согласност со макроекономската политика во рамките во кои се подготвува буџетот со кои се врши годишна пресметка за расходите и приходите, проектите за пораст од 3% и на инфлацијата од 3% претставуваат главна основа за оваа политика во текот на конципирањето на овој Предлог буџет. Со предлог буџетот за оваа година се предвидуваат приходи од 55,162 милиони денари, што во споредба со минатата година претставува намалување од отприлика 5,2%. Главен извор за овие приходи несомнено претставуваат приходите кои се реализираат од даноците, чија сума се планира да постигне 51,700 и нешто милиони денари односно 93 и нешто посто од општите приходи. Главниот приход се очекува да биде ДДВ, чија сума се очекува да постигне 23,52 милиони денари, што во споредба со минатата година е за 14,5% повисока. Овој пораст сигурно ќе се реализира со самиот факт дека се очекува да се измени и Законот за ДДВ, со што многу производи и услуги, кои се оддалечуваат од олеснителната даночна стапка од 5%, со предложените измени ќе се опфатат и процентот од општата стапка од 18%.

Сметам дека овие измени се неопходни, со самиот факт дека тенденцијата на сегашната Влада е да обезбеди една финансиска консолидација подолгорочна и на полдогорочна основа да ги намали каматните стапки и пред се да изврши компензација на приходите кои се реализираат од данокот врз финансиски трансакции кои што навистина претставуваше еден голем додатен товар за економските субјекти.

Друг извор за реализација на приходите и персоналниот данок чија општа сума за 2003 се очекува да постигне 7,902 милиони денари, што претставува 5,2% повисоко од минатата година. Ова повишување на приходите е резултат на повишувањето на платите во јавната администрација, која беше направено во средината на минатата година од данокот на добивка што претставува, исто така еден извор, се предвидува да се реализираат приходи во висина од 2,718 денари, што исто така во споредба со претходниот период се предвидува да порасне за 6%.

Сметам дека овој пораст ќе се реализира, доколку сегашната власт продолжи со својата работа во насока на реализација на сегашната политичка ситуација, а вистинската нормализација сигурно ќе влијае врз порастот на инвестициите во приватниот сектор. Изгледа дека во споредба со претходната година во оваа година се очекува пораст на приходи од сите видови на даноци, вклучително и приходите од акцизите, како посебен вид на данок, каде се предвидува пораст од 3,6%.

Анализирајќи ги приходите кои се планирани од царината за 2003 година врз основа на предвидените позиции во билансот на приходите, приходите од царините, од правните лица се очекува да бидат пониски во споредба со 2002 година, а приходите од царината од физичките лица се предвидува да се дуплираат. Овој факт е за мене личен, тешко дека ќе се реализира.

Во споредба со минатата година оваа година се очекува намалување на приходите што е резултат на намалување на просечната царинска стапка, а намалувањето на оваа стапка е резултат, како што знаеме на зачленувањето на Република Македонија  во ЕСТО и хармонизација на нејзината регулатива со онаа на ЕСТО.

Што се однесува до општите трошоци со Предлог буџетот, овие трошоци се планира да бидат 59,200 и нешто милиони денари, што во споредба со предходната година исто така, има намалување на трошоци од отприлика 9,6%, факт што го покажува рестриктивниот карактер на овој Предлог буџет.

Според податоците кои се однесуваат на трошоците, според искажаните позиции и според целта на ниво на потпозиции, најголемите трошоци се предвидени за основните исплати од внатрешниот долг, било тоа од облигационите, или долгорочните кредити, или основната исплата од надворешниот долг, каде основната исплата е конкредиторите на Парискиот клуб.

На се мали ни трошоците кои се предвидени за исплата на позицијата 451, 452 во однос на каматите од внатрешниот долг, трошоци кои во оваа година се очекува да се намалат за 11,2% и тој надворешен кој во оваа година се очекува да се намали за 15,1% и што е резултат на намалувањето на проектираните средства врз основа на внатрешната обврска на Македонија. И покрај сите овие тенденции овие податоци јасно кажуваат за обврската на Македонија надворешно или внатрешно. Има значајни измени во позициите кои се пресметани за трошоците за стоки и услуги, каде за 2000 година се предвидува намалување на овој вид трошоци, што е нормално, после завршувањето на кризата и стабилизацијата на општата политичка состојба.

И покрај тоа, во оваа насока се очекува рационализација и во трошоците за купување на материјали за секојдневните потреби на вработените во администрацијата, што за мене лично е позитивна тенденција.

Трошоците предвидени во позицијата 401, во однос на платите и надоместоците вон споредба со претходнта година се зголемени за 14,3% и покрај тоа ова зголемување е резултат на зголемувањето на платите од минатата година, но не и зголемување на бројот на вработените, во согласност со уставната норма за адекватна и правична поставеност на сите етнички заедници во државната администрација, со исклучок на вработените предвидени во Министерството за внатрешни работи.

Од друга страна страната што е поврзата со Министерството за образование и наука во подделот поврзан со високото образование, не само што нема зголемувањ на приходот, туку во споредба со 2002 година имаме намалување, факт што не тера да заклучиме дека и натаму високото образование на албанците нема да се финансира со помош на државата и покрај сите обврски превземени со Рамковниот договор.

Кога говориме за образованието, преку еден амандман доставен од еден пратеник со кој се бараат средства за зголемување на студентскиот стандард се вели: знаењето е динамичен и основен фактор во разрешувањето на

конфликтните ситуации во светот и во секоја земја посебно. Овие забелешки ги дадов и при разгледување на овој предлог во рамките на Комисијата за правни прашања.

Слушајќи го експозето на министерот за финансии да ви кажам право имам впечаток дека и покрај тоа Владата и понатаму мисли и е насочена кон недискриминација за буквална претставеност на етничките заедници во јавната администрација, финансирањето на високото образование на албанците како и многу други обврски кои произлегуваат од Рамковниот договор и акциониот план чија реализација не може да се замисли без соодветни финансиски средства. На крајот на сите ни е јасно дека обезбедувањето на финансиски средства за реализација на истакнататите обврски е предвидено да се направи од ветените донации од донаторската конференција и дека овие средства од овој Предлог буџет се предвидени за покривање на буџетскиот дефицит, кој за оваа година се предвидува да биде помал во споредба со минатата година.

Ви благодарам за вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на г. Аднан Јашари.

За дискусија пријавен е господинот Илија Китановски.

Господине Китановски, повелете.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Почитуван потпретседателе на Собранието,

Почитувани колеги,

Ќе се обидам со неколку свои видувања да дадам свој придонес во разгледувањето на Буџетот за 2003 година, еден документ кој што е од битно значење на Република Македонија воопшто за функционирањето на стопанството, на економијата и на многу други свери кои што се поврзани посредно или непосредно со реализацијата и на приходната и на расходната страна на Буџетот.

Општа е констатацијата и од сите досегашни излагања без разлика на тоа дали беа дискусиите беа од опозицијата или позицијата дека и со таа констатација и јас би се сложил дека овој Буџет е повеќе изразена неговата социјална јас би рекол повеќе неговата институционална компонента односно

подмирување на неопходните потреби за функционирање на државните органи, а развојната компонента е драстично намалена или барем јас не ја гледам.

Мислам дека ова се должи не само на концептот на Владата туку и на приходниот дел на буџетот односно на остварувањето на висината на приходите кои што нормално ги детерминираат расходите и нивната распределба. Кога имаме една определена маса на проектирана сума на пари во буџетот тогаш нормално е таа маса да се распредели по корисници, по ставки, по потставки и секое прераспоредување на таа маса нормално повлекува ако на една страна имаме зголемување во некоја позиција нормално дека мораме да имаме намалување на друга страна така што во овој дел би сакал да констатирам дека постои една интеракција помеѓу приходната и расходната страна. Мислам дека токму развојната компонента која не е доволно застапена во буџетот е таа која може да влијае на зголемување на планираните и остварените приходи во буџетот, а тоа е создавање на економскиот амбиент затоа што во една мала економија каква што е нашата факт е дека буџетските средства, буџетските корисници се едни од поголемите учесници на пазарот и на пари и на стоки. Во овој дел мора да се констатира еден сериозен застој во прибирањето на приходите односно можеби не е толку егзактно покажано, меѓутоа факт е дека постои еден застој во спроведување на процесот на фискализација односно на воведување на фискални машини кај сите учесници во прометот, факт дека по еден забрзан период на воведување на овој проект некаде од октомври наваму имаме застој, гледам во последно време Министерството за финансии веќе ја интензивира таа активност и мислам дека тоа е еден од важните фактори за реализација прво, на планираните ставки и позиции во приходната страна, а и за нивно евентуално надминување.

Кога зборуваме за развојната компонента која му недостасува на буџетот, мислам дека најголемите рестрикции и најголемите штедења и процентуално и во апсолутни износи се направени во неколку сфери, најмногу во делот за трансфери, односно во Бирото за неразвиени подрачја, потоа Фондот за земјоделие. Тоа се две две институции кои што покриваат и територијално и функционално категории на население, делови од Република Македонија кои што без тие средства, без учество на државата преку овие трансфери кон овие две институции, а преку нив до крајните корисници мислам дека ќе се појави, што се однесува до Бирото за неразвиени подрачја ќе продолжи нерамномерниот развој на регионите во Република Македонија што е констатирано многу одамна. Во

изминатите периоди се правеа напори од сите влади, меѓутоа во последните 3-4 години мислам дека во тој дел е најмногу направено, без разлика на поединечни констатации дале конкретни средства за одреден проект, конкретен, без разлика дали биле многу или малку, во тој дел има органи, стручни служби кои што тоа лесно и брзо можат да го утврдат, меѓутоа тоа воопшто не ја намалува општата констастација дека во изминатите 3-4 години во тој дел е доста нарпавено и не гледам причина буџетот да биде рестриктивен токму во тој дел, кон поинтензивен развој на тие подрачја преку трансфер на средства во Бирото за неразвиени подрачја.

Исто така, што се однесува до новоформираниот фонд за земјоделие, минатата година покажа дека успешно си ја извршува својата намена и функција. Без разлика на коментарите, на мислењата или на дневно - политичките или маркетиншки реакции сметам дека во тој дел тој ја изврши својата функција. Тоа е најважниот аспект, од аспект на оние за кои е формиран и за кој што е наменет, а тоа се земјоделците. Мислам дека во тој дел било кој од нас ако направи една мини анкета и ги праша за мислење земјоделците дасли се задоволни и дасли тој трнед треба да продолжи, мислам дека недвосмислен ќе биде одговорот.

Најголемата забелешка на овој буџет се однесува токму за развојната компонента, посебно на овие две сфери. Се работи практично за околу 100 земјоделско семејство кој исклучиво, како дополнителна дејност го имаат земјоделието и заедно со уште неколку не многу гранки во индустријата, земјоделието е гранка која за Република Македонија иманентна и во која Република Македонија може да се носи со соседните земји, па дури и со некои од поразвиените европски земји.

На крајот би сакал со еднас мала дегресија да завршам дека и покрај општата констатација на сите пратеници во сит искажувања дека развојната компонента на овој буџет му недостасува, но сепак ќе признаете битна иважна работа, затоа што тоа многу влијае на создавање на економскиот амбиент во кои што работат стопанскит субјекти во Република Македонија. Не би се согалсил со дискусиите на одредени колеги пратеници кои што разгледувајќи го буџетот за 2003 година, дискутирајќи го, бранејќи го практично го сведуваат тоа да буџетот е ваков, затоа што минатата власт не чинеше или буџетот е рестриктивен или нема развојна компонента заради опозицијата. Мислам дека такво бранење, таква одбрана на

буџетот и на Министерството за финансии најмалку му треба и најмалку е корисно затоа што сепак незборуваме за анализа или за завршни сметки за 2002 или 2001 година, туку зборуваме за буџет за 2003 година, шест месеци по завршувањето на парламентарните избори, каде што новаата Владата на Република Македонија имаше доволно време да изгради стратегија, концепција за развој и дел од таа стратегија дас вгради во новиот буџет.

Имајќи ги предвид сите искажани согледувања, има доста уште околу прераспеделбата на средствата во расходниот дел, меѓутоа мислам дека тука најмногу има амандмани од пратениците, меѓутоа, секогаш тоа е една работа кога ќе ја имате предвид ограниченоста на вкупните средства, секое префрлување, односно зголемување на една ставка значи намалување на некои други ставки, меѓутоа, сметам дека и во тој ако веќе овој буџет е рестриктивен и ако е веќе прогласен буџет на заштети, мислам дека заштедите би требало да се нарпават во делот на купувањето на опрема, купување на автомобили, бидејќи го има тоа, иако во дискусиите се зборуваше дека претходната Влада, ;претходните буџети имале високи ставки, и овде има такви ставки и тие сигурно се неопходни за нормално функционирање на министерствата, на органите, телата и т.н., меѓутоа сметам дека преголема е рестрикцијата направена во овие неколку сфери кои што претставуваат развоен дел на буџетот. Од таа причина сметам дека вака како што е предложен нема да го поддржам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Владо Паунков.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Почитуван потпретседателе, министри, преставници на Владата, пратеници,

Пред нас пратениците на овој законодавен дом денес е предлогот на буџетот на Република Македонија за 2003 година, односно ова е прв буџет кој го разгледува овој собраниски состав и треба да го амнезира, но исто така критички да даде свој придонес за изнаоѓање на едно оптимално решение во оваа деликатна економска состојба во која се најде нашата Република Македонија по едно природно, нелогично и хаотично владеење на една гарнитура во изминатиот 4-годишен период.

Дека е тоа така, најдобро укажуваат економските слостојби што се случија во Република Македонија а граѓаните директно ги почувствуваа врз својот личен стандард кој вртоглавно опадна.

Јас знам дека пред оваа влада се исправени огромни наталожени повеќе годишни проблеми кои треба молскавично да ги решат, да ја стабилизираат растурената економска состојба на државата, да создава истовремено услови и амбиент на запирање на економскиот пат на стопанството и отпочнување на негов раст и покрај крајно катастрофарлните состдојби. Тргнувајќи од таквите реални состојби во стопанството, Владата на Република Македонија ни го предложи овој предлог буџет на Република Македонија за 2003 година, но при тоа изнајде модалитети со голема умешност сите негативни трендови во изнминатиот период да ги стави под контрола со тенденција на брзо елиминирање, а истовремено да создаде услови за стварање на реални ;перспективи за средување на состојбите во стопанството токму преку буџетот и овозможување на позитивни перспективи на Република Македонија во сите нејзини сфери. Моето опсервирање ќе го задржам на еден сектор од стопанството кој е опфатен преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Секоја држава која претендира да биде стабилна, проспериетна и почитувана, тоа не може да го постигне ако нема развиена високо ниво на земјоделското стопанство што ќе обезбеди здрава храна на свото население од сопствено производство како и да обезбеди резерви на населението за евентуални непогоди од разен тип. Истовремено овој дел од стопанството да биде оспособен и за извоз на земјоделски производи, со што се обезбедува финансиски позитивен придонес за државата и висок степен на развој на оваа гранка од стопанството.

Токму оваа гранка од стопанството, која во изминатиот период во еден надминат политички систем доби најголема експанзија во својот развој и благлодарение на таа надградба беше еден од главните столбови во транзиционениот период на Република Македонија во зачувување и докажување на својата самобитност.

И покрај тоа што економските состојби условуваат намалена буџетска маса во однос на минатата година и со тоа помалку приходи за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ова министерство изготвило одличен буџет имајќи ги во предвид наследените состојби во овој сектор. Оваа моја

констатација се потврдува со насочување на буџетските средства во ставките како што се трафер на берзата на земјоделски производи 4 милиони денари; програма за здравствена заштита на растенијата 278 милиони денари; програмас за здравствена заштита на животните 187 милиони денари; програма за поттикнување на земјоделието 204 милиони денари; пошумување 30 милиони денари, изградба на објекти од водостопанството 24 милиони денари; ревитализација на селото 25 милиони денари; транфери за инвестиции во земјоделието 185 милиони денари.

Исто така, во овој контекст сакам да го истакнам и феноменалниот потег на Владата на Република Македонија кој за проектот Спас на Дојранското Езеро издвои сума од 70 милиони денари за ставање во функција на истиот и отпочнување со ревитализација на овој наш македонски бисер.Ова е главниот аспект, но не помалку важен аспект кој трае бесконечно е обезбедување на чистас квалитетна влодса за наводнување со голема сигурност на Богданската и Дојранската котлина. Со обезбедувањето на овие средства во буџетот Владата на Република Македонија покажува дека има извонредно истенчен осет за стопанството, односно подирекно за развој на земјоделието и туризмот во овој регион од джавата.

Меѓутоа, треба да биде реални, односно да се соочиме со фактот дека во изминатиот период во ова Министерство, најблагол речено не се работело домаќински со народните пари. Веќе имаме слозанија за некои ставки од буџетот за оваа година, дека одна;пред голем дел се потрошени од минатата гарнитура на ова Министерство. Само да ги споменам следнит ставки: програма за здравствена заштита на животните од предвидените 187 милиони денари за 2003 година минатата власт во 2002 година има потрошено 164 милиони денари. Исто така нема исплатено за извезено јагнешко место во висина од 69 милиони денари. И уште колку други трошоци ќе бидат на товар на ова Министерство кои најверојатно со оглед на недомаќинското однесување се направени. Меѓутоа, длабоко сум уверен дека ова Министерство со предложениоет буџет ќе изнајде пат и ќе ја постави оваа гранка од стопанството на своето вистинско место. На тој начин ќе се активира еден огромен инсталиран потенцијал кој крие огромни можности, а со тоа отвора перспективи на полето на вработувањето на работоспособното население на Република Македонија на целата своја територија. Сведоци сме дека огромен земјиштен потенцијал обезбеден со хидромелиоративна хидроструктура, со поволни климатски услови, ни стои неискористен. Току буџетот на Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство ги соджи основните елементи што ќе создат услови за активирање на овој неискористен потенцијал.

Во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е и Фондот за води. Од тие причини ќе се осврнам и на буџетот на Фондот за води зас 2003 година.

Нивото на животниот стандард или поточно квалитетот на живеење на еден земјоделски регион, директно зависи од степенот на изграденоста на хидромелиоративната инфраструктура во тоа подрачје. Општо е познато дека во тие региони каде најпрво се изградија хидромелиоративните системи стаснаа најразвиените подрачја во државата со највисок стандард на населението. Република Македонија во СФРЈ ги доби капиталните хидромелиоративни системи односно скоро цела Република Македонија беше покриена со најсовремени технички објекти кои условија нагол подем во развојот на земјоделското производство. Транзициониот период кој за жал трае долго, придонесе за застој во развојот на водостопанството, а со тоа и до реална опасност сето тоа што е изградено во водостопанството да го доведеме во состојба на уништување и губење. Токму Фондот за води, како и другите институции во Министерството е тој фактор што треба тоа да го спречи и да му даде стимул на водостопанството во сферата на унапредување на оваа гранка.

Целта на буџетот на Фондот на води е да се обезбеди  солидна материјална основа за вршење на водостопанските дејности. Фондот учествува во финансирањето на заштита од штетните дејствија  на водите, преземање на дејствија за извршување на определени работи за заштита на водите од загадување, изработка на студии и планови за водостопански основи, одржување на основните објекти, мелиоративнит системи, изградба на водостопански објекти и постројки за наводнување и одводнување, обврска од меѓународните договори и усовршување на кадри од областа на водостопанството.

Согласно рестриктивноста на буџетот не Република Македонија така и приходите на Фондот во однос на 2002 година се намалени односно изнесуваат 105 милиони денари. Намалувањето е резултат на помали трансфери од буџетот на Република Македонија од 28 милиони денари, односно приходи од надоместоци 74 милиони и 800 илјади денари и трансфер од буџетот на Република Македонија од 30 милиони денари. Најголемиот дел од овие средства што ќе се трошат во висина од

78 милиони и 637 илјади денари за заштита на водите, реките и езерата, заштита од штетните дејства од водите, заштита и одбрана од поплави и заштита од ерлозија и уредување на порои, заштита и подобрување на режимот на водите, одржување на постојните заштитни објекти, како и учеството во финансирањето на изработка на планот за одржување и подбрување на режимот на водите, очигледно висината на средствата предвидени во буџетот се доста мали, рестриктивни. За да се успее да се надминат натрупаните проблеми во водостопанството, длабоко сум убеден дека кадрите од Фондот ќе умеат најразционално и покрај кризните состојби во стопанството да ги извлечат макдималните можности во надминување на проблемите во водостопанството и ќе дочекаат порелаксирани состојби благлодарение токму на нивните заложби.

Фондот за земјоделствло е основан со цел финансиски да го подржи развојот на земјоделството преку подршка на вршителите на земјоделска дејност од сите сектори на земјоделството, а особено со давање на финансиска помош, кредити на вршителите на земјоделска дејност и давање на фин ансиска помош за одржување на земјоделските имоти со мал обем на производство, осигурување на вршителите на земјоделска дејност и др. Фондот за земјоделствло треба да претставува главен мотор за покренување и активирање на целокупниот неактивиран земјоделски потенцијал со кој располага Република Македонија, меѓутоа, ако го проанализираме Фондот за 2003 година ќе дојдеме до една поразителна констатација. Како резултат на една нелогична и несфатлива политика на минатата гарниктура на фондот, па и на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фондот во 2003 година е доведен во состојба на парализа, или со други зборови, Фондот не може да ги извршува ни минималните задачи кои неминовно треба да ги извршува. За што конкретно станува збор?

Со оглед на рестриктивниот буџет на Република Македонија Фондот е лимитиран со буџет од 600 милиони денари, кои се трансфери од буџетот на Република Македонија, или нешто помалку од половиан буџет од буџетот на фондот за 2002 година. За да состојбата биде уште поалармантна од овие средства во висина од 428 милиони денари ќе одат на отплата на главница по домашен долг на заеми земени од Македонска и Тутунска банка, како и камата во висина од 20 милиони денари. Не треба да се прави голема анализа за да се констатира дека минатата власт ги истрошила средствата од фондот година дена однапред и со тоа го довела фондот да не може да содговори на своите основни законски обврски, за

што е и основан истиот. Доведен е во состојба да не може да пласира соодветна помош во сточарското производство, градинарското производство, поледелското производство, исплата на премии за пченица, шеќерна репка, тутун, лозароовоштарското производство.

На крајот, сакам да истакнам за буџетот на Република Македонија. Тој е резултат на севкупните заложби на Владата на Република Македонија да ја стабилизира економската состојба во Република Македонија, да овозможи услови и амбиент за развој на стопанството, а да отвори нови перспективи и хоризонти на целокупното население. Од тие причини овој буџет е најоптималното решение во овој момент и јас за истиот позитивно
ќе се изјаснам.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Владо Паунков.

Збор има господинот Андреј Жерновски. Повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, колешки, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Дозволете ми да го кажам ставот на пратеничката група на Либерално демократската партија и се разбира мојот личен став.

Буџетот на Република Македонија како и на секоја друга држава претставува клучен односно фундаментален акт за државата. Овој документ во себе ги содержи клучните параметри за економијата и претставува своеевиден индикатор за тоа како ќе се развиваат работите на економски план во една држава. Истовремено, буџетот претставува и инструмент преку кој државата може да постигне одредени цели на економската политика.

Не треба посебно да се објаснува каква е ситуацијата во нашата економија, тоа впрочем граѓаните на Република Македонија најдобро го чувствуваат секој дена на сопствената кожа. Навистина е тешко, а во иднина ќе биде уште

потешко. Но за разлика од порано, овој пат тешкотиите нема да доаѓаат од лошиот менаџмент на националната економија која беше во целиот изминат период, туку од неопходното стегање на ременот што е единствен начин конечно да тргнеме на патот на прогресот.

Значи, доаѓаат социјално драматични времиња, но, ние јасно ставаме до знаење дека нема да се занимаваме со нашиот рејтинг, со популарноста, туку ќе бидеме носени од идеата да направиме нешто сега, за кое што утре сите ќе ни биде поубаво. Во пакет со антикорупциската битка која ја водиме заедно, мора постепено да ја намалуваме стапката на невработеност и на сиромаштија, да финишираме конечно со недовршените реформи и упорно да трагаме заедно и како Влада и како Парламент по најдобрите решенија.

За тоа пред вакви сериозни искушенија сме, доволно говори податокот дека една четвртина од нашето население е сиромашно. Клучно прашање е дали добивме мандат како Влада, како мнозинство во Парламентот да ги спроведуваме тие реформи за кои што зборуваме. Ако одговорот е позитивен, а јас длабоко сум убеден дека е, тогаш мора да се знае во чие има ќе се спроведуваме наведените реформите. Мора секому да стане јасно, дека ние нема да работиме на реформите за меѓународната заедница, за ММФ, за Светска банка ниту за ЕУ ниту за НАТО. Ние, тоа мора секој да го знае, ќе мора да се реформираме исклучиво поради самите себеси.

Тие се нашата цел, нашето средство. И ние за нив сериозно и отворено ќе зборуваме, зошто само преку жестока дебата овде во Парламентот и работа тие единствено може да успеат и тука се разбира конструктивноста на Парламентот е добредојдена, посебно конструктивноста на опозицијата.

И најповршниот поглед на Предлог буџетот за оваа година ни укажува на некои работи по кој тој се разликува во однос на претходните години. Пред се, тој во голема мера е помал од буџетите во претходните години односно за прв пат од 45-та година јавната потрошувачка Ќе биде помала од онаа во која што сме ја имале во претходниот буџет. За ваквото драстично намалување на обемот на буџетот навистина мора да се честита како на прв сериозен обид да се намали екстремното трошење на држата на која бевме сведоци изминативе години. Вака намалениот буџет во себе содржи во извесна смисла револуционерен чекор за намалување на расходите на државата и нивно сведување на реални размери кои се соодветни на можностите и потребите.Па така, јавната потрошувачка значително се намалува за

4,49%, а расходите на буџетот изразени како процент на бруто домашниот производ се намалени за 5,10%.

Она што би требало да се потенцира е дека ваквиот начин на располагање на државните средства кои за прв пат се промовира во годинашниов буџет доколку сакаме да ги даде саканите резултати мора да стане наша силна работа и во иднина.

Друг момент кој се забележува кај буџетот е неговата социјална ориентираност. Иако многумина би забележале и забележуваат поради ваквата буџетска политика јасно е дека со оглед на состојбите во државата, немаше друг избор. Она што е важно да се напомене е тоа дека мора да се инсистира социјалните трансфери од буџетот конечно да се слеваат кај оние на кои навистина им се потребни и да се престане конечно со злоупотребите на овој план. Само така би можело да се очекува реално намалување на сиромаштијата како и подобар стандард за граѓаните на Република Македонија.

Она што најмногу е за поздравување е тоа што и покрај рестриктивноста на буџетот и неговиот намален обем, се предвидени начини односно мерки кои ќе овозможат во Република Македонија работите конечно да тргнат на подобро.

Потребно е да се напомене дека буџетот не може да се гледа изолирано туку во контекст со останатите мерки на економската политика сумирано, како некоја од повеќето предности на предложената буџетска политика би ги напоменал следните показатели.

- намалување на буџетската потрошувачка за 6,5 милијарди денари или за 100 милиони евра
- намалување на даночното оптоварување
- намалување на дефицитот од 3% на 1,6% од бруто домашниот производ
- обезбедување на финансиска консолидација на среден рок, односно да се троши онолку колку што ќе создадеме
- зголемување на кредитите и инвестициите
- поттикнување на приватното претприемништво.

Значи, конечно се надевам дека граѓаните на оваа држава ќе почувствуваат дека барем нешто се движи во вистинска насока со порастот на платите за 5% и на вработеноста од 5%.

Значи, во предложениот Буџет за 2003 година ја гледам јасната желба но и јасната неопходност од штедење и домаќинско трошење на министерот за финансии Гошев, т.е. на актуелната Влада на Република Македонија. Зошто е тоа така? Зошто треба да се штеди? Затоа што во предложениот Буџет јасно го гледам и Војо Михајловски и Љубен Пауновски и Ламбе Арнаудов и неговиот возач и Љупчо Георгиевски со ОКТА и Бесник Фетаи и Даравелски и сите јунаци од генерацијата 1998-2002 година кои со своите активности директно придонесеа и тоа како учествуваа во правењето на овој буџет.

Дупката во Електростопанството до 31 октомври 310 милиони евра. Електростопанството 20 иљади евра за еден ручек. Војо Михајловски термо печка од 100 иљади германски марки. Бесник Фетаи и Душко Аврамовски се осомничени за 2.300.000 евра итн, итн, да не ви додевам.

Ова што мене ме чуди навистина, после сите овие перманентни, четиригодишни активности, клептомански, на поранешната партија на власт односно нивните коалициони партнери крајно лицемерно, крајно неморално делува од првиот опозиционер во Парламентот да го исмејува овогодишниот буџет, да ја исмејува заложбата на актуелната Влада да се троши домаќински односно да се штеди. Тоа е исто почитувани дами и господа како да влезете во една куќа, да го опљачкате семејството што живее внатре и потоа да му се смеете што мора тоа семејство токму поради вас да штеди.

Но, се разбира, секој си сноси одговорност за она што го зборува овде пред сите вас и пред граѓаните на Република Македонија, се разбира уште повеќе за она што го направил во изминатиот период.

Па сепак, во нешто ќе се согласам со првиот опозиционер во Парламентот. Навистина беше крајно време, како Влада, како парламентарно мнозинство конечно да се свртиме кон економијата. Имено, не би требало и не смее главна тема во медиумите , во Владата, во јавноста, да биде 22-та кривична пријава на Амди Бајрам, или 375-та кривична пријава на Војо Михајловски. Да, прв сум за санкционирање на сторениот криминал во изминатиот период, ќе потенцирам и оној кој се прави во овој момент, доколку се прави, но тоа не смее да биде највисокото достигнување на нашата актуелна Влада. Највисокото достигнување мора да ни биде економското зајакнување на Република Македонија, нови вработувања, редовни плати или ако сакате конечно да го спречиме егзодусот на младите таленти од нашата држава. Најискрено се надевам дека нема да зазвучиме како оние

другите и да зборуваме исклучиво за тоа што го направиле нашите претходници. Тоа почитувани дами и господа верувајте е сигурен резултат дека ние всушност немаме резултати.

Има една партија во Република Македонија, која сега е во опозиција и се нарекува себеси ВМРО-ДПМНЕ, тие до 1998 година, додека беа во опозиција, зборуваа исклучиво за тоа што направил СДСМ до 1998 година, што е сосема нормално, потоа дојдоа на власт. Од 1998 до 2002 година, повторно зборуваа за она што го направил СДСМ до 1998 година, што е сосема ненормално, и сега, во 2003 година,  кога се во опозиција, повторно зборуваат за тоа што направил СДСМ до 1998 година, што е апсолутно ненормално. Слушнавме повторно дека репликите се за ТАТ и за некои личности кои се во историјата. Не смееме да заличиме како нив.

Затоа, да си ја превземеме одговорноста како Влада и како парламентарно мнозинство и да дозволиме граѓаните да не оценуваат на крајот на нашиот мандат исклучиво и најмногу врз основа на нашите показатели во економската сфера. Сигурен сум дека тоа им е најважно. Од таа причина, од сесрце ја поздравувам понудата од страна на Владата на дневниот ред, да бидат поставени низа на проекти кои имаат силна и недвосмислена цел да ја извлечат Македонија од економската криза Тоа впрочем да им кажеме повторно на граѓаните беше, е и останува платформа на владеачката коалиција.

Во изминатиот период видовме дека  е лесно да се направат политички промени, но секоја влада потклекнува кога на ред доаѓаат и економските промени. За нив велат дека се потребни децении, ние ја трошиме втората и да завршиме конечно со таа.

Сосема е јасно дека чуда не се возможни но барем ќе се тргне на патот на позитивни промени. На овој пат ќе се сретнуваме со најразлични препреки и кочници, но во секој случај ќе мора да истраеме, сите заедно бидејќи Република Македонија изгуби навистина многу време и мораме многу да работиме за да го фатиме чекорот со останатите.

За крај, почитувани дами и господа, без сомнение, вака предложениот буџет за 2003 придонесува всушност кон остварувањето на таквата цел и заедно со останатите мерки за кои зборував за економската политика претставува би рекол оптимална комбинација која ја заслужува целосната доверба и поддршка на пратениците на Либерално-демократската партија, јас се надевам и на мнозинството на граѓаните во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Андреј Жерновски.

За реплика се јави госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпретседателке на Собранието, почитувани пратеници, членови на Владата,

Мислам дека г. Жерновски ја злоупотреби говорницата и се постави во улога на обвинител и на истражен судија, што би рекле кадија те суди, кадија те тужи со сите тие паушални обвинувања кои, за жал, се работа на истражните органи на обвинителството, но еднаш кога нешто ќе отиде во етерот треба да се има одговорност за она што ќе се каже.

Инаку, само една корекција до 1998 година ВМРО-ДПМНЕ не беше парламентарна партија така што не беше ниту партија во опозиција.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

Господинот Жерновски реплика на репликата.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Гледам дека на колешката Ганка Самоиловска Цветанова и станува редовна пракса да реплицира на моите дискусии, ќе признам дека е таа во предност, бидејќи реплицира на секоја моја дискусија.

Јас се надевам дека вие еден ден ќе станете да дискутирате конечно по целиот овој период, па да можам јас еден ден да ви реплицирам. Инаку, до сега не сум имал можност да ве слушнам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Процедуралната забелешка ми е до вас госпоѓо потпретседателке.

На пратеникот кој сега дискутираше од говорницата треба да му обрнете внимание, согласно Деловникот, дека за личности кои не се присутни во салата овде во Парламентот не е дозволено да се спомнуваат по име и презиме и да се обвинуваат од аспект на тоа што самиот факт не се тука не можат ни да се бранат ни да кажат контра аргументи.

Друго, тоа било пракса во сите Парламенти, значи, треба да му обрнете внимани да не посочува личности по име и презиме,може да дискутира по точка на дневен ред. Од друга страна дотичната личност исто така од говорницата направи сериозен упад во институциите на системот, ја презеде улогата и на судии и на џелат и на се живо. Дајте да допуштиме има институции во оваа држава нека си ја работат работата, а не да ги судиме луѓето однапред, како што е основна цел на денешната власт, значи да се бавиме со трачеви и инсинуации пред институциите да ги спроведат оние работи што им се нивна основна задача.

Затоа ве молам на сите, па и на дотичниот пратеник да му обрнете внимание уште кога ќе зборува да го прекинете и да му кажете дека не може да се зборува во Собранието за личности кои не се присутни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас би го замолил пратеникот Караџоски да ми покаже каде тоа во Деловникот го пишува тоа што тој го кажа, а второ, не можам и вашите луѓе што ги набројав не се овде  затоа што отидоа за Кејтон во Јужно Афричка Република, побегнаа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Трендафилов реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина беше поучно обраќањето на г. Жерновски за квалитетот на буџетот кој Владата на Република Македонија  ни го понуди. Особено ми се допадна делот каде тој тврди дека со овој буџет ќе биде поттикнато приватното претприемништво, ако добро го цитирав. Колку за илустрација како после 15

септември во Република Македонија се поттикнува приватното претприемништво, г. Жерновски најверојатно повеќе од мене знае затоа што актуелниот министер за земјоделие доаѓа токму од неговата партија како е извршена повторна национализација на приватна сопственост за она за што зборуваше во текот на денот потпретседателот на ВМРО г. Ѓорчев, како се формираат работнички совети кои ги зашвајсуваат вратите на магацините и кажуваат кој од денеска влегува во фабриката, кој не влегува на работа, како се отпуштаат луѓе само поради тоа што или на таа должност се донесени од ВМРО-ДПМНЕ или до 1998 година ја работеле истата должност, но ете поранешната власт не нашла за сходно да ги промени, па затоа сега оваа власт како единствена лоша точка во нивната кариера е тоа што во времето на Владата на господинот Георгиевски тие и понатаму ја извршувале работата за која се платени да ја извршуваат и би сакал да истакнам дека оваа Влада веројатно има намера да продолжи со ова темпо како и до сега да ги развива малите и средни претпријатија во Република Македонија и да привлекува странски инвеститори затоа што како што тргнала сите домашни инвеститори или ќе ги спречи воопшто да вложуваат во земјава или ќе ги оневозможи на било каков начин да работат, па затоа г. Жерновски најверојатно ќе соработува со второстепената комисијата при Владата на Република Македонија каде што од непознати причини веќе не се потпишува на секој документ министерот кој доаѓа од неговата партија, туку се потпишува министерот за одбрана.

Додека зборувам за сето ова ви обрнувам внимание дека иако на две комисии каде што се разгледуваше буџетот беа побарани одредени информации од Министерството за финансии, тоа е преточено и во заклучоци пред се во Комисијата за одбрана и безбедност, еве ние сеуште ги чекаме одговорите од Министерството за финансии кое во расправата на комиииите инсистираше дека се вложувани огромни средства за спроведување на одредени точки од Рамковниот договор, па можеби ако не за буџетот за 2003, заменикот министер за финансии, доколку остане на таа должност, ќе биде љубезен да не информира за буџетот 2004 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На реплика на репликата г. Жерновски, една минута.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Штотуку го прекршивте оној измислен дел од Деловникот на Вашиот колега што седи лево од вас, дискутиравте за човек што не е присутен овде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повторно процедурално господинот Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро г. Жерновски не е се некогаш предвидено во Деловникот. Постои некоја култура кај пратениците, постои некоја пракса што е следена во сите состави на Парламентот како и досега. Ние сме имале многу вакви состојби во претходните состави на Парламентот, па сите претседателе почитувале една ваква морална обврска кај пратениците да им кажат дека за лижности кои не се присутни не е во ред од морален аспект да се дискутира, да ги именувате, а да не им дадете можност да се бранат. Дискутирајте за оној  кој е тука присутен за да може да ви врати со аргументи. Најлесно е да обвините некој што го нема овде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За што се јавувате господине Халими, за реплика?

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас се придружувам на моите претходни двајца говорници и со право реагираа на еден дел  на дискусијата на колегата Жерновски, кој ја користи говорницата и испраќа обвинувања врз лица кои што не се присутни тука, а кои природно се членови на овие две партии, кои што се сега во опозиција, што не смее да се употребуваат сомнежи, затоа што се сомнева дека Бесник Фетаи потрошил толку милиони и тн. За она што го направил или што не го направил е компетентен судот, кој кога ќе ги објави резултатите, тогаш судот може да ги употреби тие резултати. Претходно тој не смее, не само тој, ниту никој друг да спомнува имиња на претходни бивши функционери на партиите кои што беа во Влада. Вас ви е познато дека започна една практика, каде што со директиви од оваа Влада се повикуваат новинари од разни куќи да се обвинуваат функционери, на членови на партии, кои претходно беа на Влада и да се отвори терен каде ќе се покренат обвиненија против нив. Затоа, уште еднаш замолувам оваа говорница да не се злоупотребува и вие

како претседавач да не дозволувате, да прекинете една таква дискусија. Само да дадам до знаење господине Жерновски, до колку го презема правото да говори за Бесник Фетаи во негативна конотација, тој треба да биде запознат и со неговите позитивни придонеси додека беше во Владата, бидејќи врз основа на тоа што Беснк Фетаи работеше, сега една илјада вработени во Југохром јадат леб, бидејќи дојде 1998 година, нормално знаете каква беше судбината на Југохром, благодарение на Бесник Фетаи Република Македонија стана членка на Светската трговска организација, а да не спомнувам и голем број на конкретни активности на Фетаи, кои што се во полза на државата. Обвинувањето што му се препишува за продажбата на “Нова македонија”, одлуката ја донела Владата, а тој само ја остварил таа одлука. Тоа може да се докаже на суд и ништо повеќе. Ве молам, немојте да се служите со она што го пишуваат весниците. Јас можам да ви кажам еден пример. Директно еден новинар мене ми рече, господине Халими, жал ми е, но морам да пишувам директно за вашата партија од негативна политичка конотација, бидејќи вие го попречувате, го блокирате овоа или она и тн.. Вие имате право што го велите тоа, во оваа држава, оваа Влада не работи врз основа на Охридскиот договор, ни врз основа на Уставот, туку работи врз основа на дневна политика. Мојот одговор беше, пишувај што сакаш, бидејќи гледам зависи твојот опстанок од тоа пишување и нема да ти се лутам. И, навистина, утредента кога прочитав што напишал, јас не му се налутив. Значи оваа Влада вака работи врз основа на директиви, ангажирајќи ги новинарите од разни списанија за Бесник Фетари колку што е можно повеќе лошо во однос на партиите кои што претходно беа на власт.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам господине Халими, ова беше цела дискусија, далеку од процедурално.

За збор се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Би сакал да ги замолам колегите пратеници да не го злоупотребуваат терминот процедурално, бидејќи тие кога ќе се јават за процедурално треба да кажат за која повреда или неправилна примена на Деловникот се работи. Ако се жалат дека некој тука прави инсинуација, нека не прават тие уште поголеми инсинуации да не ја злоупотребуваат сега Владата што правела. Ги повикувам и

апелирам да се вратиме на темата за Буџетот, бидејќи има многу пријавени дискутанти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, мислам сега можеме да продолжиме понатаму, со тоа што ќе ми дозволите само да одговорам на овие забелешки од одредени колеги. Јасно е дека според Деловникот нема такво правило, да не се спомнуваат имиња на лица кои што не се присутни. Меѓутоа, се работи за внатрешен договор за што јас се согласувам да се договориме така да постапуваме во иднина, меѓутоа, да се договориме сите така да постапуваме. Мислам дека тоа би било добро и веројатно би придонело за една подобра атмосфера во Парламентот, но тоа да ни биде заеднички договор од сега па понатаму. Инаку, право е на секој пратеник да го искаже своето мислење доколку е тоа во врска со темата за која што дискутира, а одговорноста од јавно искажаниот збор, сепак ја сноси секој пред јавноста. Така што, мислам дека во случајов немаше основа за овие забелешки, но еве да воведеме една нова пракса и да се обидеме така да работиме.

Збор има господинотЖерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Колегата Халими се изјасни дека тоа беше реплика. Ако е тој толку сигурен во позитивните придонеси, бидејќи така кажа тогаш, зошто на наведениот господин, поранешен министер за економија, токму после 15 септември му текна да оди на усовршување на англискиот јазик во Оксфорд и зошто мораше со Интерпол да биде донесен во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА :

Мислам дека со ова веќе треба да завршиме. Простете, господине Халими, вие имавте реплика и реплика на реплика за една минута, не може. Вие сега добивате збор за вашата дискусија за која што се пријавен.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувани колеги, господине министер, пред нас го имаме Предлог-буџетот за 2003 година. Предлог-буџетот беше тема која се разгледуваше и во

парламентарните комисии и за кои беа дадени забелешки, сугестии за тоа како тој би требало да ја одигра својата функција на што подобар начин.

За разлика од претходните години кога се усвојуваше Буџетот, оваа година мислам дека е малку поинаку. Кога го велам ова, го имам предвид Охридскиот договор, од кој произлегуваат конкретни обврски, кои требаше да бидат земени предвид од страна на државните институции, буџетски корисници. Како што е предложен Буџетот, јасно се гледа дека воопшто не се имал предвид Охридскиот договор. Охридскиот договор содржи сегменти кои се поврзани со сите министерства, Собранието, јавните претпријатија и тн. Врз основа на ова го поставувам прашањето зошто Владата со Предлог-буџетот не предвидела средства насочени за реализација на одредени сегменти од Рамковниот договор.

Како значајно прашање што произлегува од Охридскиот договор е адекватна претставеност и правична претставеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и тоа во државната администрација и во јавните претпријатија. Како буџетски корисници во јавната администрација и државната администрација, според Владата имало наводно 11,7% од припадниците на албанската заедница. За да нема лошо толкување на овој процент, се чувствувам обврзан да истакнам дека треба да се прави разлика меѓу она што го нарекуваме јавна администрација и државна администрација. Врз основа на податоците кои ги има ДПА во државната администрација албанците се застапени само 6,7%. Овој процент беше многу низок до 1998 година, 50 години по ред беше 3,4% што значи благодарение на ДПА, не можам да кажам 4, затоа што еда година се занимававме со косовската криза, една година имавме војна, значи за две години тој процент се искачи на 6,7%. Затоа, треба сите да инсистираме и да бараме во согласност со Рамковниот договор овој процент да порасне врз основа  на сегашниот попис, значи да се покачи на 23% и откако ќе се објават резултатите од најновиот попис, се разбира тој број треба пропорционално да се зголеми.

Кога сме до претставеноста сакам да кажам дека според начинот на кој се предвидени средства од Буџетот за плати и други трошоци, за нови вработувања не може да се знае колкава е висината на овие средства за вработување на припадниците на заедниците, со што се остава простор за сомнежи во добронамерноста за имплементацијата на Рамковниот договор. Со оглед на фактот што се вели дека во Буџетот се предвидени средства за опфаќање на албанците во полицијата и армијата, се остава впечаток дека со ова  опфатеноста, претставеноста

на албанците видно ќе се подобри. Оваа опфатеност во овие две министерства и тоа за униформирани лица не е ништо друго, освен еде н многу мал процент во споредба со тоа колку реално треба албанците воопшто да бидат опфатени. Да не заборавиме дека треба да бидат опфатени и цивилните лица како во Министерството за внатрешни работи во разните сектори, така и во Министерството за одбрана, почнувајќи од касарните, па се до Генералштабот, кае за жал, претставеноста на албанците незнам дали надминува 1%.

Знам дека сега, иако со задоцнување од шест месеци при Владата е формирано координативно тело што ќе се занимава со подобрување на претставеноста, правичната и адекватната претставеност на заедниците во јавната администрација, но се поставува прашањето после усвојувањето на овој буџет колку има простор да се прават нови корекции во согласност со реализацијата на тој план или програма, до колку тој воопшто се подготви.

Друг сегмент кој произлегува од Охридскиот договор е и финансирањето од страна на државата на високото образование на албански јазик. Ова поточно се гледа во делот 6, точка 2 од Рамковниот договор, каде се вели дека, финансирањето од страна на државата ќе се обезбеди за високото образование на јазикот на кој што го говорат најмалку 20% од населението во Република Македонија. Овие средства требаше да се предвидат во овој Предлог-буџет. За ова мислам дека не може да се најде некое оправдување од страна на Владата. Едноставно, Владата сакала да го избегне тоа што сме го постигнале преку Рамковниот договор. Ова, за мене, е една тенденција од страна на Владата да се одмине Рамковниот договор, не доколку е доволно само вербалност, не е доволно да се каже дека сакаме само вербално да го имплементираме тој договор. Доколкун практично тоа не се направи, тогаш ништо не сме направиле. Проблемите и натаму остануваат актуелни. Само со потпишувањето на еден документ, само преку некои уставни измени не може да се покријат проблемите со кои ние се соочуваме.

Имајќи го предвид ова што го реков, верувам дека ќе имате разбирање и ќе се ангажирате во насока на поправување, корекција на тоа што недостига во Предлог-буџетот. Министерот во образложението кое го даде за Предлог-буџетот меѓу другото истакна и дека се обезбедени средства и за реализацијата на Охридскиот договор, вклучувајќи го тука и сегментот на адекватната и правична претставеност на заедниците, како и за нивното високо образование. До колку е тоа така, тогаш со оглед на фактот дека веќе сме подготвиле два амандмани, едниот во однос на

адекватната и правична претставеност на заедниците, другиот со финансирање на високото образобвание на албански јазик, верувам дека тие амандмани и ќе бидат прифатени од Владата. Значи, на тој начин ќе се докаже дека средствата се обезбедени за таа намена. Ако не се прифатат амандманите, тогаш тоа покажува дека се прави само манипулирање и не е точно дека се обезбезбедени такви средства.

На крај мене не ми се чини дека овој Предлог-буџет за 2003 година го има предвид и социјалниот аспект на општеството, со оглед на фактот што министерот истакна дека ова е социјален буџет, јас не верувам така кога се знае дека ние пред неколку дена кога усвоивме два закони, со кои ги намаливме и социјалните помошти, но и детските додатоци. Значи тука има судир меѓу овие две работи, меѓутоа, што министерот се ангажираше и тоа што ние го правиме тука, усвојувајќи закони кои се дискриминирачки за одреден дел од населението односно за најранливото, за најсиромашниот дел од населението. Толку имам во однос на ова.

Би сакал да му одговорам на господинот Жерновски уште еднаш за тоа што зема збор и истакна дека во однос на господинот Бесник Фетаи, кој што рече дека доколку не е така како што реков јас зошто тогаш Интерпол го барал, го лишил од слобода. Интерпол го лишил од слобода затоа што ваа Влада направила, доставила барање до Интерпол, колку тоа држи, тоа ќе се докаже, а се разбира дека Интерпол на разните држави ги има предвид тие барања, а зошто тој отишол да го усоврши јазикот или пак во својата област, тоа е негово приватно прашање и никој не може да му се меша во тоа.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Тромбев Томе.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре и повереници на Владата, драги колеги пратеници.

Во рамките на макроекономската политика,ма фискалната политика и припаѓа посебно значење. Таа дејствува интегрално со другите макроекономски политики и нејзините мерки и цели комбинирани со мерките и целите на монетарната политика,

политиката на платниот биланс, политиката на вработување, политиката на инвестициите и други политики се тие кои треба да не вратат на правиот пат.

Фискалната политика, просто кажано, се владините одлуки во врска со прибирањето на даноците и трошењето на средствата. Па, затоа, имајќи ги предвид прекумерните буџетски трошења во претходната година и затекнатата севкупна состојба, оваа Влада ни предлага рестриктивен Буџет за фискална консолидација.

Денес современата економија, економска теорија и дава многу широко значење на фискалната политика. Тоа што ја каректеризира современата фискална теорија е нагласувањето на економските аспекти на јавните финансии.

Посебна важност сега се придава на економските и социјалните ефекти што ги предизвикуваат фискалните мерки на макроекономски план. Напуштено е поранешното тесно третирање на државните финансии преку систем за собирање и трошење на јавните средства во рамките на собраните средства. Напуштено е правилот на рамномерен буџет, а тоа го потврдува и практиката скоро во сите земји. Ние, во случајот имаме нерамнотежен буџет, т.е. имаме буџетски дефицит од околу 4 милијарди денари или 1,6% од бруто домашниот производ. Буџетскиот дефицит во принцип е негативна појава и вообичаено се покрива со јавен долг, кој долгорочно гледано останува товар на идните генерации. Особен, надворешниот долг е посебен товар и затоа на него треба да се внимава, да не се пречекорат платно билансните можности на државата, заради тоа што неговото сервисирање може да го намали производството, да ги зголеми даноците заради плаќање на каматата по долгот и да ја намали акумулацијата, заради преместување на приватниот капитал.

Меѓутоа, практиката на многу земји покажува дека, доколку се води адекватна фискална политика, при што буџетскиот дефицит се покрива со јавен долг, тој може да игра стабилизаторна улога. Во нашиот случај финансирањето на буџетскиот дефицит ќе биде преку донации и странски заеми.

Мислам дека во наредните години треба повеќе да се обрне внимание на можноста за финансирање на буџетскиот дефицит со јавен долг од домашни извори, т.е. државни обврзници, што се практицира во развиените држави, како што е Америка или Тибондот.

Досега тоа би било можност и за граѓанит еи за правните субјекти да ги извлечат средствата од под перница и да имаат гарант за враќање, тоа е државата.

Совеременитe држави вршат голем број проекти, од изградба на патишта, преку помагање на одредени социјални категории, до печатење на парти. Насекаде

во светот економската улога на државата многу полесно во периодот по Втората светска војна. Улогата на јавните расходи во општественито производ е поголем во развиените земји изнесува во просек околу 40%. Кај западно европските земји близу до 50%, додека кај земјите во развој се движи нешто над 30%. Конкретно во овој Буџет 35,5% од бруто домашниот производ.

Буџетот како продукт на фискалната политика се користи како средство со кое се влијае врз остварувањето на нужни соодноси во отстранвуањето на диспропорциите и во обезбедувањето на резерви за ублажување или отстранување на последиците од евентуалнит енеповоони движења.

Буџетот за 2003 година ги прикажува очекуваните приходи од даночниот системкако данокот на доход, данокот на додадена вредност и другите даноци и приходи и планираните расходи за државните расходи,како што се Програмата за полицијата, образованието, социјалната заштита и други , како и инвестициите во јавниот сектор, кои се предмет на мојата дискусија.

Во нашиот случај за поздравување е намалувањето на даночното оптоварување во однос на 2002 година за 2,6 милијарди денари. Но за даноците, поточно за данокот на ДДВ и акцизите, кои во најголем дел го полнат Буџетот дури 62,7% ќе зборуваме на други точки од дневниот ред, како и за данокот на имот. Но тука ќе дадам само еден илустративен пример за нивното значење за една реченица на Бенџемин Френклинг кој вели: “ Двер аботи во животот се неизбежни смртта и даноците”.

Ќе направам една мала дигресија за да можам да ги објаснам инвестициите во јавниот сектор кои имаат аналогија со јавните работи, кои како мерка за надминување на кризните потреси позначајно се користеја при надминувањето на големата светска економска криза. Државата оргаизира јавни работи, за да се ублажи невработеноста и да се подигне агрегатната побарувачка на повисоко рамниште. Во услови на рецесија и голема невработеност јавните работи се организираат за изградба на патишта, железници , хидроцентрали и регулација на токови на реки, канали, болници и други крупни инфраструктурни објекти. На овој начин се постигнуваат неколку ефекти. Се градат објекти од големо значење за идниот економски раст и развој на земјата, се зголемува вработеноста, т.е.се ублажува проблемот на невработеноста и дотогаш невработените лица примаат плата со што се зголемува ефективната потрошувачка. На овој начин се потпомага излегувањето од кризата.

Но да се осврнам на нашиот случај кој се елементите кои се нудат како аргументација за предлогот на буџетот за 2003 година во поодделните сектори.

Во 2003 година се очекува да се создадат општи услови за интензивирање на инвестиционите активности во реалниот сектор и ќе се продолжи со реализацијата на објекти во јавниот сектор и покрај драстичното намалување на капиталните трошоци за 29,8%, во споредба со претходната година.

предвидувањата за зголемена инвестициона активност, првенствено се должат на очекуваното нормализирање на политичко безбедносната состојба и подобрувањето на економскиот амбиент.

Во јавниот сектор врз приоритетни основи ќе се операционализира програмата за јавни инвестиции во Република Македонија. Инвестирањето на јавниот сектор ќе се остварува со средства од Буџетот на државата, од инвеститорите, средства од продажба на АД Македонски телекомуникации, неповратна помош од странски донатори, како и со користење на повратни странски кредити, согласно платно-билансните можности на државата.

Набљудувано според производната страна предвиденито раст на бруто домашниот производ во 2003 година од 3% ќе биде надополнета со порастот во градежништвото и транспортот и врските , со директно зафаќање на средства од Буџетот, или индиректно од ефектите од странските кредити и донации.

Во 2003 година се очекува градежништвото да оствари идеална стапка на пораст од 4,6%, како резултат на предвидената зголемена инвестициона активност во градежништвото иницирана од започнување на неколку проекти, финансирани од буџетски средства и средства од меѓународните финансиски институции, како изградба на заобиколница во Скопје, изградба на дел од делницата Е-75 на делот Стоби-Неготино, изградба на делницата Неготино-Демир Капија, изградба на нов коловоз Смоквица-Гевгелија и други делници од транспортните коридори 8 и 10. Проект за изградба на стаови на лица со ниски приходи, конверзација на железничката пруга Куманово-Дељаковце, операционализација на Грчкиот план за реконструкција на Балканот, продолжување на процесот за изградба и реконстукција на куќите и инфраструктурнит еобјекти во кризните региони. Можно понатамошно решение е користење на институтот Концесија во областа на патната и железничката мрежа и други сектори во функција на привлеквуања на можните инвеститори од земјата и од странство. Примери можат да бидат патниот правец од Краков на Коридорот 10, делницата Велес-Прилеп, или продолжување на

реализацијата на започнатите проекти железничка пруга Куманово-Дељаковце граница со Република Бугарија, или започнување со реализација на нови проекти. Ќе се подржи со подршка на инвестициите во стопански недоволно развиените подрачја, изградба на локалната инфраструктура на објекти од одделни нестопански дејности, како и вложувањата во стопански објекти во овие подрачја. Ќе продолжат активностите со проектот придружни мерки за отворање на нови работни места преку активности за подобрување на комуналната инфраструктура во 13 општини во Република Македонија, во енергетиката изградбата на ХЕЦ Козјак, ревитализацијата на хидроелектраните и доизградбата на електроенергетската мрежа.

Во оваа област, од особена важност во 2003 година ќе биде отпочнувањето на реализацијата на проектот за изградба на долноводот Штип-Черна-Могила, Република Бугарија, како и проектот за изградба на хидроцентралата Матка-2.

Во секторот за наводнување реализацијата на проектот за рехабилитација и реконструкција на ХМЦ Брегалница, ХМЦ Тиквеш, ХМЦ Радиовце-Бистрица, ХМЦ Гостиварско Поле и ХМЦ Бањничко Поле.

Во 2003 година ќе продолжи реализацијата на проектите за водоснабдување и прочистување на отпадните води во населените места во Република Македонија. Во 2003 година највисок пораст во однос на претходните години се очекува токму кон транспортот и врските. Според анализите предвиден е реален пораст за транспортот и комуникациите од 7,3% во споредба со минатата година.

Ваквите проценки базираат врз тоа примарен осет да биде приватниот сектор и тоа новите инвестиции во Телеком како обврска од која произлегува од Договорот за продажба на Телекомот и започнување со работа на вториот мобилен оператор и други проекти.

Во делот на животната средина ќе се завршат веќе отпочнатите активности, а во исто време ќе се започне со голем број нови проекти со цел подобрување на условите на живот и самата инфраструктура во Републиката. Овие проекти во најголем дел ќе бидат финансирани од донации од меѓународни институции, пред се од Светската банка, КЕБ банката, ЕУ , како и од средства од Буџетто на Република Македонија.

Во областа на заштитата на квалитетот на површинските проточни води за заштитата на езерата, ќе започне реализацијата на проектот еколошка заштита на Преспанското езеро и реката Вардар. Ќе се комплетира проектот за спас на Дојранското Езеро и имплементацијата на проектот еколошка заштита на

Охридското Езеро. Ќе се изврши заокружување на мрежата на мониторинг станици за квалитето на воздухот, а исто так аи обновување  и надградба на мониторинг системот на водите во Република Македонија.

Владата соочена со проблемот наречен обезбедување здрава вода за пиење, ќе проба да го ублажи со реализацијата на водоснабдувчкиот систем Студенчица и финализацијата на фабриката за вода Кочани како и учество во други водоснабдителни системи.

Ќе се направат чекори за решавање на проблемот за депонирање на цврстиот отпад во Републиката и тоа во Гевгелискиот регион и Југозападна Македонија.

Почитувани пратеници, сите претходно спомнати инвестиции во јавниот сектор се очекува да бидат поттик за заживување на дел од стопанството, решавање на дел од проблемот со невработеноста, подобрувањето на инфраструктурата на државата.

Земјаки предвид се што изнесов, сметам дека овој Буџет треба да биде подржан и да биде усвоен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Врз основ ан аовластувањата на Собранието на Република Македонија кои произлегуваат од член 68 од Уставот на Република Македонија, како и согласно овластувањето од член 184 - 185 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, на предлог од Владата , бидејки то ае нејзина уставна надлежност, денес на дневен ред го имаме разгледувањето на Предлог буџетот за 2003 година и донесувањето на одлука за негово усвојвуање. Притоа, истиот ќе се применува од 1,о1.2003 година.

Но на самиот почеток, пред да укажам на некои мои видувања, размислувања и забележувања во врска со овој Предлог  буџет изготвен од Владата на РМ , би сакал да  укажам на едно големо значење и на комплексноста на овој значаен акт, т.е. документ на секоја држава , а која во определена смисла и на одреден начин е

всушност барометар и ја отсликува целокупнат аопштествено економска и политичка состојба на државата, како и нејзината натамошна т.е. нејзините идни концепциски определби , во сите сфери на општественото живеење.

Затоа е многу значајно и многу важно да се има еден поаналитички и покомплексен пристап во неговто разгледвуање и евентуално опсигурирање во форма на амандмани и прифаќање на поквалитетни решенија како Буџетот би претставувал рефлекс на постојната состојба и двигател на идниот економско политички развој на државата.

Имено, лично сметам дека Буџетот е акт, односно документ кој го изготвува Владата на една држава преку кој таа, односно државата ја креира целокупната политика во сите сфери односно , Буџетот е документ од кој може децидно да се види каква  политика таа води и во кој насоки таа оди.

Значи во Буџетот како акт е изразена всушност вољата на партијата на власт, т.е. на владеачката гарнитура  во сите домени на буџетската компетенција, така што од начинот на нејзиниот пристап, или од концепцијата која што ја промовира и за која се има определено, ќе зависи каде и во која насока оди , или ќе оди државата во нејзиниот економски политички домен. Значи, тој , односно Буџетот всушност, претставув аинструмент, со помош н акој партијата на власт имаат можност да ја покажат и да ја реализираат политиката од нивните партиски програми и нејзината конкретна реализација преку овој инструмент, ќе имаме можност всушност, да видиме во која насока , по која патека оди , односно ја водат државата. Т.е., дали се тие промотори на прогрес и просперитет, или пак претставуваат ретроградни политичко-економски концепти, кои не враќаат кон она што значи екстензивен модел на економијата.

Аналогно на сето погоре кажано досега, сметам дека и денешниот Предлог буџет, кој е изготвен од актуелната Влада на Република Македонија, може да послужи како документ од кои по едно дедуктивно, политичко гледање можат да се извлечат заклучоци за тоа каков е буџетскито третман на поедини буџетски ресори.

Имено, владеачката гарнитура на чело со СДСМ , ЛДП и ДУИ се во целосна можност низ пристапот во изготвување на Буџетот , како и вградениот политичко економски концепт да ја покажат логиката и карактерот на она што значи нивни политичко-економски програм.

Се поставува прашање каков е нашиот Буџет, односно каков е неговиот приод, методите во неговото поставување, дали нуди прогресивни решенија значи ли

неговиот концепт, тоа е еден наш приод, доближување до европските економски интеграции и НАТО структурите, значи ли потикнување на економскиот развој и просперитет во државата, се обезбедувааат нови вработувања и на крајот на краиштата дали се обезбедува поголема безбедност на државата.

Сето ова е одговор на сите поставени прашања кои ќе можат да се добијат и да се извлечат соодветни заклучоци внимателно и од сите аспекти разгледан на Владата изготвениот Предлог буџет за 2003 година.

Прибележувајки ги сите мои забелешки, недоследности и дефекти во предложениот Буџет, морам да потенцирам дека ги имам предвид основнит еопределби на РМ од сите аспекти, а за кој има општ консензус, од страна на сите политички партии на РМ, а тоа се интеграциите во НАТО и во ЕУ , како и мојот личен став и став на нашата партија по определени прашања, кои што се од суштинско значење за РМ. Тоа се прашања на економскиот развој, прашањето за безбедноста и создавање на она што значат оснвони претпоставки за влез во Европската заедница и НАТО структурите.

Нормално според мене за реализација на овие три клучни моменти, првични напори во тој правец, се токму напорите и предложените решенија во самиот Буџет односно Предлог буџет.

Но, дали е тоа така и дали Буџетот со неговиот концепт и целиот негов капацитет може во потполност да претставува одење во таа посакувана насока, или не.

Лично сметам дека предлагачот со целито респект кон нивната работ аи нивниот ангажман , не доволно ги има обмислено и согледано овие моменти , па дискутабилно е колку овој предлог буџет со изградените решенија и концептуалниот приод, значи реализација на основната политичка определба и за која, како што реков пред малку има се  партиски консензус во Република Макеоднија, а особено кога се има предвид ваквата поставеност, неовозможува ниту поголема безбедност, ниту развој во економијата, а од далеку да кажам дека сме во таква временска дистанца, што практично е невозможно интеграцијата во Европската економска заедница и НАТ структурите.

Конкретно кажано според податоците за Буџетот од 2002 и 2003 година покажуваат дека Буџетот во 2003 година по својот карактер е рестриктивен, т.е.помал за 5,2% , а со тоа всушност, е намалена можноста за инвестирањето или

стимулацијата во поедини гранки и дејности, а што би значело каков такво напредок на економијата.

Според мене, намалувањето на Буџетот значи и пад на економијата и предвидување за неможноста на еден позитивен тренд кој ќе повлече напред и обратно, политиката на зголемвуање на Буџетот би значело побогата економија и создавање на претпоставки за нејзин подем, т.е. дека таа се движи кон една нагорна линија.

Во овој момент сакам да потсетам и на ветувањата во предизборната кампања на сегашната владеачка гарнитура, која вети дека штом ќе дојде на власт, веќе има разработено економска програма, или економски програми што ќе обезбедат брз економски развој, просперитет, нови вработувања так акако што беше кажано барем по еден член од семејството, развој на индустријата, ќе ја вратат безбедноста во државата и што е многу важновомандатниот период да ја инкорпорираме Република Македониај во европската економска заедница и во НАТО структурите.

Сега ме зачудува нивниот однос и креирањето на една сосема нова политика и понудените решенија во самиот буџет и во висок процент а тоа е политиката на изговор дека сега евентуално се создава претпоставка за развој. Демек услови нема, а во нивниот мандат се створаат предуслови за раздвижување на економијата. Значи изборните ветувања се само ветувања или она што значи народско кажано “уста рекла уста одрекла”, важно е да се дојде на позиција на власт, а народот брзо ќе заборави што им беше ветено. Сметам дека тука могу се имаат излажано, а за изборната вага или измама во која беа ветени богатства и работни места сигурно ќе ги стигне народната клетва со одземањето на нивниот мандат.

Значи во делот на развојот и развојните решенија кои требаше да бидат понудени особено низ буџетската политика очигледно е дека не само што нема такви решенија, напротив присутна е една конструктивна политика која е дестимулативна, екстензивна и делува во правец на затворање а не отворање на нови работни места и нови капацитети. Така да паѓа во вода заложбата или ветувањето за отворање на можности за нови вработувања кои се само една фикција во главите на оние кои го имаат креирано буџетот како и во главите на оние кои што веруваат во неа.

Како поеклатантен пример за буџетскиот пристап и пристапот на владеачката коалиција кон економијата и развојот ќе го земам за пример земјоделието.

Општо познато е дека Македонија е претежно аграрна земја каде земјоделието и сточарството како доминантни се базна гранка. Може би и најголем дел од популацијата наоѓа вработување токму во оваа гранка меѓутоа во буџетот за потребите на Министерството за земјоделие се предвидуваат буџетски средства кои ни од далеку не можат ниту да ги задоволат потребите за негово одржување на сегашно ниво, а камо ли за развој и негово поттикнување кое ќе биде извозно ориентирано и конкурентно особено на западните пазари. Да не се залажуваме дека не можеме да произведуваме компјутери, машини, автомобили. Тоа што можеме да го понудиме е земјоделски производи и здрава храна, како што се грозјето, овошјето, тутунот, градинарските производи, пласманот на фармерското производство и негови производи итн.

Значи тука треба да го ставиме акцентот на буџетот, на буџетската политика, да се стави на земјоделието и водостопанството. За жал од она што можеме да го водиме во предлогот на буџетот, во делот на министерството за земјоделие не можеме никако да ја препознаеме политиката на давање на приоритет на она што кај нас е базна дејност. Нема стимулации на стопанството, на тутунопроизводството, во сточарството, познати се и проблемите со откупот на јагнињата. Значи една апсолутна дестимулативна политика која веројатно ќе стави крај на повеќеземјоделски дејности.

Слично, да не кажам уште полоша е состојбата и во сточарството и млекопроизводството каде што не само што нема развој и извозна ориентација на овие дејности, туку напротив тие во буџетот воопшто не се третираат, а со политиката на увоз на вакви производи се прави ненадоместлилва штета и целосно нивно изумирање како дејност. Ништо подобар не е буџетскиот третман во областа на безбедноста.

Гледајќи го буџетот и буџетскиот приот на издвоените средства на министерството за внатрешни работи и народна одбрана не може а да не констатираме дека предлагачот на буџетот пристапил сосема наивно како сметал дека безбедносната состојба во државата е добра и стабилна така што финансирањето на овие безбедносни структури го ставила на исто ниво или на пониско. И самиот предлагач на буџетот т.е. Влдата доста контрадикторно така што нејзините проценки на безбедносна состојба не едноставно кореспондираат со средствата издвоени со буџетот за овие безбедносни сруктури. Нејзините проценки се дека состојбата е тешка, значи дека е дестабилна, а во делот од територииte на

РМ, сеуште не е воспоставена ниту фактичка власт. На теренот имаме секој ден убиства, рушење на куќи, подметнувачи на бомби, фрлање на бомби, прогласена е слободна територија и истакнати албански знамиња. Не можноста на безбедносните сили да влезат во определени територии на РМ, нарушен територијален интегритет и суверенитет, дури и неможноста да се отстрани една обична биста, присутно оружје кај албанската популаицја некаде повеќе од 500 илјади парчиња и плус тоа растурање на единицата на лавовите, уништувањето на преку 20 илјади мини и на тенкови. Сето тоа зарем не е тоа доволно предлагачот на буџетот да извлече еден заклучок дека безбедносната состојба во најмала рака е дискутабилна. Уште повеќе што со нашата општа определба за влез во НАТО структурите каде зад нас лежи обврската за професионализацијата на војската и на полицијата, Владата требаше да има во предвид дека во делот на Министерството за внатрешни работи и за народна одбрана, финансирањето требаше да биде на едно повисоко ниво кое ќе гарантира мир и безбедност во РМ, и воспоставување на целосна фактичка власт на целата територија на РМ. За жал, издвоените средства во буџетот за оваа намена ни од далеку не може да гарантираат безбедност и во голема мерка ќе биде доведено во прашање функционирањето дури и во претпоставена состојба на војна и непосредна воена опасност.

Значи, констатацијата дека буџетот на РМ или поточно предлагачот ќе мора да направи соодветна корекција на овие делови т.е. на делот на одбраната и безбедноста.

За третиот сегмент т.е. Евроатланските интеграции, а за кои има консензус од сите политички структури во РМ, мислам дека не треба и да зборуваме имајќи ја во предвид севкупната состојба и креираната политика во рамките на овој предлог буџет што е презентиран пред нас.

Со условно претпоставено зголемување на буџетот на националниот доход од 3% од поставеноста на буџетската политика во делот на развојот на економијата стопанството, земјоделието, и друго очигледно е дека нашиот пристап или доближувањето до Европската економска заедница и НАТО е далечна иднина и само пуста желба.

Со таква стапка на пораст од 3% според предвидувањата на експертите за економија можеме евентуално да ја стигнеме најсиромашната членка на ЕУ, Португалија и тоа после 87 години под услов таа економски да тапка на место. Значи еден голем апсурд во економската политика на оваа владеачка гарнитура.

Затоа, ваквиот буџет и ваквиот пристап кон него за нас е неприфатлив и истиот мора во голема мерка да се корегира особено во сегментите на економијата, земјоделието, безбедноста и посебно во зголемувањето на напорите за наша компатабилност со западноевропската економија.

Што се однесува до буџетот може да констатираме дека во делот на приходите најголемиот прпоцент на учество одпаѓа на домашните даноци на стоки и услуги, односно на ДДВ и акцизите на кои отпаѓа 62,7% од вкупните приходи од 60,9 од данокот на производи. Сакам да потенцирам дека воведувањето и спроведувањето на ДДВ како извор и метод на прибирање на средства за потребите на буџетот, како и започнатата фискализација за спроведувањето на фискалните каси од страна на партиите на актуелната власт особено СДСМ ваквото решение беше дочекано на нож, со огромни критики, а заради маркетиншки мотиви. Денес како што гледаме ДДВ е носечки во поглед на буџетот, т.е. 62,7 од вкупните приходи.

Во поглед и прилог кон ова ќе го спомнам и моментот на надополнувањето на средствата кои се губат по основ на укинување на тн. воен данок т.е. приходи од овој воен данок во поголем дел да се дополнуваат од толку критикуваниот данок на ДДВ.

По прашањето дали со покачувањето на стапките на ДДВ по поедини артикли се зголемува или не вкупниот процент од ДДВ сметам дека актуелната власт сака да не стави во една состојба на масовна хипноза и да веруваме во нешто како таа сака т.е. дека зголемувањето на стапката на ДДВ дека всушност не се намалени. Треба јавно и гласно Владата и нејзината гарнитура да кажат дека стапките се зголемени и дека делимично буџетот ќе го полнат на товар на стандардот на граѓаните, а тоа значи дека ова веќе ќе донесе една нова категорија и поголем број на социјални случаи.

Од друга страна апсурдот да биде поголем се укинуваат поголем број корисници на социјална помош по различни основи, што значи префрлување од празно во шупљо. Се удри на најсиромашната социјална структура, на најсиромашната социјална категорија за да тие средства бидат дел од тоа кога во голема мерка, тие се околу 6 милијарди од предложениот буџет.

Би сакал да се осврнам и на осврнувањата на г-динот Петар Гошев како по однос на буџетот така и во однос на репликите на поедини пратенииц.

Сметам дека нивото на расправата беше под сите критериуми она што значи стружно и аналитижко имајќи ги во предвид неговиот настап и неговото однесување. Требаше истиот да се ограничи, мислам на неговите стручни образложенија на

буџетот, а не на еден, така да кажам кавгаџиски тон да ги лимитира и да се пушта во размислување на ставовите на пратениците по однос на предлогот на буџетот. Ако има определени позитивни сугестии не гледам зошто да се лути и да не ги прифати т.е. тие да станат составен дел на буџетот

За неговиот став дека предлогот на буџетот по својот карактер е социјален, развој па и политички, едноставно немам коментар. Веројатно станува збор за некаков уникатен пример на буџет кој ќе треба најверојатно и да го потенцираме. Затоа буџет со такви карактеристики е едновремено и социјален и развоен и политички јас не познавам, меѓутоа, ако понатаму го разгледаме мислам дека имаме некаков монтанс кој веројатно е се и сешто но, најмалку е таков каков што го декларираме.

Не може да биде социјален а истовремено да одзема од социјално загрозените т.е. да ствара повторно нови социјални случаи. не може да биде развоен ако не вложува таму каде што се створаат нови вредности т.е. во економијата, земјоделието и другите стопански гранки.

Ставот на Владата да не стимулира таму каде што најмногу можеме да створаме најголем доход, таму каде што можеби има и најмногу вработувања е неприфатлив. Неприфатливо е да не се стимулира тутунопроизводството, лозарството, градинарството и извозот на јагнешкото итн. Единствено можеме да признаеме дека буџетот е политички бидеј"и од креираната политика во него апсолутно се гледа дека актуелната власт ја има изразено својата волја и го има определено правецот на натамошниот од на државата.

Од тие прижини сметам дека предлогот на буџетот е лоша креација и едноставно неприфатлив за мене во обликот во кој што е предложен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Тасев.

Пред да му дадам збор на г-динот Јордан Михајловски, ги повикувам пратениците што не се во салата да влезат, затоа што после дискусијата на г-динот Михајловски ќе имаме гласање.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани претставници на Влдата, пожитувани колеги.

Уште на почетокот сакам да укажам дека сум против дилемата поимот рационален буџет да се заменува со екстензивен буџет. Наспроти сите дубиози од претходно проектираниот буџет овде се наоѓа буџетска проекција длабоко рационална во чија појдовна основа е штедењето. Наспроти свеста која се создаваше од претходната влада дека парите на народот може да се трошат неограничено и без да се поведе сметка пред нас имаме проект кој води сметка токму за поширокиот општествен интерес со нагласена социјална димензија. Со вака дефинирани ставки по дејности може да се обезбеди нормално функционирање покажува токму овој буџет со што на доставувачите и на Владата треба да им се признае и изрази едно чувство на одговорност за нашата реалност и состојбите во кои се наоѓаме.

Овој буџет не е направен со дефиниција за краткорочни ефекти. Социјалната компонента е примарна, нормално на овие услови на развој, а долгорочни резултати и ефекти допрва треба во перспектива да очекуваме.

Буџетот на РМ за 2003 година ги остварува проектираните цели на макроекономската политика во основа ориентирана кон запирање на порастот на невработеноста со основна цел поддршка на реформските мерки.

При ова храбропланираниот портаст на бруто домашниот производ од 3% со проектираната стапка на инфлација од 3% во овој момент би сакал да кажам неколку карактеристики како буџетот ќе се одрази во сверата на културата.

Во сверата на културата буџетот е проектиран со рестрикции од 7,3%. Кај културата бележиме помала стапка на намалување на средствата од некои дејности што ги финансира буџетот. Вкупното намалување на програмите во културата изнесува 42 милиони денари. Реално може да се очекува дека добар дел од програмските потреби ќе се надокнади од проекти и преку фондации. Најдрастично намалување се регистрира во сверата на заштитата каде од 154 милиони и 500 илјади денари во минатата година сега се планирани 110 милиони денари, меѓутоа, а ко се има во предвид дека другите дејности во последните години беа занемарени или поточно обесправени, а во културата нема дејности помалку значајни, намалувањето кај оваа дејност е очекувано.

Што се однесува до делот на манифестациите наместо планираните 40 милиони во 2002 година, сега имаме 35 милиони денари. Ние се наоѓаме во година кога не очекуваат одбележувања на јубилеите на славните историски настани. тука мислам на славната илинденска епопеја, меѓутоа, Одборот не е конституиран, нема

програма, не е дозволен молк од кабинетот на претседателот на државата, а со тоа нема ни дефинирана стапка во буџетот.Сметам дека во овој момент овој надостаток може да се избегне со тоа што Владата треба да планира средства за овие значајни настани достоинствено да ги одбележиме од буџетската резерва или од нешто друго, меѓутоа ова треба денеска да се има на знаење.

Заслужува внимание што со буџетот во културата се воведува нова ставка што ја немавме во претходните години, а тоа е меѓународна сорајботка. Таа ставка технички е изведена од другите ставки и има 28,5 милиони денари. Со оваа внатрешна прераспределба се обезбедува една консеквентна меѓународна политика во културата. Оттука и намалувањето на средствата по дејности е само техника.

Сакам посебно да потенцирам дека во внатрешната прераспределба и вреднувањето на програмите Минстерството за култура треба да стави акцент покрај другите дејности и на аматеризмот, што би било значајно заради актуелната состојба со младите и што е шанса за поголем нивни опфат со програми за насочување и за искажување на нивните креативни способности и во функција на очекуваната децентрализација во сверата за културата.

Министерството за култура треба да размислува и за стратегијата со која ќе ја пречека претстојната олимпијада во соседна Грција како наша шанса за доследна презентација на нашите културни вредности. За овие подготовки нормално потребни се средства и во другите министерства.

Сеуште во пракса во културата не заживеала целосно правилото да се финансираат програмите, а не платите. Во моментот под капата на Министерството имаме плејада на поединци и на институции. Секако дека ова треба да се разреши со новата трансформација што ја очекуваме со донесување под итно на националната програма за културата како стратегија за културниот развој.

На крајот сакам да потенцирам дека вака како што е проектиран буџетот со ставките за сите дејности, а особено за културата не се нарушува функцијата на дејностите туку напротив со него е дефиниран националниот интерес во културата.

Вака проектиран буџет јас ќе поддржам.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почиувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

По подолго време имаме буџет каде што наместо во државната каса односно државата да ги троши парите, наместо во јавната потрошувачка се насочуваат средства во стопанството.

Со овој буџет за кој расправаме денеска се предвидени помали давачки за повеќе од 100 милиони евра со што стопанството на Република Македонија кое е во многу тешка состојба се ослободува за оваа сума.

Растеретено од овој товар нашето болно стопанство се очекува голем дел од овие средства да ги реинвестираат, а овие реинвестирања да доведат до нови вработувања и нов извоз.

Оваа развојна функција односно компонента на буџетот е јасно воочлива. Само ваквата екоомска политика која со буџетот и другите пропратни мерки насочува на нови вработувања може да доведе до толку нов посакуван амбиент, бидејќи секоја држава, а особено мала држава каква што е Република Македонија не може да опстане без извоз. Тоа е јасно.

Буџетот и фискалната политика како и низа други мерки треба да го поттикнуваат производството и тоа пред се извозното ориентирано производство. За таа цел почитувани пратеници со буџетот односно по буџетот ќе следат низа мерки со кои ќе се кредитира по многу поповолни услови извозот со значително пониски каматни стапки, бидејќи со вака високи каматни стапки нема ниту развој ниту извоз. Тоа се познати мерки кои дадоа веќе резултати во во многу земји таканаречени земји во транзиција.

Овие неопходни кредити кои ќе се стимулираат со оваа економска политика ќе бидат пред се кредити за подготовка на производство за извоз и кои ќе бидат многу поповолни од сегашните редовни кредити, а економската политика, како што кажав, на Владата пропратена со низа мерки од овој буџет го предвидува токму тоа.

Почитувани колеги, ако немаме извоз како ќе ги враќаме долговите спрема странство чија вредност е околу 200 милиони долари годишно, како ќе увезуваме репроматеријали, како ќе увезуваме гориво и други неопходни потреби, бидејќи ако не ги обезбедиме овие средства за овој увоз ќе застене и онака слабото производство,а да не зборуваме за некое ново производство. Затоа се неопходни мерки кои ги предвидува оваа економска политика за запирање и намалување на трговскиот дефицит. Мораме да бидеме свесни дека енормното и неконтролираното задолжување кое беше големо во изминатиот период, а особено во последните 4 години мора еднаш да престане. Само таквата политика која ќе доведе до нов

амбиент кој веќе подолго време е лош, може да доведе на долги патеки до резултати и излез од економската криза во која долго време се наоѓаме.

Никакви квази мерки, никакво неконтролирано трошење кое се заговара од одредени пратеници и кое на прв поглед може да изгледа привлечно за одредена категорија на граѓани или на одреден регион не носи успех. Тоа всушност ќе претставува само натамошна агонија.

Беше речено во воведното експозе дека доколку би се задоволиле сите барања ниту ДДВ  односно ВАТ од 35%, па и повеќе, не би можел да ги задоволи, па затоа би се одело на енормни стапки што е очигледно апсурд.

Од опозицијата беше нагласувано дека инфлацијата наместо стабилниот курс би довела до развој, што не е точно. Јасно е дека аранжманите со ММФ, со Светската банка и другите меѓународни финансиски институции не го дозволуваат тоа, а Република Македонија почитувани пратеници не може да води некоја изолирана политика. Тоа им е јасно и на опозицијата, бидејќи тие во изминатиот 4-годишен период додека беа на власт ја водеа истата политика на фиксниот и на стабилниот девизен курс, а сега ете заговараат некаква инфлација која е невозможна, бидејќи во спротивно ни се закануваат уште порестриктивни мерки на монетарна политика, а ако тие не успеат понатаму се заканува неконролирана инфлаторна спирала која може да доведе до економски хаос и колапс и познатото таканаречено аргентинско сценарио за кое што верувам дека никој во Република Македонија било политички субјект, било поединец не го посакува.

Како што реков Македонија не може да води некоја изолирана политика во светски рамки. Бидејќи предлагање на некои квази мерки значи само фрлање на прав во очите и ефтин политички маркетинг. Тоа добро го знае и опозицијата.

И покрај тешката економска положба, бидејќи буџетот за прв пат од 1946, па до денеска е помал од претходнот, тоа е, како што кажав, максимално штедлив, најголем дел од буџетот, односно околу 50% од буџетот се предвидени за социјални трансфери, бидејќи Владата е свесна дека и понатаму до создавање на нов економски амбиент мора да насочува  значителни средства од буџетот на социјални трансфери, а тоа е всушност обврска од Уставот каде Република Македонија е дефинирана како социјална држава.

Затоа ве молам не треба да го напаѓаме буџетот и одредени економски мерки уште на самиот старт, бидејќи овој буџет како и другите економски мерки заслужува шанса, заслужува да се поддржи.

Затоа пратеничката група на ЛДП, а и јас лично ќе го поддржам и ќе гласам за него. Илузија би било да се очекува почитувани колеги за кратко време да се дадат некои брзи резултати, бидејќи е нереално и тоа треба да им го кажеме отворено на граѓаните било да сме од опозицијата или од позицијата. Треба реално да се претстави економската ситуација. Некои брзи резултати со волшебно стапче се невозможни, затоа е потребно доста време, трпелива макотрпна работа, а ако сакате и консензус на позицијата и опозицијата барем за одредени битни економски мерки.

Затоа, како што кажав ќе гласам за буџетот и ќе го поддржам неговото донесување.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Почитувани пратеници, сега ќе направиме пауза до 15,00 часот, меѓутоа, сакам да ве известам за следното. Немаме услови за гласање, туку во 15,00 часот кога ќе продолжиме ќе гласаме.

Во среда закажав итна седница за ратификација на СОФА аранжманот со Европската Унија. Во четврток знаете седницата ќе биде предвидена за пратенички прашања, што значи дека немаме многу време за да можеме комотно да работиме и затоа ќе побарам во продолжението денеска да работиме до 19,00 часот, а зависно од динамиката на дебатата ќе побарам и утре да продолжи многу по 19,00 часот, се разбира со гласање, согласно членот 64 став 4. Доколку одиме со оваа динамика имам предвид дека има поднесено 55 амандмани за кои треба дебата. На страна тие што се прифатени или повлечени. Тие ќе одземат сигурно 4 до 5 часа сами за себе, надвор од општата расправа.

Значи за ова ќе се изјасниме по продолжувањето на сесијата, сега објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, без да му се даде збор, побара седницата да трае до 17,00 часот поради велигденските пости. Побара ова да се има во предвид сега и во иднина).

За тоа ќе гласаме по паузата која веќе ја дадов.

(Паузата е дадена во 14,05 часот).

(По паузата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Иванов Љубисав.

Нема 61 пратеник, инаку ќе гласаме. Почекајте господине Иванов, господинот Трендафилов има деловнички.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Поповски, самиот факт дека во моментов оценивте дека нема кворум во Собранието на Република Македонија, ме наведува на една претпоставка која делумно ја кажав пред да прогласите пауза. Имено, вообичаено е да се консултирате со пратеничките групи, до колку сакате да го промените режимот на работа.В, во овој случај како претседател на Собранието на Република Македонија диктирате по кое темпо ќе се работи, што е неоспорно и за што имате право. Но, на начин како што претходно, пред прогласување на паузата кажавте што треба да гласаме по продолжување со работа во Собранието на Република Македонија воведувате еден опасен принцип дека само кога станува збор за партиски активности на СДСМ или за верска потреба на некои од пратениците, сте во состојба да го скратите времето на работа на Собранието на Република Македонија. Значи од истиете принципиелни причини кога јас ве замолив односно ви сугерирав да ја преиспитате вашата намера да работиме до тогаш кога треба да работиме, односно до 17,оо часот. Затоа што, на дневен ред имаме исклучително важна точна, а веќе за во Среда закажавте седница на која ќе треба да разговараме и евентуално да го ратификуваме договорот со Европската унија за инсталирање на европски одбранбени сили во Република Македонија. Од тие причини уште еднаш апелирам до вас да не правите преседан, кој во иднина можеби и ќе има поголеми реперкусии врз нормалното работење на законодавниот дом, да не наликуваме на политбиро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов, што ви е деловничката забелешка, или предлог?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Предлогот не е ништо поинаков од оној што пред малку ви кажав да завршиме со работа во 17,оо часот и да продолжиме тогаш кога вие сметате дека треба да продолжиме со оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

До 17,оо часот Собранието работи вообичаено. Јас имам предлог денес да работиме до 19,оо часот, согласно член 64 став 4, ќе го ставам на гласање и ќе одлучи Собранието на Република Македонија. Тука нема никаква претенциозност, нема ништо, ни политбироа, ни партиски активности. Се работи …………Господине Трендафилов, не ме прекинувајте, јас не ве прекинав ниту еднаш, а јас го имам правото вас да ве прекинам. Не се работи за партиски активности. Како оди динамиката на донесувањето на буџетот, ако работите од 10,оо до 17,оо часот, ние можеме да работиме уште 10 дена, а до 31 март мораме да го донесеме буџетот. Ако има потреба некој ден ќе работиме и до 10,оо часот. Функцијата пратеник подразбира дека некогаш треба да се работи повеќе, за да се завршат некои работи.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сепак, не покажавте дека до сега така се работело.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога има потреба за повеќе работа, ќе се работи и повеќе. Затоа сум јас тука, за да одлучам за тоа.

Збор има господинот Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Ако нема реплики, тогаш да почнам.

Другарки и другари, господине претседателе, ти благодарам што ми овозможи да дојдам на оваа говорница. Таа, обично се користи за реплики, контра реплики, кавги, расправии и т.н. Јас немам намера и овој пат ќе отстапам од традиционалните мои дискусии во врска со приходниот и расходниот дел на буџетот. Немам намера за тоа да зборувам, затоа што тој како е дефиниран и во која величина и од кои извори, јасно е дека не може ништо да се интервенира. Тој

буџетски колач е сосема мал. Озворите од кои што доаѓа да се полни одамна веќе пресекнаа. Не Петар Гошев да предложи како да се потроши тој буџет, туку и Свети Петар во каков е тој обем и каква е структурата и потребите на потрошувачката нема кој може да ги задоволи тие потреби. И тој колач, треба да размислуваме како да го направиме да биде погача. Не со зголемување на зафаќањата од стопанството, од економијата, од народот, туку со силниот развој на економијата.

Затоа, ќе зборувам за некои состојби за мои идеи како тоа да се решава и за предлози како да се излезе од оваа хаотична состојба. Се плашам, слушајќи денеска, вчера дека ние не сме свесни во ваква состојба се наоѓаме. Нормално е Владата на Република Македонија да предложи еден буџет и во своето уводно излагање самиот министер за финансии да понуди еден ведрина, да понуди еден оптимизам, со кој сепак мисли дека овој очај треба да се претвори во некоја нада.

Меѓутоа, драги мои колеги, состојбите во економската економија се драматични. Таа драматика, еве се огледа и за овие неполни три месеци, со големиот понатамошен пад на економијата во Република Македонија. Тој пад и тоа движење во рикверц трае многу години. Тој транзиционен пад е многу долг и денеска ние практично доживуваме транзициона хаварија, или транзиционен слом. Не како резултат на работењето од оваа година наваму, туку како резултат на транзиција која трае веќе 12 години. Ако тоа не го сфатиме, и ако овде се расправаме да тој мал колач како да го делиме и да се фалиме едни, дека нудиме со тој мал колач излезни решенија и други, да го напаѓаат, ништо од тоа. Ако ние денеска имаме производство кое 30% до 40% од производството во 1989 година, ако имаме 400.000 луѓе невработени, ако имаме половина од тие што се вработени се вработени во администрацијата, ако имаме страхотно заостаната технологија, дезинвестирање од 12 години, тоа значи фабрики кои што ги изградивме некаде во 180-тите години, 70-тите години, ако имаме еден дефицит, надворешен, трговски 850 милиони долари, ако имаме ваква огромна социјала, сиромаштија, беда, ако немаме инвестициони зафати веќе една деценија, ние сме практично во изузетна тешка состојба. Затоа треба, мислам, дека никој не може тоа да го порекне. Ако ние 90-тите години бевме по технолошки развој по продуктивност, по економичност, по стручност испред една Бугарија, Романија, дури би рекол испред една Полска, не по обем, туку по техничко ниво. Ако нашите фабрики беа наполнети со опрема од западните земји со последен крик на технологија, ако имавме пазарна економија, ако имавме една врста на акционерство со работничкото самоуправување. Сите овие земји беа позади нас 10-

тина години, некои и повеќе. Обично, кога одевме во тие источни земји не не пуштаа во фабриките затоа што тие јадно изгледаа со опрема набавена во источните земји, со огромна потрошувачка на енергија, со ниска продуктивност и т.н. Како тогаш ние за овие 12 години заостанавме зад сите тие земји? Како тие земји успееја да избијат испред нас? И, денеска имаат и поголема продуктивност и поголема економичност и повисоко технолошко ниво. Каде ги направивме ние нашите големи грешки? Сите. Никого не обвинувам посебно. Сите, како луѓе, како граѓани, како држава. Сите како партии, некој повеќе, некој помалку. Затоа, нашата одговорност денеска е голема во Република Македонија, а сите не сме роден 90-тите години. Сите учестдвувавме во градењето на оваа земја. Имаше некои кои нудеа решение, кои имаат идеи, кои предлагаа како да се развива Република Македонија. Имаше луѓе кои беа и способни да се зафатат со тоа, меѓутоа, прашање е каде ги тргнавме ние. Затоа ние не можеме да градиме самите своја политика економскас. И, овде беше речено зошто не се спроведуваат изборните програми. Па, не може, затоа то изборните програми не ги правеше Меѓународниот монетарен фонд. Ние го имаме него веќе 10 до 12 години. Тој има своја стратегија, своја тактика, свои решенија кои не се поклопуваат со економиите развиени на запад и кои практично исто така решенија не доведоа до тука. Меѓутоа, ние од тој Меѓународниот монетарен фонд пак не можеме да се откачиме. Зависни сме од него. Тој не се нуди сам, ние го викаме, така е поставена светската финансиска структура, да без него не може ништо да се решава. Ние оние договори со Парискиот клуб, Лондонскиот клуб, ниту пак финансиска поддршка од  било која банка во Европа, а можевме ние ако бевме умни 90-тите години кога Република Македонија имаше силна економија во однос на оваа. Можевме да тргнеме по патот на излезот да се зафатевме со решавањето на економските проблеми. Економските проблеми не беа доминантни. Се занимававме самите со себе, кавги, расправии, навреди и т.н. Никој не градеше концепција како да излеземе од таа ситуација. Ние 90-тите години испуштивме една голема можност. Денеска прв пат за тоа ќе зборувам еве тука. Имав прилика да зборувам со некои актери од тоа време пред некој ден. Одевме ние, јас како претседател на банката Стопанска, единствена банка вло Република Македонија и нејзиниот директор Љупчо Поповски од врата на врата, им кажувавме што прават Словенците, а јасно беше дека се распаѓа Југославија. Што прават Хрватите, Србите. Тие ги активираа динарските резерви посебно словенците во откуп на девизи. Дозволија на граѓаните да влезат во црвени салда. Се водеа расправи и во Владата на Република

Македонија и на други места. Владата на Република Македонија беше поделена по тоа прашање, па си викнаа и советници луѓе од Белград, луѓе наши, беа таму и тие советуваа да не се влезе во таа авантура. А можеше Република Македонија да откупи преку милијарда долари тогаш, можеби и повеќе. Словенците откупија 2,4 милијарди. Немаше храброст, се мислеше дека тоа не е исправно и не е законито. Ако тој потез го направевме тогаш, а подоцна го направија Хрватите, меѓутоа, како и србите ги фрлија парите во потрошувачката за разлика од словенците кои ги ставија во преку 30 - 40 банки надвор и после ги донесоа и не им требаше Меѓународниот монетарен фонд.

Заправо, меѓународниот монетарен фонд го коистеа за совети,за препораки, како институција, која практично го претставува финансискиот капитал на запад.

Втората наша голема шанса беа санкциите и блокадите кои што беа према Македонија. Ние тогаш моравме енергично да побараме за надокнадување на огромните штети што ги претрпевме со блокадата од Грција и од санкциите кои ги воведе меѓунароната заедница. Немаше храброст, немаше одлужност, немаше единство по тие прашања, за што јас сега сакам да зборувам.

Третата шанса беше војната према Југославија. Тогаш во 1998 година можеби многу од нас се сеќаваат дека зборував кога веќе мораме да ја ставиме државата на располагање, барем тоа да го наплатиме, како тоа што го прават многу земји.

Тие го искористија вакумот на одење на една влада и доаѓањето на друга влада, а немајќи ние квалитет кој ќе ги припремеше решенија, одлуки, предлози во тој поглед. Никој сам не се сети да ни понуди пари.

Четвртата шанса ни беше со Рамковниот договор. Тука не ја искористивме можноста. Не ги искористивме тие можности за да ги создадеме девизните резерви и да се ослободиме од стратегијата на ММФ да ја креира практично економската политика во Македонија. Тука ние не можеме да му се лутиме на него. Тој ни треба нам, а не ние нему. Затоа тој воопшто не го интересира социјалата во државата. И затоа тој си има своја концепција, своја стратегија на ниска инфлација, а инфлацијата е убиствена за развојот на економијата. Таа треба да се димензионира колку толку да не ги поремети пазарните односи во државата и курсот, но да биде како локомотива за развојот на економијата. Таа диктира ниска потрошувачка, високи камати и дебели инвестирања. Таквата политика еве што е продукт на една таква политика. Таквата политика не доведе до ова дереџе, која ние моравме да ја прифатиме. По право првиот Парламент, прв пат кога се усвојуваше

макроекономската политика пратениците ме послушаа тогаш и не ја усвоивме макроекономската политика. Тогаш беше првиот претседател што формираше влада господинот Кљусев, па ја одложи седницата, па утредента ги готвеше, партиите се вклучија. Тогаш немаше таква партиска дисциплина како сега. Тогаш имаше многу сободни стопанственици кои ја разбираа проблематиката. И ни беше речено ова ќе важи два месеца, а потоа ќе донесеме друга макроекономска политика. Ниту донесовме, ниту повеќе расправавме за тоа.

Затоа дами и господо се се сведува на развојот на економијата. Тоа што го зборувам 12 години. Денеска мораме да бидеме свесни тука треба и опозиција и позиција и оние партии што се во Парламентот и оние што се надвор да седнеме и да постигнеме национален договор како да ја подигнеме економијата од оваа состојба. Преку кои форми  методи. Тука е речено и во буџетот дека нашиот најголем проблем е вработувањето. Ако е тој проблем, а сигурно е дека е тој проблем и не е само тој. Тогаш мора да се има стратегија како брзо да го дигнеме вработувањето во Македонија и во кои области, со какви пари, со какви инвестиции. Земјите кои беа во транзиција и земјите кои станаа таканаречени тигрови од далечниот исток, првиот развој и ублажувањето на невработеноста го направија во лесната индустрија и во земјоделието. Нема тука филозофија. Нема тука нешто ние да измислуваме. Тоа е проверено и направено во светот. Марјан Ѓорчев рече дека Светската банка барала дека за секое работно место треба 12 илјади евра. Да. Но не во лесната индустрија. И не во земјоделието. Тоа е просек кој ќе се земе високо технолошки развиени процеси, каде што инвестициите се огромни, каде што изнесуваат по 40, 50 и 100 илјади евра и кога ќе се земе лесnaста индустрија, која сеуште неможе да се автматизира, или компјутеризира, и која може со многу помалку средства. Јас тврдам за едно вработување од 50,60 илјади нови вработувања, не треба повеќе од две до две ипол илјади евра.

Имајќи предвид дека имам огромен број празни хали, изградена инфраструктура, патишта, вода, струја и тн. тоа се конфекциски фабрики, тоа се фабриките за мебел, тоа е чевларската индустрија. Ние во тој поглед мораме да имаме договор. Како првиот бран на невработеност да го решиме. Во кои делови ќе инвестираме во земјоделието. Во семејни ли фабрики, во семејна ли дејност. Јас сеедно слушам ќе инвестираме во мали и средни претпријатија. Размислувам, мозгам. Кои се тие претпријатија, кои се тие области. Неможам да дојдам до заклучок. Што е таа дефиниција мали и средни претпријатија. Кој ни ја уфрли оваа

теорија. Дали ни ги уфрлија овие меѓународни финансиски институции, или тие меѓународни мангупи. Некој ни го уфрли тоа. Јас разбирам да го развива тоа Германија, Франција, Америка, или Германија која има огромна автомобилска индустрија, огромна машинска индустрија, огромни други индустрии. Ние се што беше поголемо и околу кое можеше да се развие, да се развие тие средни и мали претпријатија, како што ги нарекувате вие, таа индустрија ја нема. За кого да работиме ние? Имавме една фабрика за автобуси и таа ја затворивме. Имаме ли ние машинска индустрија развиена, па поедини фирми да работат, поедини да не работат. Немаме автомобилска индустрија. Фолсфаген има 3,4,5,6,7,8 илјади коопeранти, може некој друг и 100 илјади. Фолсфаген воглавно склопува делови. Можеби еден ден, кога ние ќе влеземе во ЕУ, а еве уште неможеме да станеме асоцијативен член , а не да влеземе таму. Таму не се влегува со искинати отпозади панталони. Таму се влегува ако имаш јака индустрија. Не е проблем човекови права, слободи и така натаму. Проблемот е економското ниво, економскиот развој. Според тоа, ние можеме нашиот развој најбрз да го направиме во насоката со што располагаме со суровини. А тоа се суровини кои доаѓаат од земјоделието, од примарното производство, кое мора многу силно да се развива и понатаму преработувачката и производство и преработка на минерални суровини и на други суровини што ги имаме во Македонија, па да речеме шумите и тн. И ние наместо да се насочиме во реони и објективни рамки, некој рече овде дека ние како да сме стекнале некои навики да влеземе во високите технологии. Далеку сме сега барем од тоа не можевме да размислуваме 90-те години кога бевме во шпицот на знаењата и технологијата во светот. Ние сме далеку не само со опремата со која располагаме, туку и кадровски со знаења во науката во образованието и така натаму. Оној практичен дел што значи, не теоретски.

Според тоа јас мислам и предлагам, ние мораме да изградиме една платформа, со која платформа ќе постигнеме по многу прашања консензус. По сите прашања практично се од карактер кој ќе овозможи еден динамичен економски развој на државата. А тоа значи прво нашата определба. Првото прашање кое мораме длабоко да го разработиме и длабоки студии да направиме,стратегии да направиме, а тоа е нашето влегување во Европската Унија. Ние само зборуваме дека ќе влеземе во Европската Унија. Овде беше Проди, ни држеше говор и ни кажа што ние треба да направиме, па да влеземе таму. Јас со внимание го слушав, верувам дека и вие го слушавте. Со какви параметри, со какви стандарди може да се

влезе во ЕУ. Ако имате вие просек 300 марки, односно 150 евра лични доходи, ако имате 400.000 невработени, ако имате и вработени кои не земаат плата неколку месеци, не се влегува во Европската Унија. Целиот народ ќе полета према таа Европска Унија. Ако ќе биде ограничено, пасоши, шенген и тн., Тоа е товар за Европската Унија. Европската Унија не не зема така. Према тоа, ако немаме ние изградена стратегија и ако немаме направено студија, кои параметри на кој начин и како ќе ги постигнеме, нема европска унија.Кој сака нека биде на власт, и Социјалистичка партија и ВМРО и незнам кој друг. Никој. Ние сами себе се залажуваме. Според тоа, во тој поглед треба да седнеме како партии. Еве предлагам да биде организатор претседателот на Собранието, скоро имаше анкета за најпопуларна личност. Можеби е наместено, но мислам дека е. Тој да ги обедини сега овие сили. За местењето беше шега. Тој да ги обедини сега овие партии, лидери и тн. Да го градиме консензусот, национален, државен. Понатаму тоа е битно да можеме да влеземе ние на еден пазар. Да можеме да ги користиме благодетите од тој пазар. Но за да влеземе треба да ја подигнеме економијата, ќе мора да ги решиме овие проблеми и ние на таа Европа треба да излеземе.

Господо, не е проблем да ги решиме човековите права, слободи, демократија и тн. И вие ги немате многу. Дајте сега помогнете како да ја дигнеме економијата. Па тогаш да постигнеме консензус исто така во однос на водењето на надворешната политика и дипломатијата. Еве вие гледате една каша е. Нашата дипломатија не се занимава со економски проблеми. А таа дипломатија е огромна. Таа ни треба веројатно 1/3 од неа. Но тие што се таму, тие мораат да бидат оспособени како што гледате овде овие амбасади, амбасадори се е насочено на економски прашања и економски интереси. Уште повеќе, ние изградивме еден конзензус, 1996 година. Кој го напушти во водењето на таа надворешна политика. Некој го напушти. И затоа денеска имаме ние каша во дипломатијата. Прво имаме разединување по битни прашања  меѓу власта. На една страна Владата, на друга страна претседателот. А исто така, и различити настапи на наши партии, било тоа да се македонски, било да се на националностите.

Според тоа, ние мораме надворешната политика и дипломатија да ја ставиме во службата на економскиот развој на Македонија.

Националните прашања и меѓунационалните односи ние најдобро ќе ги решиме не со вакви договори, чуда и така натаму. Со влегувањето во Европската Унија. Тогаш македонците од оваа Македонија, ќе живеат со македонците од Егејска

Македонија и македонците од Пиринска Македонија. Но нормално морам да се договориме за неменување на граници. Тогаш албанците можат слободно да комуницираат, соработуваат, работат, со албанците од Албанија, Косово и така натаму. Значи во едни отворени граници сите потреби се задоволуваат од секој карактер. И тука треба да го гледаме мислам решението на тие меѓунционални односи во таа насока. Голем удел во нашиот економски развој може да одигра дијаспората. Но не дами и господо, вака како се однесуваме спрема дијаспората. Која партија ќе отиде, ја напаѓа другата партија.

Со најбрутални искажувања ја исподеливме дијаспората партиски. Наместо да ја спојуваме и таа дијаспора можевме да ја искористиме и во трансферот на технологијата затоа што тие имаат и пристап до тие технологии. А, можевме да искористиме и финансиски. Не само македонците, и албанците во таа дијаспора. Наместо тие да собираат пари за голема Албанија, да собираат пари за развој на сопствената држава и сопствениот народ тука во Македонија. Тука ние треба да се договориме со сите партии.

Јас да ви кажам една друга работа. Работам со Турција преку 30 години. Најголемите бизниси сум ги направил со македонците во Турција, а тоа е огромна маса. Некои велат дека Истанбул е најголем македонски град, Измир и тн. Зошто ние тој голем потенцијал, ние треба да се ослободиме од разни предрасуди, тој потенцијал и воопшто Турција како има политика према нас во Македонија исто така не го искористиме во тој правец. И тука треба да постигнеме еден договор меѓу себе.

Исто така мораме да се договориме за равнотежата во државата. Ние имаме Устав каде се определени законодавната власт, законодавниот дом, Владата како власт, претседателот како власт и судството. Тоа е убаво напишано во Уставот меѓутоа тоа не функционира во праксата. Практично Владата се наметнува изнад и не само оваа, туку и онаа претходно, се наметнува изнад законодавната власт. Таа не води сметка за она што мисли опозицијата, а опозицијата во светот се смета дека е таа носител на демократијата. Секогаш затоа што таа ја следи власта, таа ја корегира власта, таа и укажува на недостатоците и тн. Ние овде кога ќе имаме таква ситуација веднаш реагираме како да се работи за големи непријатели. Веднаш кажуваме ти што си направил, ти како си направил и тн. а од тоа не се живее. Таа работа кој што правел, како правел постојат органи, тела кои треба да ја работат. Значи ние мораме да престанеме со кавгите, со навредите, со големите напишани

говори за да некој се навреди, нападне и тн. Ние мораме да размислуваме за интересите на државата.

Следно прашање за кое мислам дека треба да се договориме е правната држава, да владее правото, да владее законот...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Иванов ќе ве молам да се фокусирате малку повеќе на точката, а тоа е Буџетот за 2003 година.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, јас мислам дека Буџетот за да го направиме онаков каков што треба и да ги задоволува потребите на македонскиот народ и македонската држава мора тој буџет да се дигне, да нарасне, да се дигне, да му обезбедиме извори да го храниме буџетот. Според тоа мораме тоа да го направиме низ економскиот развој, а за да може да се направи мора да се разрешат овие прашања. Мораме ние да се договориме по битните прашања кои ја дигаат економијата, од кои зависи економијата. Јас можам, ако сакате да зборувам дека оваа ставка од Буџетот не е добра, дека треба да се смалат средствата кои се даваат за Министерството за одбрана и да се дадат таму и таму и да образложам причини зошто тоа да биде, меѓутоа нема од тоа корист. Затоа јас не сакам така да дискутирам. Сакам да зборувам како тој буЏет да го имаме утре во таква величина и во такви пропорции да размислуваме како што размислува светот, како да го употреби суфицитот, во кои правци, во што да се вложат тие пари, што да се развива затоа што има многу држави што неможат тој суфицит да го потрошат само во изградба на патишта, на водоводи, на електрификација, затоа што сето тоа го направиле. Денеска во Германија е многу тешко да се направи нов автопат. Тешко е да се обезбеди земјиште затоа што има луѓе кои што не дозволуваат веќе да се нарушува човековата околина. Затоа зборувам за тоа ние утре да имаме такви приходи а ние утре ќе ги обезбедиме низ економски развој. Затоа зборувам да излеземе од оваа состојба, затоа зборувам да постигнеме национален консензус по овие прашања од кои што зависи економијата. Ако немаме правна држава, ако ги немаме решено прашањата со плаќањата, со сигурноста во плаќањата, ако неможе да се стават во оптек хипотеките, залогот и тн., никој не влегува овде со средства, со сопствен капитал за развој.

Ако ние продолжиме и понатаму да продаваме се што имаме, и за тоа треба да се договориме и да продадеме уште ова што остана од Електростопанство ние ќе останеме држава која ќе нема имовина да даде за гаранција за кредит. Ќе немаме имовина за тоа и дали треба да идеме во една таква приватизација понатаму. Да седнеме тоа да го расправиме и да се договориме и да постигнеме консензус по тие прашања. Тоа што некои се фалат дека некои загубари решиле, тоа е на грбот на останатото стопанство. Според тоа решението и во Буџетот и во државата и потесно и пошироко е низ развојот на економијата и решавањето на економските проблеми.

Јас би ве замолил дами и господо вие, ние овде во Парламентот да гледаме со очите на нашите гласачи, зборуваме тоа што тие зборуваат. Во нашите срца да бидат нивните проблеми, а во наите глави да бидат секогаш решенијата кои не водат од оваа тешка состојба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Вејсели Абдулахи.

ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАХИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денеска навистина се води една дебата за еден многу значаен предлог од страна на Владата. Тоа е Предлогот на буџетот за кој можеме во најмала рака да го земеме искуството кое ние како Парламент сме го имале во изминатите години. Многу мала важност му се даваше на ова прашање во споредба со тоа каква тежина има прашањето поврзано со Буџетот кој денеска треба да се усвои од Собранието. Сигурно дека ние не можеме да го промениме, меѓутоа дури и да интервенираме во Буџетот, затоа што Буџетот е еден голем проект во чија подготовка се ангажирале многу институции и сигурно со интервенцијата која се прави тука уверен сум дека се неприфатливи за Владата односно Министерството за финансии затоа што го расипува целиот концепт на Предлогот на буџетот.

Јас мислам деа ова што е подготвено, земени се мислења од повеќе институции кои се државни  и кои се финансираат од Буџетот и јас не би гиупатил моите забелешки на професионалниот аспект или професионалната подготовка или придонес кој е даден при подготовката на овој предлог на буџет. Мојата дискусија повеќе ќе биде насочена на друга страна, каде можам слободно да кажам дека

можам да дадам сериозни забелешки, дека многу малку е земена предвид политичката компонента по Предлогот на буџетот за 2003 година.

Партиите кои се на власт и ние пратениците кои сме тука ја претставуваме волјата на нашиот електорат и на народот воопшто и сигурно доколку се постави прашањето дали некој буџет кој се предлага ги задоволува интересите на сите граѓани од која било област на која тие и припаѓаат сигурно дека не. Меѓутоа јас мислам дека овој предлог на буџет многу малку содејствува со разговорите, политичките преговори кои се водат меѓу политичките партнери затоа што многу малку се земени предвид ветувањата дадени од страна на владините претставници за реализација на барањата и интересите.

Јас би сакал да истакнам дека во текот на изминатиот период, или подобро кажано после конституирањето на новиот Парламент воспоставени се многу контакти кои ги нарекувам слободно политички контакти и политичката влоја, политичката волја може да се изрази преку закон и друга форма, мислам многу малку се земени предвид политичките разговори и предлогот.

Мислам дека со овој предлог на буџет за 2003 година кога говориме за трошоците кои што ќе ги прават институциите на РМ, многу малку се земени предвид договорите кои ги имаме па дури и Рамковниот договор како и другите договори политички било кај претседателот Трајковски со лидерите на политичките партии потписнички на Рамковниот договор или договори за кои сме чуле преку медиумите за она што се договориле коалиционите партии.

Јас мислам дека мандатот кој го добивме и ветувањето кое го дадовме пред граѓаните, пред електоратот воопшто со платформите со кои сме се појавиле пред граѓаните, јас мислам дека за партиите на власт тоа треба да претставува дел од владината платформа. Пред одредено време беше подготвен и акциониот план на Владата и ќе треба да се изврши неговата имплементација. Средства во Буџетот за потполна имплементација на Охридскиот договор јас не гледам соодветни средства за адекватното преставување на албанците во државните институции. Јас се согласувам и не негирам дека Буџетот за 2003 година навистина е Буџет со кој се сака да се штеди. Тој е Буџет за штедење поради големите обврски кои останаа на оваа Влада од претходната Влада. Меѓутоа тоа не значи дека треба да ги запоставиме интересите на граѓаните на РМ, затоа што има одредени сегменти кои се опфаќаат со овој буџет и кои не ги задоволуваат ниту елементарните стандарди

за да постојат во некои области кои е чувствителни за граѓаните на Република Македонија.

Јас би сакал да се задржам на еден многу значаен сегмент на нашето општество, и еден сегмент кој навистина е од суштинско значење. Сегмент кој што е многу значаен за општеството затоа што општеството не може да постои без него. Тоа е образованието каде навистина јас мислам дека овој пат е запоставено. Тоа е еден сегмент кој треба сите да ги засегне независно од националното или етничкото потекло или етничката заедница на која припаѓа. Меѓутоа јас чувствувам обврска да кажам дека во образованието оваа година за образованието ќе биде многу течка година затоа што во Предлогот на буџетот за 2003 година не гледам некој пораст на приходи во Министерството за образование, односно зголемување на бројките како бројки, а расходите некаде се намалени во споредба со 2002 година.

Во образованието имаме една многу тешка ситуација. За тоа најдовме одредено решение во 2002 година. Јас велам многу пати сум излегол на гласање и секаде ветуваа и си земаа за обврска дека доколку не го дадете мандатот ќе се обидеме во областа на образованието да создадеме едно образование со европски стандарди, со нови училишта, а не со застарени објекти во кои не може да се спроведе наставата, било да е основно, средно а да не говорам за високото образование на албанците во РМ. Како пример ќе ја земам мојата општина. Ова го потврдувам и со факти затоа што сведоци се граѓаните и оваа сеанса е јавна и ја гледа секој граѓанин во РМ. Верувајте има училишта, говорам за основни училишта кои се градат уште од 1998-1999 година и останале во иста состојба. Сега ние кога треба да инвестираме Буџетот оваа година не дозволува средства за довршување на изградбата на овие училишта и ќе останеме во ситуацијата во која сме биле четири-пет години.

Сега се поставува прашањето кој е обврзан да го финансира довршувањето на изградбата на овие училишта. Со оглед на фактот дека имаме училишта во околината на Тетово кои учат во училишта каде немаат основни услови за учење. Може да ги спомeнеме и со имиња затоа штоне се работи за едно или две, се работи за многу средини каде навистина нема основни услови, а ние како одговорна генерација, како генерација која имаме обврска да им создадеме основни услови за учење ќе чекаме новите генерации , младите генерации да имаме образование со европски стандарди.

За средното образование посебно за Тетово, ја имаме Гимназијата во Тетово во која нема доволно место учениците да следат настава. ВеЌе со години тие ученици учат во други објекти и тоа учат во основни училишта каде наставата оди во три смени кои им пречат на децата од основнит еучилишта да учат според стандардите кои им ги создале претходно и не само што овие ученици не можат нормално да следат настава, туку им пречат и на децата од основните училишта. До кога така ќе се продолжи училиштата да работат во три-четири смени поради недостаток на  соодветен училишен објект во кој ќе можат да учат децата од средните училишта.

Јас го земав како пример Средното училиште во Тетово, меѓутоа, слична е ситуацијата во сите училишта во Тетово, а и пошироко. Затоа во оваа насока требаше да се има предвид дека оваа година  сите сме се определиле за европска интеграција и треба д аодиме кон тие реформи вклучително и реформите во образованието. Кога ќе постигнеме европски стандард доколку едно албанско училиште во Тетово или било кое друго училиште има 40 до 45 ученици во едно одделение. Дали некој друг ја има одговорноста освен Владата да им обезбеди соодветни услови и објект со се' што е потребно . Дали треба да имаме квалитетни ученици со сите потребни квалитети кои би требало да ги има еден ученик од средно образование без сите потребни материјали и опрема кои треба едно училиште да ги има.

Како што реков на почетокот на мојата дискусија сигурно дека не можеме да направиме денеска и да го срушиме целиот концепт на буџетот. Потполно се согласувам со тоа, но би сакал да знам колку барања се доставени од соодветните министерства за реализација на овие барања кои претставуваат барања на граѓаните. Тука ги изразувам барањата на граѓаните. Доколку се воделе такви разговори и дебати ние не сме доволно информирани, тоа е друга работа, меѓутоа, доколку од средствата за информирање слушаме дека немало такви дебати и реакциите доаѓаат дури откако ќе помине Предлог буџетот, тогаш тоа не е во ред затоа што ги земаме на душа цела генерација на млади луѓе . Еден ден ќе треба да се навратиме на овој  процес, ќе треба да помогнеме во оваа насока како општество, не како Влада за да го реализираме тоа што сме го ветиле, тоа што претставува наша политичка платформа како политичка партија, но и тоа што претставува наша обврска како во Владата така и во Парламентот за реализација на барањата на граѓаните на Република Македонија.

Јас ќе се задржам на еден могу значаен сегмент за мене и мојата партија, но мислам и за граѓаните воопшто, а тоа е  високото образование на албански јазик, кога го спомнав то амислам на тетовскиот универзитет . Нема воопшто да бид еполитички маркетинг затоа што со години сме биле во потрага по политичка волја од било која Влада на РМ да се покаже добра политичка волја за решавање на овој проблем и тоа не само декларативно, туку конкретно да се спроведе и во пракса, да се покаже добра политичка волја затоа што за секоја идеја која се раѓа и се прифаќа својата потпора ја наоѓа врз финансиска основа и еве денеска овој Предлог буџет преку давањето на средства на една институција може да се обезбеди неговата егзистенција и да продолжи со работа затоа што доколку денес во Буџетот немаме посебни средства за високото образованеи на албански јазик односно тетовскиот универзитет, тогаш сум уверен дека со било каква полтичка декларација што може да се пренесе преку медиумите нема да може да се реализира затоа што тогаш ќе бидеме спречени во реализација на оваа идеа, затоа што нема предвидено средства во Буџетот за 2003 година.

Вие знаете дека остана отворен проблем со години, тоа е проблем кој бара решение. Дај Боже овој проблем оваа година да се реши, но не сум уверен во тао затоа што не се обезбедени средства за тоа.

Пред неколку дена кај претседателто Трајковски се одржа средба меѓу политичките лидери и претставници на Владата. По барање на ПДП преку својот претседател беше направен апел до лидерите на политичките партии, до премиерот и до членовите на Владата кои беа присутни кај претседателот Трајковски да покаже добра волја во Буџетот за 2003 година да се оделат средства за универзитетот на албански јазик, за тетовскиот универзитет затоа што доколку ова прашање не се реализира мислам дека тоа претставува голем проблем кој ќе ни го комплицира животот уште повеќе.

Но, како што  гледаме оваа година не се предвидени средства за оваа институција и набргу преку разговори ќе се најде решение за тетовскиот универзитет кој ќе биде вклучен во образовниот систем на РМ и финансиран од страна на Буџетот на РМ.

Јас мислам дека овде треба сите да вложиме напор независно од нивната национална припадност, независно од местото од каде доаѓаат од Исток или од Запад затоа што ова е една дамнешна идеја и тоа е во интерес на граѓаните на РМ.

Подоборо е да имаме контакти и да имаме работа со образовани луѓе отколку со необразовани.

Затоа во оваа насока јас  мислам дека малку е вложен напор и малку е направено од страна на политиката на РМ од политичарите, Министерството за финансии , Владата да ги информираме со цел еден дел од средствата , па било симболични да бидат оделени за тетовскиот универзитет, за неговиот опстанок затоа што има гласини во РМ кој велат дека прашањето на образованието на албански јазик е завршено. Ние мислиме дека ова не е завршено дури сега треба да почне со негово решавање. Иако имало обиди никогаш не сме престанале да бараме решенеи за овој проект кој е голем проект и кој е во интерес не само на албанците, туку на сите граѓани на РМ.

Мислам дека со овие забелешки кои ги дадов несомнено ќе ги имаат во предвид владините претставници навистина да дадат свој придонес во оваа насока. Уште еднаш ќе истакнам дека образованието е еден многу значаен сегмент и прашање за сите во РМ. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Во изминатиот период едноставно не стивнаа коментарите за “нерационалното и недомаќинско работење на претходната Влада” односно на Владата на Георгиевски со што наводно е направен дефицитот во Буџетот.

Почитувани дами и господа дозволете ми да ве потсетам дека во 2001 година се соочивме со вооружени конфликти и токму во таа година беше доведен во прашање територијалниот суверенитет и интегритет на државата и нејзиниот унитерен карактер.

Свесна сум за причините поради кои сите се трудиме што побргу да ја заборавиме војната, бидејќи таа носи уништување, конфронтации  и раздор и ве уверувам дека ниту една Влада не е среќна кога е доведена во состојба и во ситуација да воведува воен данок и затоа и на оваа Влада и на сите идни влади им посакувам никогаш , пред се, заради доброто на Македонија да се доведат или да бидат доведени во ситуација да воведуваат воен данок.

Војната, почитувани дами и господа има далеку сежни последици и затоа токму ние како политичари, како луѓе кои ја креираме глобалната политика на нашата држава и нашето позиционирање на некои пошироки констелации никогаш не би требалода ја заборавиме 2001 година ако ништо друго барем за да не дозволиме да ни се повтори уште еднаш во годините кои доаѓаат.

Затоа дозволете ми да ве потсетам дека војната чини многу и дека наводниот дефицит во Буџетот , ако може така воопшто да се нарече, е резултат од вооружените конфликти во РМ. Но, и покрај сите предизвици и тешкотии со кои бевме соочени Владата на Георгиевски сепак успеа да ја задржи економската стабилност во државата, не дозволи колапс во стопанството и ги започна реформските процеси кои претставуваат темелен програмски принцип.

Беа спроведени темелни реформи во сите сфери на општественото живеење во областа на финансиите, здравството, социјалната заштита, одбраната, пензиското осигурување и т.н. Во тој период беше овозможен голем економски раст, зголемвуање на вработеноста, макроекономска сигурност и рамнотежа, одбрана, социјална сигурност како и заштита и подигнување на свеста за значењето на културните вредности со што ја потврдивме нашата определеност за изградба на демократско општество, пазарна економија и владеење на правото.

Би сакала да истакнам дека Министерството за култура во претходниот период во однос на пристапот во буџетските средства за култура кои се обезбедуваа од Буџетот на РМ го применуваше принципот на рамноправна положба на сите објекти како физички така правни и националнит еинституции кои можеа да конкурираат се разбира и сега според однапред пропишани правила и услови.

Карактеристично за претходниот период е тоа што се водеше посебно внимание за правилното насочување на финансиските средства според потребите и приоритетите , а како резултат на тоа беа финансирани и реаизирани капитални проекти скоро во сите дејности.

Постоењето на ваков функционален систем во последните 4 години се должеше на постоењето на осмислена културна политика во Министерството за култура со јасно пропишани стандарди, критериуми и правила, со јасно дефинирани принципи во односите на културата, со ефикасен и реален финансиски третман, со максимална грижа за националните културни вредности и интереси односно постоеше јасно дефинирана културна стратегија.

Министерството за култура на Република Македонија ја дефинираШе и интензивнат амеѓународна соработка како една од главнит ецели во својата стратегија и акционен план. Во тој правец искуството покажа дека е потребно да се обезбедат средства односно посебна стафка во Буџетот за меѓународна дејност и по предлог на Министерството за култура беше вградена во Нацрт предлог буџетот за 2003 година изготвен во август 2002 година и доставен до Министерството за финансии во септември истата година.

Посебно ме радува што оваа дополнителна ставка е прифатена исто онака како што беше предложена. Една мала дигресија претпоставувам во својата дискусија госпоѓата Петрова направи ненамерна грека кога кажа дека новата ставка во Буџетот е за поддршка на младите таленти, веројатно мислеше на оваа ставка за меѓународна дејнсот, бидејки ставката за подршка на млади таленти за прв пат е вградена во Буџетот за 1999 година и тогаш изнесуваше 3 милиони денари за да 2000, 2001, 2002 година изнесува 2,5 милиони денари и гледаме дека таа е сочувана како таква и со истата висина од 2,5 милиони денари и во Нацрт предлогот буџет за 2003 година што е секако факт за поздравување.

Анализирајки го Буџетот на Министерството за култура за 2003 годинаиако навидум нема големи отстапувања од Буџетот од претходната година сепак не можам, а да не забележам дека намалувањето е направено токму кај програмските средства и тоа за 6,6% во однос на претходната 2002 година односно намалување за 72 милиони денари од кои 42 од програмските дејности и 30 милиони денари од инвестиции.

Намалувањето е направено во финансирањето на дејностите во областа на културата односно во програмите и проектите и тоа во музичко сценската дејност намалување за 14 милиони денари. Филмската дејност намалување за 7 милиони денари. ЗаШтитата на спомениците на културата намалување за цели 44 милиони и 500 илјади денари, културно уметнички манифестации 5 милиони денари и како што веќе кажав инвестиции 30 милиони денари.

Единствени ставки во Буџетот кои не се намалени се издавачката и библиотекарската дејност. Сепак,како најдрастично намалување во Буџетот би го издвоила намалувањето на ставката за заштита на спомениците на културата кое изнесува 44 милиони и 500 илјади денари.

Дозволете ми само за момент да направам една мала дигресија со цел да ве потсетам што се беше направено од страна на Владата на Георгиевски на полето на

заштитата на спомениците на културата . И покрај неповолната безбедносна состојба во земјата и проблемите со кои се соочуваше Владата во изминатиот период сепак беше искажана посебна почит кон значењето на културното наследство кое беше верифицирано и подржано со исклучителен финансиски третман.

Освен зголемените редовни финансиски средства од Буџетот на РМ Владата обезбеди дополнителни средства како од продажбата на Телеком така и по пат на спонзорства и донации.

Кога ќе се направи една ретроспектива на Буџетот од 1997 година до 2002 година може да се види следното:

Во 1997 година Буџетот за заштитата на спомениците на културата изнесувал 42 милиони 900 илјади денари за да во 2002 година стигнеме до редовните 154 милиони и 500 илјади денари плус дополнително обезбедените 114 милиони денари по пат на донации.

Свесни за нарушенито економски амбиент и намалениот број странски и домашни инвестиции како резултат на лошата безбедносна состојба и постоењето на територии на кои , за жал, сеуште не завладеал уставно-правниот период , свесни за секојдневното соочување со по некое убиство, запалена куќа или експлодирана кашикара навистина не би можеле да очекуваме дополнителни средства од спонзорства за проекти од областа на заштитата на спомениците на културата.

Дозволете ми да потенцирам дека заштитата на спомениците на културата е примарно обврска и задача токму на државата. Затоа Министерството за култура требаше да направи дополнителен напор, ако ништо друго, барем да ја задржеше висината на оваа ставка на ниво на претходната година имајки ги во предвид реконстукциите на спомениците на културата оштетени или уништени во времето на вооружениот конфликт како што се Лешочкиот манастир, Црквата во Матејче, Теќето во Тетово и уште голем број на други оштетени или целосно уништени цркви и споменици.

Значи ли ова дека Министерството за култура годинава не планира воопшто да започне со реконструкцијата на овие споменици и воедно би сакала да запрашам што станува за ветувањето за целосната и брза реконструкција на Лешочкиот манастир и останатите оштетени споменици во кризниот регион.

Што се однесува до ставката за надворешни соработници, постои големо намалување во буџетот на Министерството за култура во однос на претходната

година и тоа намалување од 15 милиони денари на 6.950 илјади денари. Ова намалување Ќе го доведе во прашање нормалното функционирање на македонската филхармонија, театарот, хорот, оперскиот и балетскиот ансамбл при МНТ, како и единствениот професионален фолклорен ансамбл “Танец”, кој благодарение на третманот што го имаше од страна на Министерството за култура во претходните 4 години застана на здрави нозе и си ги врати статусот на вистински амбасадор на Македонската култура и тоа во светски размери.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека, пред се, заради замрзнувањето на новите вработувања, ангажирањето на надворешните соработници во овие ансамбили е единствениот начин кој го овозможува нивното нормално функционирање и опстојување. Наспроти ова, имаме една парадоксална ситуација во Министерството за култура, каде што се ангажирани дополнително околу 20 нови надворешни соработници по договор за дело. Би дала само едно мало потсетување. До ноември 2002 година Министерството за култура функционираше релативно, велам релативно, организирано и добро со 43 врботени, што значи дека бројот на администрацијата во Министерството за култура во моментов е зголемен за 50%. Во контекст на ова би сакала да ве потсетам на изјавите на актуелни високи функционери во Владата на РМ, за постоечката неефикасна и гломазна администрација и најавите за справување со истата. Ситуацијата за да биде уште потрагична, хонорарите на новоангажираните соработници во Министерството за култура кои се движат од 15 илјади денари до 30 илјади денари, претпоставувам според заслугите, се исплаќаат од програмите на дејностите. Тоа знажи дека оваа ставка во Буџетот годишно ќе биде намалена за дополнително 4 милиони денари, односно одземени од реализацијата на некој симфониски концерт, театарска пртстава, изложба или конзервација на некој споменик на културата.

Што се однесува до намалувањето на ставката на инвестиции, која во 2003 година ќе изнесува 20 милиони денари, за разлика од претходната година, кога ставката изнесуваше 58 милиони денари, единствено што можам да констатирам е дека ќе се доведе во прашање тековното одржување на постоечките објекти во насока на квалитетно и непречено извршување на дејностите за кои се наменети. Со, определените 20 милиони денари, за инвестиции, едноставно не е оставен простор за изградба на нови објекти од областа на културата. Актуелниот министер за култура како една од своите програмски определби го истакна стимулирањето односно давањето приоритет на таканаречената жива уметност, како што тој милува

да каже, која наводно била неправедно, запоставена во претходните четири години и тоа за сметка на таканаречената мртва уметност. Претпоставувам дека под поимот жива уметност тој мисли на музичо сценските дејности, ликовното творештво и воопшто современото творштво. Ддека, под поимот мртва уметност мисли на археологијата и заштитата на спомениците на културата.

Почитувани колеги пратеници, пожитувани претставници на владата, дозволете ми на крајот да констатирам дека со ваква распределениот буџет во Министерството за култура и потожно кажано со намалувањето на ставките за финансирање на програмските дејности од областа на културата, живата уметност, според терминологијата на министерот за култура, за жал, нема да може вистински да заживее, а пак мртвата уметност дефинитивно ќе биде умртвена. Ви благодарам на вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам .

Пред да дадам збор на г-динот Ивановски, ги повикувам пратениците да влезат. Ќе дадам предлог за продолжување на дебатата до 19,00 часот. ги молам службите да ги повикаат пратениците што се излезени од салата веднаш да влезат.

Господине Ѓорчев повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Секое продолжување на седницата мислам дека требаше да биде договарано на почетокот на седницата кога почнавме со работа. Инаку, во текот кога се поча со работа, во текот на неделата кога се секој си ги организира своите активности, сметам дека не е принципиелно сега да бараме продолжување на работата, затоа што и за пратенижки прашања многу пати остануваме со неисговорени или неискажани пратенички прашања, го почитуваме редот. Мислам дека треба да го почитуваме редот и овој пат. Инаку, доколку не се прифати процедуралната забелешка пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза согласно деловникот на Собранието на РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот не ви го прифаќам. Јас ќе дадам предлог за продолжување на седницата согласно член 64 став 4.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во тој случај бараме пауза од два часа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Согласно деловникот паузата може да трае најмногу 60 минути и за тоа одредувам јас. Затоа ве прашувам за што ви служи паузата.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Да се договориме, да побараме  и за пратеничките прашања во четврток да работиме до 19,00 часот.

НИКОЛА ПОПОВКСИ:

Давам пауза од 15 минути за да се договорите за таа работа, а после предлогот ќе го продолжам до 20,00 часот.

Продолжуваме со работа во  16,55 часот.

(по паузата)

Да продолжиме со работа.

Повелете г-дине Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине пртседателе.

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ реши да продолжи со работа, го прифаќа вашиот предлог, со тоа што ве замолуваме утре заради партиски активности, ние во 18 часот имаме партиски активности и тоа да го имате предвид.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За да нема недоразбирање, пред да преминеме на гласање за продолжување, јас сум должен да Ве известам за следново. Не се работи за моја волја или било чија волја да работиме повеќе од што треба, меѓутоа, временото финансирање на РМ со буџетот е до 31 март. тоа значи до крајот на оваа недела. Ние, како и да биде,

на 1 април буџетот со сите закони кои се за прилив и одлив на буџетските трошоци, а кои се предмет на измена, тоа се, покрај законот за буџет, уште и законот за извршување на буџетот, за ограничување на изворни приходи, законот за ДДВ, законот за акцизи, за даноци на имот, за административни такси, за буџетите, за фондот за земјоделство и овие закони кои се за . . . сите да не ги читам. Од 24, од прилика 18 закони мора да стигнат односно да стапат на сила некаде на 1 април. Ако не можеме заради голем интерес за општиот претрес по буџетот тоа да го постигнеме, ќе го продолжуваме времето во деновите онолку колку што треба, за да завршиме. Ако треба некогаш ќе остануваме подоцна и од 8 часот навечер, вклучувајќи 10 и 11 часот за да ја завршиме работата по законите.

Пред да продолжиме со расправа, ќе ве моламда гласаме за предлогот за продолжуваме на работата денес до 20,00 часот а тоа согласно член 64, став 4 од Делвоникот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 55 за, 3 воздржни и 3 пратеници се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Се враќаме на дебатата.

За збор се јави Игор Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на министерството за финансии!

Апсолутно се согласувам и гласав за продолжување на расправата со оглед на тоа дека во сите дискусии, барем во една работа беа сите согласни, а тоа е дека буџетот претставува една од најважните инструменти на економската политика на Владата, монетарната, фискалната итн., иако како сакате од академска, теоретска гледна точка, ако буџетот претставува најважен дел од вашата економска политика, тогаш нешто не е во ред со државата односно другите инструменти не функционираат. Лично сметам дека не треба да биде така и не е така и дека нашите дискусии во поглед на Буџетот треба да бидат во онаа насока во која што сите реално, разумно, објективно треба да ги поздравиме напорите на Владата да донесе еден буџет, кој што ни повеќе ни помалку, ни тенденциозно, ни претенциозно, ако сакате, одговара единствено на објективната економска ситуација во државата.

Би се обидел претходно и за да не бидам конвенционален како досега во настапите на останатите, да дадам еден приказ на буџетот, со оглед на тоа бидејќи сите се обидоа буџетот да го стават во онаа мерка во која што поединечно или партиски им одговара. Ниту бев поранешен министер, ниту пак имам лични претерани мотиви да се правдам пред граќаните, затоа што ако бев не сум направил или сум напрвил, па сега имам последици во овој нов буџет и Буџетот како што има повеќе цитати за него, Министерот за финансии во времето на Наполеон рекол дека е како искубана кокошка, гуска, која што сите сакаат што повеќе да ја кубат, а притоа, гуската да не кокодака или да реагира. Односно, државата сака да направи таков буџет во кој  што ќе прибере што е можно повеќе даноци од граѓаните и тие да не реаѓираат, за да понатаму им возврати во некоја мера во нивните елементарни непотреби. Таква ситуација не постои ни во теоријата, а уште помалку во праксата. Не постои идеален буџет во кој што сите треба да бидеме согласни, сите треба да бидеме истоветни во неговото прифаќање, но исто така и кога се разговара за еденбуџет треба да се има и многу работи предвид поранешни, бидејќи тој претставува една динамична категорија и не е пресек финансиски, временски само за една година, иако така и го усвојуваме, туку претставува логична последица на не една, туку повеќе години station наназад, но претставува логична претпоставка за годините што следат. И, така треба да го набљудуваме овој буџет во РМ, со оглед на тоа дека, ако ме прашате, претставува радикална промена на она што овој законодавен дом, секако, во поинаков состав, меѓутоа, и македонската јавност беа научени во изминатите години.

Искрено кажано, ако во 1998 година буџетот на РМ беше од прилика околу 40-тина милијарди денари, со тек на време ние се доведовме во ситуација изминатата година тој да биде речиси 70 милијарди денари. Факт, кој што економски и ако сакате теоретски гледано, не беше издржлив. Со оглед на тоа дека Репиб;ола Македонија немаше реален голем пораст на својот бруто производ, стапката на инфлација беше горе доле иста и едноставно се доведуваме во прашање кој бил мотивот буџетите во континуитет, пред се, во изминатите четири години се зголемувале, сега да достигнат од приликe таа некоја мерка помеѓу 60м до 70 милијарди денари. Реално, ако се прашувам јас, апсолутно ги поддржувам напорите на Владата, во штедењето, рестриктивниот пристап во составувањето на овој буџет и реално сметам дека ако можеле да штедат уште повеќе , тоа требало да го напрват. Верувам дека тоа било некоја објективна граница, која Што ја постигнале.

Она што е клучно да се истакне во позитивен аспект за овој буџет е дека за прв пат после, ако не се лажам, три години, буџетот на РМ го носиме со намалена буџетдска рамка, со една макроекономска рамка која што е стабилна и одржлива, со оглед на тоа дека и пристапот во составувањето на овој буџет, но и пред се, склучениот аранжман со ММФ претставуваат гаранција за тоа. Да, овој буџет претставува радикално решение во однос на претходните, со оглед на тоа дека Владата претпоставува домаќинско рационално трошрење барем во оваа фаза. Ние сме тука да го контролираме како тоа ќе го спроведуваат во слендиот период. Со оглед на тоа дека во изминатите неколку години државата, Парламентот  или пак Владата во тој период беа научени, навикнати како сакате, да трошат повеќе отколку што произвеле, да трошат повеќе отколку што и реалноможеме да се задолжиме, со оглед на тоа дека пристапот бил популистички, пристапот бил да се задоволат повеќе барања, но без притоа да се бранат основните економски логики и беа притоа да се има предвид дека вие може да потрошите повеќе или помалку во одреден период,но  тоа мора а се плати. Претпоставувам дека во тој период пристапот бил дека не семислело од каде тоа ќе се плати. Е, сега, дојде есапот, и доведени сме во оваа ситуација во 2003 година да бидеме исправени пред дилемата дали ќе го држиме тој тренд на огромна потрошувачка, пред се, јавна или пак ќе се доведеме во ситуација да имаме радикално кратење на трошоците кои што ги прави државата, со оглед на тао дека на краток рок ќе биде тоа, секако, непопуларно, но на среден, а многу повеќе на долг рок, ќе биде позитивно односно развојно.

Она што ни дава за право да констатираме дека овој буџет дава позитивни претпоставки за развој, иако сите сме согласни дека е рестриктивен е тоа дека вкуното даночно оптоварување е намалено во нето ефект и тоа, пред се, заради елиминирањето на воениот данок и ослободувањето на 6,4 милијарди денари и намалувањето на општата ДДВ стапка од 19 на 18% со многу поголем обем на стоки во таа маса, во таа стапка процентна, отколку оние кои што се зголемуваат од 5 на 18%. Тоа неминовно ќе значи ослободување на средства во стопанството, иако од поранешниот премиер минатиот пат во петокот имавме забелешки за тоа дека токму зошто ослободуваме од стопанството, а земаме од граѓаните, ако можеме вака лаички да коментираме но слободно можеме да кажеме дека сите средства на долг рок, токму ќе бидат таа развојна компонента на буџетот. Можеби сега во моментот, со зголемување на стапката од 5 на 18% во помал обем ќе биде непопуларна мерка или пак изнудена, пред се, мораме да кажеме, но средствата кои што се

ослободуваат токму во стопанството на субјектите, ќе биде прогресивна во почетокот на среден рок, а понатаму ќе ги даде и средствата, кои што ќе даваат и сопствен резултат. Иако, многумина ќе речат дека тој не е социјален, пред се, претставниците од опозицијата, можете да забележите дека милијарда ипол денари се ослободуваат токму за структурните реформи односно во делот на загубарите и тоа тука мислам тој факт може да го истакне и министерот за финансии, е најголема сума, која што е издвоена досега во еден буџет на РМ.Сума, за структурните реформи и тоа е гаранција дека оваа Влада и покрај рестриктивниот Буџет и покрај изнудените мерки опстојува на својот цврст реформски курс.

Цврстата фискална политика или рестрикции, како сакате, неминовно ќе доведе и до ослободување на монетарната политика. Очекуваме дека овие мерки ќе резултираат да се води експанзивна монетарна политика, која што ќе доведе до долгорожно намалување на каматните стапки, кои што, како што истакна министерот, се намалени веќе во овој краток период реалните на 14%, есконтната од 12 на 8%, меѓу банкарските каматни стапки на 13 до 14%, благајничките записи од 12 на 9,4% итн. Тоа е резултатот, кој што сега, уште пред усвојувањето на Буџетот е факт во овој момент, а кој што сам по себе треба да резултира со што е можно поголемо намалување на каматните стапки и зајакнување на реалнот сектор во економијата. Тоа ќе овозможи и зголемување на ликвидноста на претпријатијата и овозможување можности за нивно инвестирање. Она што, како што истакна и министерот Република Македонија претставува на првото место по дезинвестирање, остана последното место речиси на постапката инвестирање во однос на транзиционите економии.

Ако веќе говориме за евентуалните негативни ефекти или негативните елементи на овој буџет, она што мене лично ми смета е огромната сума на среддства одвоени за плати. Не, затоа што е тоа, пред се, во толкав износ, туку затоа што веројатно или барем јас неслушнав, но и пратениците мислам дека останаа скусени од едно бојаснување, што е причината што и ние 20 до 21 милијарда денари одвојуваме за плати ако се знае или јас ќе се обидам да ги дадам тие мотиви дека ако во 1998 година се заврши ројот на д ржавната или пошироко јавната адниминистраицја на од прилика 90 илјади вработени, таа денес брои околу 120 илјади вработени, односно РМ во моментов одвојува во маса двапати повеќе средства за плати, отколку земјите кои се наоѓаат на слично ниво односно во транзиција.

Очекувам, иако мислам дека тоа го говоревме кога го правевме ребалансот на буџетот за 2002 година, министерот за финансии, државниот секретар или пак пред се надлежната институција за државни службеници конечно да даде информација колкав е обемот или колкаво е зголемувањето на вработените во државната односно јавна администрација, со оглед на тоа дека има драстично зголемување на бројот на вработените во последните 4 години. Пред се, во последната година, што е евидентно. Очекуваме дека треба да добиеме и таков број на вработувања, бидејќи сеуште нашиот буџет, во огромен број, во добар дел отпаѓа на делот за плаит. Претпоставувам и убеден сум во тоа дека тоа е една наследена ситуација од изминатиот период кога, иако претходната влада со обврска да ја рационализира државната администрација, единствен ефект имаше од отпуштање на 4 илјади вработени во државната администрација, за да нивниот број драстижно се зголеми.

Се на се, клужниот ефект од овој буџет е дека тој е донесен дирекно во согласност со ММФ, што е гаранција дека Владата ќе биде дисциплинирана, ќе троши што е можно помалку средства на граѓаните на Република Македонија и тие средства понатаму ќе се ослободат и ќе се користат во делот на стопанството.

Од тие причини, во оваа расправа, во општиот претрес на буџетот, јас ќе го поддржам како пратеник.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Балкоски Љупчо.

ЉУПЧО БАЛКОСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, претставници на Владата, почитувани пратеници,

Предлог буџетот за 2003 година што треба да го донесе овој Парламент предизвикува внимание кај граѓаните и кај сите институции и стопански субјекти во Република Македонија. И тоа од причина дали Владата ќе продолжи со досегашната инвестициона активност во Република Македонија и дали оваа Влада ќе создаде услови за работа во оваа година, што е една од основните активности на Владата. Предлог буџетот е и прв показател што Владта планира и кои ќе бидат нејзините активности во 2003 година.

Образложението на Владта по Предлогот на буџетот за 2003 година е дека оваа година ќе биде година на штедење. Владата може да има програма каде што ќе мисли дека е оправдан нејзиниот предлог. Меѓутоа, инвестициона активност нема или ако ја има, таа е многу мала.

Владата треба да донесе програми и да дејствува на поддршка на стопанските субјекти кои својата активност ја имаат насочено кон извозот. Во овој период требаше да се направат програмите, а сега веќе да се дејствува на развој на претпријатијата, меѓутоа да не се потенцираат секогаш малите и средни претпријатија. Ако се има за цел, навистина, економски развој, Владата треба да има конкретни активности на сите субјекти што го носат развојот на државата.

Ќе ги анализирам конкретно буџетите на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии во делот Функции на државата и Фондот за магистрални и регионални патишта. Овие буџети, заедно со сите други активности што треба да се донесат се основа за создавање услови за работа што македонската градежна оператива и сите други индустриски гранки од оваа дејност ќе бидат ангажирани за работа во оваа година. Во оваа многу важна стопанска дејност ангажирањето на големите градежни компании “Бетон”, “Гранит”, “Маврово” и “Пелагонија”, голем број на претпријатија и работници и Владата треба преку своја програма и буџетот да даде конкретна поддршка и создаде услови за нивно ангажирање во градежните активности за оваа година.

Предлог буџетот на Министерството за транспорт и врски во однос на минатата година е намален за 220 милиони денари. намалувањето е предвидено во стапката на изградба на објекти и реконструкција на патишта и патни објекти, каде што државата учествува со средства за објекти што се завршени, објекти што во текот на градба и што е најповеќе важно во износот на средствата за објекти што ќе се градат или реконструираат оваа година.

Не е предвиден ставка каде што Министерството ќе продолжи со санација на клизиштата на земјата во Велес, Ростуше и на други места. Минатата година Министерството за транспорт и врски директно реагираше на теренот во Велес и Ростуше и во тогашната Програма беше продолжение на активностите за санирање на местата. Меѓутоа, гледаме дека сега нема предвидено средства за таа намена, што е многу важна за луѓето кои живеат во тие населени места.

Недоволни средства се предвидени во ставката за изработка на просторни и урбанистички планови. Донесувањето на просторни и урбанистички

планови се основа за развој на населените места и општини во Република Македонија. Владата треба да помогне во изработка на овие планови за локалната самоуправа.

Не се предвидени средства за купување земјиште односно експропријација. Решените имотно - правни работи се основ за почнување на градежните активности. Минатата година потпишавме Договор и отпочнати се активности кои оваа година треба да продолжат со реализациија. Сигурно и оваа Влада планира нови активности каде што ќе биде потребно да се изврши експропријација на земјиштето. Во Предлог буџетот на Министерството нема средства за купување земјиште што е во приватна сопственост, а Владата треба да го откупи и да почне со предвидените градежни активности.

Големо намалување на средствата, за разлика од минатата година е извршено во стапката многу важна за општината. Тое е трансфер до единиците на локалната самоуправа за изградба на водоводи, канализација, како и други објекти, патишта, мостови, брани во локалната самоуправа што се од големо значење за населените места. Ова намалување дирекно ќе се одрази на развојот на општините во дејноста на инфраструктурата. Владата за оваа намена мора да предвиди поголеми средства, затоа што изградбата на водоводите, канализациите, патиштата, мостовите, браните се од големо значење и потреба на луѓето точно во населените места од локалната самоуправа.

Во Предлог - буџетот на Министерството за транспорт и врски се забележува дека се предвидени средства за исплата на каматата на кредитот од Банката за развој при Советот на Европа по Проектот - изградба на станови за лица со ниски примања. Овој прв проект од ваков вид на станбената изградба предвидуваше изградба на 800 станови. По реализацијата на овој проект требаше да се пристапи кон нови преговори со Советот на Европа за нови 2000 станови. Овие преговори требаше да започнат во овој период. Меѓутоа, Владата го поништи Огласот за доделување на станови, без разлика што се исполнети сите критериуми за доделување на становите. Наместо да се градат нови станови од оваа програма што предвидуваше изградба на 2000 станови, Владата го поништи огласот и уште наведува во својата Програма дека има за цел и непостоење на ЈП за станбен и деловен простор односно дека Владата не планира да учествува во изградба на станбената политика. Државата мора во овој степен, кога постои голем недостиг на станови, кога луѓето имаат потреба од станбен простор со прифатливи услови за

купување да учествува во станбената изградба и директно да ги подобрува условите за живеење на граѓаните. Во овој Предлог - буџет тоа не е предвидено.

Во Буџетот на Министерството за финансии, во делот - Функции на државата секоја година се одвојуваат средства за учество на ЈП Македонски железници. Знаеме дека во овој период претстои трансформација на ЈП Македонски железници со учество и на Светската банка. Треба да напоменам дека уште во мај минатата година во Охрид се одржа работен состанок со учество на Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, ЈП Македонски железници, синдикатите од Македонски железници, Светската банка и странските консултанти, каде дефинираа насоките на трансформација на моделите и активностите што требаше да се извршуваат во наредниот период. Сите активности што во овој период се донесоа, всушност беа договорени и направени минатата година. Сега, целата постапка се врати назад. Не се продолжи со донесената програма. Не се продолжи со договорот со консултантите што во овој период се најпотребни, а тие во овој период победија на Меѓународен тендер во Бугарија, колку за информација и тие сега ќе учествуваат во нивната трансформација. Така што целата постапка за трансформација се врати назад скоро за една година.

Трансформацијата, знаеме, е процес кој содржи многу анализи, податоци, програма за реализација. Меѓутоа, во исто време треба да се организира и начинот на работење на ЈП Македонски железници, бидејќи во постапка е трансформација, учеството на државата на ЈП Македонски железници треба да биде во делот на одржување на инфраструктурата и изградба на нова пруга каде што работат најголемите градежни компании.

Владата атреба и со конкретни активности да ја манифестира поддршката на Македонски железници во создавање поефикасни и подобри услови за работа. Превозот на нафта за државните резерви и покрај укажувањата и убедувањата на Владата дека ќе се одвива комбинирано со Македонски железници, до сега е превезено само 10%. Навистина малку во споредба со големите можности што ги нуди ЈП Македонски железници.

Во ставката купување на земјиште во делот - Функциите на државата навистина се предвидени 40 милиони денари. Меѓутоа тие средства се недоволни за сите институции во државата. А, оваа ставка, како што напомнав пред малку е важен предуслов за отпочнување со градежни активности.

Не се предвидени средства за изградба на сдравствени објекит, додека многу малку се намалени средствата за изградба на образовни објекти. Определена сума на средства е предвидена за изградба на други објекти. За овие средства да се искористат наменски потребно е да се направи програма од Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, затоа што во тоа Министерство има направено анализи, програми и проекти за инфраструктурните објекти потребни за државата, потребни на граѓаните во сите места заради подобрување на условите за живеење.

Од овој Предлог - буџет и од другите активности на Владата се забележува дека почнуваат активности и ингеренциите на Министерството за транспорт и врски да се преземаат од Министерството за економија и Министерството за финансии. Причина за тоа, можеби ќе кажете, дека би била поголема финансиска контрола, со што би се согласил. Меѓутоа, сигурно ќе има застој во активностите и работите кога ќе почне реализација на проектите каде што вработените во Министерството за транспорт и врски и вработените во јавните претпријатија, под ингеренција на Министерството се стручни и професионални во извршувањето на своите активности.

Во ставката за купување мебел и канцелариска опрема, во делот - Функции на државата, предвидени се 100 милиони денари. Можеби тие средства се потребни. Сигурно ќе има програми за тоа. Меѓутоа, ако Владата се определува за штедење, подобро би било да се заштеди во ставка на трошоци за опремување и купување на мебел, канцелариска опрема, а тие средства, 100 милиони денари да се пренасочат во инвестициите каде ќе бидат ангажирани голем број на претпријатија и ќе работат голем број на работници.

Почитувани пратеници, во Предлог - буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта за 2003 година се планира зголемување на изворните приходи. Тоа е добро. Овој пораст се заснова врз повисоко остварените приходи во 2002 година, во однос на планираните и тоа на приходите по основ на такси од странски моторни возила и од надоместокот на возилата што подлежат на регистрација како и на отворање нова наплатна станица Глумово - Желино, со што ќе се зголемат и приходите од патарина за користење на автопатот.

Меѓутоа, во овој Предлог - буџет на Фондот за магистрални и регионални патишта се забележува намалување на ставките за поправка и одржување на инфраструк;турни објекти, автопати, патишта, мостови, намалување

има дури и во ставката за изградба на патишта, во ставката за израотка на проекти. Предлог - буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта се планира заедно со Програмата на Фондот за 2003 година. Но, бидејќи програмата не е донесена, ние не знаеме за кои патни правци и во кој обем ќе се користат овие средства од буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта.

Зголемување на инвестициите и создавање услови за влез во странски инвестиции има директно учество за севкупниот развој на државата. Владата кажува дека во завршна фаза е студија за отстранување на инвестиционите бариери. Меѓутоа, треба да се забележи дека во овој период воопшто нема инвестициона активност, ниту од домашни, ниту од странски инвеститори. Наспроти тоа се врши преиспитување на влезот на странски инвестиции што функционираат извесно време во државата, како на пример Окта и Телеком. Кон овие компании Владата, бидејќи има учество државата, треба да има партнерски однос, програма што ќе содржи контрола на државата во заштита на своите интереси. Но, во исто време ќе содржи и активности и мерки што ќе бидат насочени и за развој на компаниите, затоа што со нивната успешност, во нив работат наши вработени, работници, корист ја има и државата во сите свои дејности.

Се стопираат започнатите активности на Канадска пошта која е најмодерна и најуспешна пошта во светот, сто посто во државна сопственост на Канада, која има активности во повеќе од 50 земји во светот и со која потпишавме договор за заеднички проект со македонски пошти. Овој заеднички проект води кон подобро работење на поштата, обезбедување на поефикасни услуги и воведување на нови и подобри финансиски резултати, зголемен стандард, поголема професионалност на вработените, како и потврда дека Македонија односно македонски пошти, во поглед на поштенските услуги ќе биде оперативен центар на Балканот.

Владата, заради подобрување на работењето на Македонски пошти, заради подобрување на условите на вработените и заради севкупниот интерес на државата, треба да овозможи продолжување на активностите на Канадска пошта.

Почитувани пратеници,

Оваа година ние требаше да имаме најголема инвестициона активност во инфрастдруктурата, затоа што наредната година се одржуваат Олимписки игри во Грција и најголемите инвестиции, поради заеднички интерес требаше да доаѓаа од таму. Во овој изминат период требаше да се изготви план и програма на проекти во

заеднички интерес на двете држави и требаше побрзо започнување на работите и активностите.

Знаеме дека од особено значење за нас како држава се коридорите 8 и 10. Меморандумите за тие коридори ги потпишавме во 2001 и 2002 година. Сега претстојат активности и ние треба да бидеме иницијатори, како што бевме иницијатори за потпишувањето за конкретни договори со банските, Европска инвестициона банка, Европската банка за реконструкција и развој, затоа што потпишувањето е основ за конкретните инвестиции. Меѓутоа, прекинати се сите активности со министерствата од Бугарија, Грција и Италија. Треба да се организира состанок, тоа беше планирано и пред потпишување на Меморандумот за коридорот 8, со Министерствата од другите држави, за да се прецизираат конкретни активности и заеднички да настапиме пред меѓународните институции. Меѓутоа, за жал, тоа не е направено и би препорачал во што побрз временски период овие состаноци да се одржат со Министерствата од другите земји.

Сакам да напоменам дека беа започнати активности за реконструкција на Аеродромот во Скопје, по пат на концесии. Требаше да биде објавен и тендер, затоа што концесијата е добар начин за развој на воздушниот сообраќај каде што концесионерот освен изградбата на Аеродромот, според сите светски стандарди треба да го организира и работењето на Јавното претпријатие аеродромски услуги и поврзаноста на Аеродромот во Скопје со другите европски аеродроми. Меѓутоа, сега ставот се менува и Јавното претпријатие за аеродромски услуги и Министерството за здравство и врски кажуваат дека ќе се оди со кредитирање во изградбата, каде што државата пак ќе се задолжи со големи износи. Меѓутоа, што е најлошо и тоа не се прави. Во исто време се преиспитува и договроот за редовен аеро превозник и не му се овозможува на редовниот авио превозник МАТ да ги извршува своите активности, каде што сепак државата пак ќе има корист.

Периодот кога треба да се поддржуваат овие програми, анализи, проекти, да се преговара со инвеститори со банки, да се објавуваат тендери за градба е во зкимскиот период. Меѓутоа, тоа се пропушти оваа година. Овие неколку месеци некој може да праша дека ќе се надополнат со интензина изградба. Добро е ако биде така. Меѓутоа, процесот на градба наменски е ограничен и мораме да се согласиме дека е испуштена цела година за инвестициона активности и градежни активости во овој период.

Да напоменам дека во овој период требаше да се донесат и измените на Законот за телекомуникации. Заради недонесување на овие измени се доведува во прашање функционирање на управата за телекомуникации и може од управа на самофинансирање, финансирањето да биде од средствата на буџетот. Во Европа Управата за телекомуникации финансиски е независна, бидејќи е регулаторно тело, а сега со недонесување на измените односно со доцнењето на измените на Законот за телекомуникации, всушност правиме спротивставување и на препораките на Европската унија.

Исто така во завршна фаза беше и законот за градба, со мислење и предлози од градежните претпријатија,  со кои се нудеше создавање услови за работа и можности за поголем развој ан градежништвото. Меѓутоа, и овој закон не е донесе во Парламентот, ниту е во постапка на комисиските групи во Собранието.

Од анализата на овој Предлог буџет, како и од големото намалување на средствата од Телекомот, проектите каде што имаме дури и поништување на цели програми за изградба на водоводи, патишта и други инфраструктурни објекти, се забележува дека Владата на Република Македонија големо намалување на средсдтва наменети за инвестициона активност или кофинансирање со странски инвестиции. Значи, да потенцирам дека имаме позиција за штедење која е позната. Меѓутоа, позицијата на инвестиции е непозната. Тука Владата на Република Македонија мора да вложи средства и да создаде услови за работа преку програми, одлуки и закони, како што тоа го истакна и министерот за финансии.

Почитувани пратеници,

Овие средства се многу важни, од една страна за работното ангажирање на македонската градежна оператива, каде работат илјадници вработени и од друга страна многу важни се за граѓаните, за населените места и општини на кои Владата на Република Македонија треба да обезбедува, секогаш, во сите програми, подобри услови за живеење, а со тоа, ќе се согласиме сите, се постигнува и развој на државата.

Ви благодарам за вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Оваа моја дискусија повеќе е провоцирана од дискусиите кои се водеа овде во парламентот од повеќе причини, затоа што ставките на буџетот во самото здравство се доста мали и лимитирани, меѓутоа се зборуваат работи, се глорифицираат одредени работи, такви какви што не се и се води една непринципиелност што сметам дека во наредниот период може да ни се одрази во негативна смисла и дека тој начин и пат на дејствување не е во ред и треба да преминеме кон други форми на донесување на буџетот. Очигледно е дека буџетот за кој денес дискуртираме и еве денес се залагаме до последниот ден од месецов овде донесе, на некој начин по итна постапка, со ургенции и тоа за работа која требаше одамна да биде завршена. Значи, тука имаме една работа.

Второ, при донесењето на буџетот забораваме на одредени принципи а тоа е следното. Ова е прв буџет на оваа Влада која дојде како влада по победата која ја доби на минатогодишните избори.

Јас претпоставувам и сметам дека е логично да постои една релација или еден соодност на она што беше ветено како програма од било која сфера на дејствување, зборувам конкретно сега за здравството и она што нам преку буџетската проекција сега ни се нуди и што зборува за нешто сосема друго од она што било ветено. Тоа е едниот параметар кој мене лично не ми се допаѓа.

Вториот параметар кој исто така не ми се допаѓа е што одредени работи што се пласираат на одреден начин, тие да бидат верифицирани како такви, меѓутоа зад себе ја немаат таа снага и позадина за да бидат на тој начин верифицирани. Можеби во одредени сегменти можам и да ги сфатам, без разлика што не сум економист по струка, она што е рационалност и она што сака да се предвиди со заштедувањето на 100 милиони евра, како некоја рационализација која би влегла во некој втор циклус на инвестирање, меѓутоа, тоа мора да биде потпомогнато со нови законски мерки и поттикнувања, тие пари да бидат внесени во нови програми. Ако се само на овој начин, преку буџетот, направено, тогаш тоа нема никаква смисла. Тогаш тоа значи уште поголема разлика на полето на социјалните разлики кои кај нас ги имаме, а тоа подразбира повеќе пари за оние што се побогати,

но многу помалку пари за оние што се сиромашни. Сето тоа го потврдува и она што следи како законска мерка која треба да дојде во наредниот период, а тоа е зголемувањето на данокот на додадена вредност каде веќе не се ослободени, или немаме мали ставки на данокот, како за лекови, така и за други потрошни материјали, во доменот на здравството. На тој начин одредени елементи кои овде беа глорифицирани во однос на донесување на буџетот како супер социјален, во домен на здравството, јас би го нарекол како супер анти социјален. Во домен на рационален, можеби во овој дел претходно што споманав, да, меѓутоа рационалноста и рестрикцијата не се исти категории. Овде имаме рестриктивни мерки во одредена сфера на социјалното живеење, односно, конкретно кај здравството. Сето ова станува уште понејасно, ако земеме предвид дека, она што се случува сега во Фондот, каде што настапува една тотална нетраспарентост и централизација, со прибирање дури и на средствата кои се од партиципацијата и создавање на една неизвесност каде сето тоа води. Што би сакал да кажам, конкретно што на овој начин го пласирам, а мислам да ме сфатите и вие подобро, меѓутоа и народот да ме сфати подобро.

Прво, никаде не можам да ја најдам ставката од 500 милиони денари од буџетот, за платите во здравството. Таа не постои.

Ако во овој момент платите доцнат веќе две недели, со оваа динамика значи дека до крајот на годината вработените од здравството ќе добијат 11 плати, а не 12. Според тоа, она што беше зголемување ќе биде анулирано на некој начин, дури и ќе биде одземено. На ова може да се даде одговор дека тоа може да го компензира фондот. Меѓутоа, тоа јас не можам да го идентификувам таму. Но, она што беше сигурно е дека тие средства беа лоцирани во буџетот, ги имаше, а сега не постои трага од нив. Така што може и министерот за финансии да вети дека 12 плати ќе има, меѓутоа нема да верувам додека немам аргумент за таа работа.

Понатаму што сакам да напомнам се програмите кои се финансираат од страна на буџетот на Република Македонија. Постојат 11 здравствени програми и тие се домнантни во сегментот на примарната здравствена заштита. За жал, ние не успеавме да ги направиме програмите затоа што можеби и доцневме, меѓутоа тие промени ќе треба Владата на Република Македонија да ги носи, а овде, во овој момент имаме само препишување на истите ставки, на истите програми, без ни најмалку да се осврне некој на тоа дали е тоа баш така или треба поинаку да биде.

Во здравството, во науката и образованието, рационализација да, меѓутоа рестрикција не. Овде имаме рестриктивни мерки. Да потенцирам неколку, еве од заразните болести: туберкулозта и бруцелозата. Останати се на истото, меѓутоа туберкулозата е во снажен подем во државава. Минатите години имавме донаторски програми со кои обезбедувавме лечење. Сега тие се намалени затоа што донаторите уште мнатата година потврдија дека организационо веќе сме добро поставени и може да донираат уште некоја помош, меѓутоа, не повеќе. Што значи ова за нас? Овие средства може да овозможат само набавка на стре;птомицин кој повеќе не лечи туберкулоза. Новите лекови за туберкулоза се скапи. Ако туберкулозата ја гледаме и во контекст на тоа дека е социјална болест, не само заразна, туку и социјална болест, или болест на сиромаштија, а сиромаштијата ни прогредира, не лечењето или несоодветниот приод кон овој проблем само ќе доведе до рапидно зголемување на туберкулозните болни и сите на еден начин можеме понатаму, како држава, популација, да се претвориме во диспанзер за туберкулоза. Тоа не смееме да го дозволиме. Тука рестрикции нема. Можете да рационализирате. Рестрикции не.

Понатаму, ако годишно, на пример бројот на пациенти за дијализа расте секоја година меѓу 4,5% и 5,5% и ако вие останете на истите средства кои сме ги имале, а бројот за четири години е зголемен за преку 250, а истовремено со новиот закон за данокот на додадена вредност кој треба да го донесеме, ги зголемува импутите на трошоците, значи ние ќе мора да лечиме со истите средства многу помалку болни. Со други зборови ќе нема место за одредени болни да дојдат на дијализа и своето место ќе го отстаат на тој начин што ќе мроа, едоставно луѓето да умрат. Значи, таков тип на програми не во ред.

Понатаму, она околу кое сите се залагавме се програмите за олрганизирање на крводарителство, организирање на примарната здравствена заштита, програмите за мајка и дете, заштита на мајка и дете и т.н. Осуствуваат одредени програми, нема еволуција во програмите кај детската популација. Останато е по старо. Не се одобрени ниту 150 илјади марки за скинингот на дијабетот кај детската популација. Тоа е срамота. Единствена светла точка е минатогодишната активност каде што во имунизација е додаден хепатитот и благодарам за таа состојба затоа што хепатитот направи многу проблеми во оваа земја, со имунизација во перспектива. Значи со правилна инвестиција конкретно ние ќе имаме многу помалку инвалиди од хепатит и мнгоу подобра здравствено гледано

популација. Ако сите овие елементи ги земеме, тогаш ќе сфатиме дека имаме една не грижа во овој дел и тогаш ќе сфатиме дека сме рестриктивни со буџетот овде и дека во овој сегмент е антисоцијален. Од тие побуди сметам дека треба нешто повеќе да се направи и за вакви ставки во буџетот за здравство.

Јас лично нема да гласам за овој буџет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да му дадам збор на господинот Сарач, господине Оровчанец, само да истакнам дека сепак буџетот го донесуваме во законска процедура, согласно Законот за буџет и деловник и таа е поспора отколку за законот. Тоа предвидува законот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Не мислев за тоа да полемизирам, туку за забрзаноста на постапката. Факт е дека овој буџет требаше да биде многу порано донесен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во Собранието буџетот се донесува во постапка пропишана со Законот за буџетите.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Се согласувам, постапката требаше да биде порано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа се други фактори, заради промената на власта.

Има збор господинот Гајур Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Почитуван господин претседател, ценети членови на Владата, господа пратеници,

Денес на дневен ред е многу голем проект, како што е Предлогот на буџетот за 2003 година. Во врска со овој Предлог на буџет за 2003 година претходно го слушнавме излагањето на министерот за финансии, г.Петар Гошев. Многу е важен и

податокот дека овој Предлог-буџет за 2003 година е проектиран после макотрпна работа околу потпишување на договорот со ММФ.

Предлогот на буџетот на РМ за 2003 година е проектиран така што ќе треба да потпомогне за подобра реализација на целокупната макроекономска политика. Во услови на една стабилизациона макроекономска политика Владата на РМ ќе преземе разни мерки околу зголемување на вработеноста бидејќи во моментот невработеноста во Македонија се стреми да стане рак рана на целокупната економија на РМ.

Исто така, од излагањето на министерот за финансии Петар Гошев слушнавме многу други мерки кои ќе се преземаат во оваа година, како: зголемување на кредитирањето на приватниот сектор и инвестиции, потпомагање на развојот на малите и средните претпријатија, мерки за поттикнување на извозот и други активности околу намалувањето на сиромаштијата во земјата.

Предлогот на буџетот на РМ е проектиран во услови кога во РМ имаме ниско ниво на домашно штедење, од кое 80% се во девизни средства а само 20% во денарски средства.

Овој проект на Предлог-буџет за 2003 година се подготвувал кога сме имале раст на бруто домашниот производ за само 0,3% во 2002 година, за да се проектира во 2003 година раст на бруто домашниот производ од 3%. Овој Предлог на буџет се прави кога дефицитот на платниот биланс е 300 милиони денари и имаме негативно салдо на трговскиот биланс.

Проекцијата на Предлогот на буџетот за 2003 година се прави кога државата е најголем вработувач, при што треба да се води сметка за големите издатоци за вработените кои се финансираат од буџет. Овој Предлог на буџет се прави во услови на голема надворешна и внатрешна задолженост и ред други вакви неповолности, кои го следеле подготвувањето на Предлогот на буџетот за 2003 година.

Не би сакал да навлегувам во подлабока анализа на ставките и потставките во Предлогот на буџетот на РМ за 2003 година, но морам да спомнам неколку категории како на приходната, така и на расходната страна на Буџетот за 2003 година. Гледано од глобален аспект, на приходната страна на Предлогот на буџетот за 2003 година, кој изнесува 52,5 милијарди денари, имаме намалување повеќе од 4 милијарди денари во споредба со извршениот буџет за 2002 година или цели 5,2% помала приходна страна, односно помали зафаќања од стопанството во споредба со

2002 година. Ова, пред се, доаѓа од привремениот данок на финансиските трансакции, кои во 2002 година изнесувал 6,4 милијарди денари. Со престанувањето на причините поради кои беше воведен овој данок на финансиски трансакции, истиот данок престана да важи. Поради ова имаме намалување на вкупните даночни приходи кои зафаќаат најголемо место во вкупните приходи на буџетот. Кога аналитички би се гледале даночните приходи, имаме мало зголемување во персоналниот данок, данокот од добивка скоро останува ист како кај реализираниот буџет за 2002 година, кај ДДВ имаме зголемување од околу 2 милјарди денари, што е резултат од предвидените промени на даночните стапки. Кај акцизите имаме мала промена во споредба со извршениот буџет за 2002 година. Исто така, имаме мало намалување кај царинските давачки што е сосема нормална работа, бидејќи РМ стана членка на СТО.

Гледано во целина, приходната страна на Предлогот на буџетот за 2003 година се намалува за 4,3 милијарди денари, што ќе може да делува стимулативно кај стопанството, односно ќе имаме помали зафаќања од самото стопанство.

На расходната страна на Предлогот на буџетот за 2003 година, односно страната што ги покажува трошоците што се прават од собраните средства за 2003 година, се предвидени 59,2 милијарди денари, што значи дека 6,3 милијарди денари, односно скоро 10% ќе имаме помалку средства кои ќе бидат насочени за покривање на буџетските расходи.

Најголемите расходи што се финансираат од буџетот се тековните трошоци кои зафаќаат огромен дел од расходната страна на буџетот кој е предвиден за 2003 година. Еден голем дел од тековните трошоци од околу 21 милијарда денари ќе одат за плати на буџетските корисници, што во споредба со 2002 година ќе има зголемување од 2,6 милијарди денари. Од друга страна, еден голем дел од расходните трошоци се и зафаќањата за пензиите во износ од 24 милијарди денари или во споредба со 2002 година скоро 2 милијарди денари повеќе. 600 милиони денари се обезбедуваат за плаќање на придонесите за нововработените, кои ќе бидат вработени со новиот закон за поттикнување на вработувањето што се предлага да се донесе. За социјална заштита и социјална сигурност оваа година се предлагаат скоро 17 милијарди денари, од кои 600 милиони денари за детски додаток, 3 милијарди денари за социјални програми, предвидени се средства за структурни промени во социјалата околу 4 милијарди денари, за детска заштита 750

милиони денари и тн.Значи огромен дел од буџетот ќе оди за социјала што само по себе доведува овој Предлог на буџет да се нарече социјален.

Најголемо намалување на расходната страна, скоро 47% средства помалку ќе одат за материјални трошоци, патни и дневни трошоци, трошоци за комуникација и транспорт, како и други трошоци. Од самиот факт дека оваа година ќе се трошат 6,3 милијарди денари или скоро 10% помалку во споредба со 2002 година, со овој Предлог на буџет за 2003 година ќе се потпомогне да се консолидираат стопанските субјекти, односно се отвора можност за закрепнување на стопанството на РМ.

Буџетскиот дефицит, со Предлогот на буџетот за 2003 година се предвидува да изнесува скоро 4,1 милијарда денари, што произлегува од разликата на приходите и расодите. Од Предлог буџетот се гледа дека и оваа година ќе имаме отплата на долгови, како внатрешни така и надворешни. Во глобала гледано кај Предлог-буџетот за 2003 година имаме намалување како на приходната така и на расходната страна. Значи произлегува дека во 2003 година ќе имаме рестриктивен буџет, во кој голем дел од средствата ќе одат за социјала. Добро ќе беше да имавме зголемување на буџетот за толку колку што планиравме да имаме раст на бруто домашниот производ, кој се предвидува да изнесува 3%. Дури, уште подобро ќе беше да имавме предвиден раст на буџетот за 4 до 5 %, што ќе овозможеше поголема инвестициона активност во економијата на Република Македонија. Но поради тоа што претходните години - две беа кризни години, за очекување беше за оваа година да се предложи еден рестриктивен буџет, каде средствата ќе се трошат домаќински, за да се консолидира стопанството оваа година, а во наредните години да почне да добива замав, што ќе доведе до поголем раст на бруто домашниот производ, а со тоа и намалување на невработеноста и сиромаштијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Сарач.

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани претставници на Владата, колеги и колешки пратеници,

Јас во мојата дискусија би сакала да се осврнам на делот од Предлог-буџетот, односно предложените буџетски средства што се предвидуваат за

евроинтеграцијата и како процес, но и како организационо инсититуционална поддршка на овој процец во рамките на Владата.

Во оваа смисла, би сакала да укажам на фактот дека во Предлогот на буџетот за 2003 година се гледа дека се предлага зголемување на буџетските средства за евроинтеграцијата, нивно зголемување дури за три пати, односно од 17.779.000 денари, колку што било предвидено во Буџетот за 2002 година, сега буџетските средства се зголемени три пати, како што спомнав, и се 53.213.000,00 денари. Ваквото зголемување на буџетските средства според мене е индикатор дека заложбите на оваа Влада во однос на евроинтеграцијата на Република Македонија не е само гола декларација, туку и прашање на кое суштински ќе се работи. Оттука, ваквото вкупно зголемување на средствата за евроинтеграцијата треба да биде поздравено и поддржано од сите нас пратениците и морам да бидам искрена дека таква поддршка и поздравување очекував од претходните дискутанти припадници на опозицијата во нашиот Парламент, со оглед на фактот дека овој процес на евроинтеграција се поддржува подеднакво и од позицијата и од опозицијата.

(Претседателот Никола Поповски излегува од салата, а со седницата продолжува да раководи потпретседателот на Собранието госпоѓа Лилјана Поповска).

Понатаму, сметам дека распределбата на вкупниот износ на средствата за евроинтеграција, во смисла на нивна распределба на конкретни активности и приоритети, е направена на еден позитивен начин. Така на пример за обука и преквалификации на вработените од 0 средства, колку што предвидувал Буџетот за 2002 година, сега се предвидени 6 милиони денари. Значи овде се работи за средства што се издвојуваат за образовзние и обучување на квалификуван стручен кадар во државната управа, кој ќе работи на сложената проблематика на евроинтеграцијата, а пред се на огромниот потфат на усогласување на македонското законодавство со она на Европската Унија. Недостатокот на ваков кадар досега беше болна точка и мислам дека зголемувањето на средствата во овој правец барем донекаде ќе го ублажат проблемот. Иста цел и смисла има и зголемувањето на средствата за семинари и конференции, кои од 474 иљјади денари се зголемува дури на 5.800.000,00 денари, значи има десеткратно зголемување.

Понатаму, мислам дека на сите нас овде ни е познато дека еден од најзначајните проблеми и слабости во процесот на усогласувањето на македонското законодавство со она на Европската Унија е секако преведувањето на директивите и

другите правни прописи на Европската Унија. Имајќи го предвид овој проблем, сметам дека е многу значајно што во Предлог-буџетот за 2003 година, Владата покажала свест за поблемот и преку Предлог-буџетот за 2003 година прави напори за негово надминување преку зголемување на буџетските средства за оваа намена, значи за преведувачката активност. Имено, од 728 иљјади денари, што биле предвидени во Буџетот за 2002 година, сега се предвидуваат дури 10.200.000 денари. Значи се работи за зголемување речиси од 14 пати. Ваквото импресивно зголемување на средствата секако ќе го забрза процесот на усогласувањето на нашето законодавство со она на Европската Унија, а секако ќе обезбеди и поголема достапност на правните акти на ЕУ со сите други заинтересирани субјекти во државата.

Конечно, сметам дека сосема е исправно и позитивно што се преддвидуваат 4 милиони денари за издавачка дејност, во буџетот за 2002 година не биле предвидени никакви средства за оваа намена. Средствата за издавачка дејност се наменети за стратегијата за информирање на јавноста за процесот за евроинтеграција на нашата земја, како и за подобро запознавање со Европската Унија. За мене ова е значајно од две причини. Првата прична е дека јавноста на овој начин ќе се стекне со подетални информации и познавања за тоа што е ЕУ, што всушност знажи процесот на евроинтеграција.

Втората причина е следната. Со ваквиот процес на информирање сметам дека целиот процес на евроинтеграција ќе стане потранспарентен, појавен, а со тоа и подемократски и полегитимен, што секако не е нешто безначајно и невредно за споменување, особено затоа што во нашата земја континуирано ни се случува парадоксот од една страна да имаме декларативна поддршка на процесот на евроинтеграција како од политичките партии, така и од граѓаните, а од друга страна во конкретни ситуации да ни се случува многу често, а токму од непознавање и неинформираност за ЕУ и за процесот на евроинтеграција да донесуваме погрешни заклучоци, да се создава негативно мислење за ЕУ и таму каде што нема место, односно каде што не е оправдано, што во целина ги кочи напорите за приближување на нашата држава до ЕУ. Впрочем, подоброрто познавање на ЕУ и евроинтегративните процеси би им овозможил на граѓаните пообјективно и поинформирано да ја следат и контролираат работата на нас политичарите и колку реално, односно колку добро или лошо работиме во процесот на евроинтеграција на нашата држава.

Би сакала да заклучам со следново. Иако објективно земено тие средства што се издвоени во Буџетот за 2003 година, а за процесот на евроинтеграција секако нема да ги покријат сите реални потреби на овој процес, но сепак, ваквото зголемување е нешто позитивно, нешто што не треба да се негира и само сакам да искажам надеж дека ова зголемување од година во година, од буџет во буџет ќе стане тенденција, се разбира во согласност со економските можности на нашата држава.

Евроинтеграцијата на Република Македонија го заслужува секој денар издвоен за неа и се разбира заедно со неговото ефективно и одговорно трошење претставува добра инвестиција во иднината на нашата држава во иднината на сите наши граѓани, а заедно со сето ова претставува добро потрошен инвестиран денар на македонскиот граѓанин.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодариме на госпоѓа Каролина Ристова.

Збор има господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКи:

Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Буџетот за 2003 година во целина има една значителна доза на рестриктивност со цел да се зголеми штедењето на макро ниво и да се намали буџетскиот дефицит. Фискалната рестриктивност недвосмислено и помага на монетарната политика во правец на нејзино релаксирање, што пак од друга страна би требало да има позитивна консеквенца на зголемување на кредитниот потенцијал на комерцијалното банкарство, што се очекува да повлече кон еден реален и одржлив развој на бруто домашниот производ. Се чини дека ова е намера на планерите на овој буџет кој денес е пред нас. Зголемувањето на штедењето на буџетот беше основна политика на Владата во буџетската 2000 година, каде голема помош имаше и од успешно воведениот ДДВ. За жал, тогаш во Парламентот од опозицијата немаше разбирање за една таква политика. А таквата политика беше нападната и од многу таканаречени експерти во Македонија, кои дотогаш немаа искуство со така висок обем на штедење на буџетот кај централната банка, далеку поизразено од ова што сега се намерава да се спроведе во оваа година, веројатно затоа што меѓу другото тоа го дозволуваа и условите и општата економска и

политичка атмосфера. Така, во поголемиот дел од 2000 година буџетот редовно одржуваше високо салдо кај централната банка од 7 до 10 милијарди денари во просек. Покрај тоа, таа година извршивме и намалување на даноците на царините, што значително им помогна на компаниите, а извршивме и редица банкарски сопственички и други реформи, вклучувајќи многу либарализации како на трговијата, така и на финансиските операции. Ова резултираше со пад на банкарските камати на благајничките записи и на пазарот на пари и конечно, дури кон крајот на 2000 година и почетокот на 2001 година, банките се охрабрија и пристапија кон намалување на каматите.

И пристапија кон намалување на каматните стапки во услови на експанзивно кредитирање, како никогаш дотогаш. И кога планиравме уште повеќе да ја продлабочиме таа политика. оставајќи дополнителни четири милијарди денари за следниот буџет во 2001 годиа, за уште едно намалување на даноците во 2002 година и ново растоварување на даночните обврзници, тогаш за несреќа дојде војната. За неколку месеци беа турнати сите идеали за кои што зборував. И потоа се до постојните безбедносни инциденти до септември 2002 година немаше услови за враќање кон таа политика.

Сепак, се чини дека во 2003 година сеуште нема услови за повторување или надмашување на една таква политика, но добро е што намерите одат во таа насока.

Кога зборуваме за овој буџет, неизбежно е да се постави прашањето за неговата структура, која во основа е прифатлива, освен два позначајни момента за кои зборував и на Комисијата за финансирање и буџет. Се поставува прашањето за тоа дали сепак не можеше да се избегне редефинирањето на стапките на ДДВ и воведувањето на Законот за поттикнување на вработувањето од кој Закон не очекувам позначајни резултати.

Проблемите што Министерството ги имаше во насока на зголемување на приходите на ДДВ, преку зголемување на ставките ни се познати, бидејќи една година station наназад ММФ го посакуваше тоа, на што ние се спротивставувавме со мноштво аргументи. Сепак во мајските преговори работите запнаа кај ТАТ и покачувањето на платите и се одлучи преговорите да продолжат во октомври, што и се случи.

Престанувањето на важноста на данокот на финансиски трансакции или таканаречениот  воен данок ни беше сугерирано како аргумент за зголемвување на ДДВ. Но тоа за нас беше неприфатливо, затоа што знаевме дека заедно со

престанувањето на овој данок драстично се редуцираат и екстратрошоците за војната, кои се приближни со приходите од споменатиот данок.

Иако како поранешен министер за финансии ја разбирам непријатната позиција на преговарачите со ММФ, сепак како прашање и на самата Комисија за финансирање и буџет, се поставија тезите дали ова неможеше да се избегне со ненамалување на стапката од 19 на 18% и невоведување на не многу пазарниот закон за поттикнвуање на вработувањето. Овој закон, патем речено, не само што ќе предизвика високи трошоци, туку можно е да направи одредени дисрозии на пазарот. Пред неколку дена еден бизнисмен од текстилниот бизнис одлучно ми рече: “По воведувањето на законот е ги отпуштам сите 700 работници и ќе примам нови, со што ќе ги користам бенифициите на законот. Во спротивно, конкуренцијата ќе ме уништи”.

Мислам дека од овој пример може многу нешто да се насети во овој закон, кој иако е добронамерен, нема многу да помогне, а создава финансиска штета и дисторзија на пазарот.

Остануваат и прашањата за други комбинации. Ако веќе мора да се покачи данокот, како што се комбинациите со ДДВ со 20 или 28%, или пак побрзо имплементирање на фискалните каси, кои сигурно би донеле околу 1,5 милијарди денари приход, речиси еквивалентен на последниот износ.

Почитувани пратеници, овој буџет е значително растоварен од екстратрошоците за национална безбедност, што е добро и што условите на теренот го дозволуваат тоа, иако буџетите за внатрешни работи и на Министерството за одбрана се чини на трајна основа ќе останат на повисоко ниво во периодот пред војната.

Во овој буџет имаме дефицит од 4 милијради. Нето приходите се замо за 3,3 милијарди, а укинувањето на воениот данок е 6,4 милијарди денари. Притоа, ДДВ, приходот од ДДВ се зголемува според проекцијата за околу 3,5 милијарди денари, делумно и заради покачената ставка.

Кај акцизите и царините имаме релативно скромно зголемување од 200 и 100 милиони денари рестриктивни. Иако тоа можеби е направено од принуда, сепак намалувањето на стапките на капиталните трошоци и инвестициите ќе имаат едно одредено мало влијание на растот на бруто домашниот производ.

Останува да видиме дали ваквиот буџет и ваквата политика ќе издржат особено на среден рок, кога не очекува децентрализацијата на власта, што носи крупни промени во финансиската, даночната и буџетската политика.

Се надевам дека искажаната волја на оваа гарнитура на власт, на оваа Влада нема да го прекрши некоја нова војна за човекови права, односно за територии, па да почувствуваат како се одржува или не се одржува аранжман со ММФ, како се прави буџет и извршува буџет и одбрана на земјата со чувството на мирисот на барутот и пролеаната крв на млади и недолжни луѓе. Иако во своите говори, новите луѓе во власта се трудат да го избришат влијанието на војната врз економската политика во 2001-2002 година, за да новите планирани достигнувања, во однос на економските параметри ги прикажт поголеми во очите на јавноста, јас сепак од дното на душата не им посакувам да се најдат во ситуација на војна и економски резултати кои што ги носи војната.

Конечно во врска со најавените економски политики би поддржал некои од нив како што е назначувањето на трговски претставници во амбасадите , тоа е една идеја уште од 1999 година која што за жал не успеав да ја реализирам заради спротивставување на одредени личности во коалиционата Влада, гарантниот фонд, девизните кредити, кои што долго ги дискутираме, терањето на загубарите по теркот на Светската банка, за жал минатата година се зборуваше спротивно, меѓутоа реалноста покажува нешто друго, воведувањето на фискалните каси, фискалната полиција и тн. И при ова би издвоил и една работа која што не ја видов во говорот на министерот, која што мислам дека од оваа говорница вреди да биде спомената, а тоа е проектот за обука на менаџерите.

Од моето досегашно многу скромно осумгодишно искуство половина во банка, половина во Владата, навистина, сметам дека еден таков проект е навистина неопходен за менаџерите во Република Македонија, бидејќи општа констатација е дека една од главните причини за бавниот раст на економијата во Република Македонија е исклучително слабото ниво на менаџмент во македонските приватни компании. За државните, веќе не би требало да зборуваме.

Овој проект беше промовиран некаде кон средината на минатата година, беа превземени одредени активности за негов почеток. Се работи за испраќање на една група од околу 500 менаџери надвор од земјата во многу силни компании од нивната бранша, како и донесување на странски екипи во домашните компании, така што, тоа би го спомнал исто така како една од значајните работи, кои што, иако можеби

навидум не се толку важни, ви велам дека од моето досегашно искуство покажува дека можете да направите каков сакате буџет, да создадете каква сакате макроекономска политика, меѓутоа, ако луѓето кои што на теренот во бизнисот треба да го практицираат тоа имаат лимитирани капацитети, во тој случај, навистина, е тешко да се делува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот пратеник Никола Груевски, збор има господинот Коста Прешевски.

КОСТА ПРЕШЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници,

После неколку години енормно и во основа недомаќинско трошење на буџетските средства, да потсетам дека вкупните буџетски расходи во Буџетот на Македонија во 1998 година беа под 40 милијарди денари, а во 2002 го надмина износот од 60 милијарди денари. Оваа година е видливо значајно стегање на буџетската рамка и нејзино сведување на материјалните можности на македонската економија. Не можам а да не спомнам дека огромното трошење на буџетските средства на претходната Влада на земјата и нанесоа огромна штета.

Имено, големата буџетска потрошувачка перманентно ја зголемуваше рстриктивноста на монетарната политика. Централната банка беше принудена за да задржи висока ценовна стабилност, односно ниска стапка на инфлација, да ја зголемува дисконтната стапка и да ги зголемува каматите на благајничките записи. Крајниот резултат беше зголемување на каматните стапки на пазарот на капитал и намалување на мотивот за инвестирање во секторот на претпријатието. Затоа мислам дека и опозицијата треба да го прифати предложениот буџет, зашто очигледно има амбиција да стави ред во трошењето на народните пари. Овој буџет е навистина рестриктивен. Но тоа е само доказ дека во земјата дојде време дека треба да се платат сметките за недомаќинското трошење на средствата во изминатиот период. Овој буџет заслужува да биде поддржан од неколку причини.

Најпрвин, вкупното даночно оптоварување во земјава се намалува. Намалувањето е по две основи.

Прво, се укинува воениот данок кој во претпријатијата на годишно ниво изнесуваше скоро 6,5 милијарди денари и ги ставаше претпријатијата во незавидна состојба, зголемувајќи им ги трошоците на работењето и на намалувајќи им ги профитите, а со тоа и можноста за инвестирање.

Второ, општата даночна стапка на ДДВ се доведува од 5 на 18% за значаен дел на производи. Сепак општото даночно оптоваруварување на македонската економија е видливо. Имено, ако даночното оптоварување на централниот буџет, како процет од бруто домашниот производ за 2002 година изнесуваше речиси 23%, сега се сведува на 20%.

Понатаму, вкупните приходи на буџетот оваа година се помали во однос на претходната на 5,2%. Истовремено, вкупните расходи на буџетот се помали за дури 9,6%. Тоа резултира на значително намалување на буџетскиот дефицит мерен како негово учество во бруто домашниот производ. Во апсолутни броеви скоро 9 милијарди денари во 2002 и на околу 4 милијарди денари во тековната година. Што значи тоа за земја како што е Македонија, која што е принудена буџетскиот дефицит во најзначаен дел да го финансира од странски извори, овде не е потребно посебно да се објаснува. Иако респектиран, овој буџет во основа е реформски ориентиран. Имено, оваа година буџетските расходи врз основа на структурни реформи во прв ред за реструктуирање на големите загубари изнесуваа дури 1,58 милијарди долари наспроти 1,38 милијарди денари во 2002 година и само 239 милиони за 2001 година. Овој пат говори дека Владата без оглед на економските проблеми со кои се соочува, цврсто опстојува на курсот на преструктуирање на економијата како битна претпоставка за зголемување на економската ефикансост и економски прогрес во иднина.

Од буџетот за оваа година се гледа дека Владата става крај на крајно проблематичното трошење на средствата од Телекомот, што го практикуваше претходната Влада, главно за објекти кои во основа беа измислени, за да го подигнат предизборниот реитинг на претходната Влада. Некој ќе каже ова не е добро, бидејќи на овој начин се намалуваат капиталните трансфери од буџетот, кои се значајни за секоја економија. Да, но доколку тие се добро селектирани и даваат придонес на економскиот раст и развој на земјата. Но ако тие се насочени главно во комунални објекти, да не кажам паркови и зеленила, во услови кога продуктивните инвестиции во земјата перманентно се намалуваат, тогаш, таквата логика, навистина не држи.

Рестриктивноста на буџетската политика, што е особено значајно и дава шанса на монетарната политика да биде порелаксирана и да доведе до намалување на каматните стапки, како битен предуслов за пораст на инвестициите на претпријатиата. Фактот што на претпријатијата со укинувањето на данокот за финансиски трансакции што се ослободуваат повеќе од 6 милијарди денари и добриот изглед за намалување на каматните стапки е дадена објективна можност за пораст на инвестициите во македонската економија. Дефинитивно, таква структура на буџетска политика е во согласност со ММФ, таа отвара можност за странска поддршка на нашите реформи за пристигнување на средства од Донаторската конференција и за зголемување на имиџот на земјата меѓу странските инфеститори.

Ќе се задржам на планираните средства за Министерството за обрзование и наука, кои во буџетот учествуваат со 13,7%. Вкупните планирани буџетски приходи за ова министерство за 2003 година во износ од 9,2 милијарди денари се помали во однос на претходната година за 38,7 милиони денари. Вкупните расходи се планирани во износ од 12,7 милијарди денари, што значи дека се поголеми за 3,5 милијарди денари. Оваа разлика се планира да биде покриена со приходи од органи, од донации и најголем дел од сопствени активности на единките корисници во износ од 3,2 милијарди денари.

Имам забелешка во однос на реалноста во планирањето на овие извори на приходи, а особено на оние од сопствените активности. Дали тие се планирани врз основа на добиените реални планови од единиците корисници, или се само слободна проценка на службите на Министерството за образование и наука. Што ќе се случи ако овие извори на приходи не се остварат во планираните односи. Дали во тој случај во поглед на нивното големо учество во планираните вкупни средства ќе се доведе во прашање и реализацијата на образовната дејност. Середствата за плати и надоместоци се планирани во износот 81% од вкупните средства планирани за Министерството за образование и наука и тие се повисоки од износот за 2002 година. Зголемувањето се должи на извршеното усогласуање по однос на зголемувањето на најниските плати во 2002 година и по основ на проширена дејност во основното образование за извршената реформа во гимназиското образование и за зголемениот број ученици од албанската заедница во средното образование.

За реализација на другите трошоци, т.е. за изградба и одржување на образовната инфраструктура се планирани 19% од вкупните средства. Тие средсва се на минатогодишно ниво со определена прераспределба на средствата меѓу нив,

со цел пореално планирање на трошоците во зависност од потребите на единките корисници. Ќе се согласите дека оваа распределба на средствата е неповолна за развој и функционирање на образованието и науката во целина. Поконкретно ќе се задржам на делот од програмата и тоа администрација, основно образование и средно образование од разделот Министерство за образование и наука. Во програмата администрација евидентно е дека се планирани многу помалку приходи со предложениот буџет за 2003 година. Споредено со буџетот за 2002 година тие се помали за околу три пати. Намалувањето е најголемо за стапките за патни и дневни трошоци за патување во земјата и странство, што сметам дека е во функција на определбите на Владата за економично и рационално трошење на буџетските средства.

Исто така, во ставката за плаќање по судски решенија  има значително намалување на планираниот износ, што доведува до заклучок дека со поделбите на Владата за поголемо законско работење и контрола, овие трошоци можат да се сведат на минимум, за разлика од потрошените средства за оваа намена во 2002 година кои беа околу 17 пати поголеми.

Во програмата за основно и средно образование има одредено зголемување на вкупните планирани средства во буџетот, во споредба со 2002 година: за изградба и реконструкција на училиштата во сферата на основното и средното образование се предвидени средства незначително зголемени во споредба со 2002, апсолутен износ од 240 милиони денари. Воглавно овие средства се планирани за основното образование, додека за средното образование се планирани средства за оваа намена во износ од 43,5 милиони денари, или 18% од вкупно планираните. Да бидам искрен, не можам да се согласам со една ваква распределба.

Средствата за опрема за основното и средното образование се поголеми од оние во 2002 година, но по мое мислење оваа ставка може да биде порелаксирана, бидејќи претходната Влада неодговорно, без план  и програма има опремено без план неоправдано и без потреба во неколку училишта во државата со комплети, клупи и столчиња. Таквите вишоци од опрема можат да се прераспределат во училиштата каде што тие се неопходни.  Исто така и планираните средства за информатичка опрема и за зголемување на компјутеризацијата на училиштата се зголемени со овој буџет. Но како држава со ограничени финансиски можности и за оваа сфера предлагам да се изготви програма со која компјутерската опрема од

поедини училишта. која не одговара на стандардите за реализација на соодветни наставни прорами да се прерасподели во училиштата.

Се прераспореди во училиштата во кои таа ќе биде по функцијаи со тоа ќе се ослободат повеќе средства за ова област. И ова е еден од начините за штедење и домаќинско однесување и работење.

Во Буџетот за 2003 година се планирани средства за трансфер на студиски ученички стандард  во износ од  околу 20 милиони денари, што сигурно ќе придонесе за  ублажување на проблемите за нискиот стандард на учениците и студентите. Но сепак со извесна резерва дека овие средства се доволни и ќе ги решат проблемите во оваа свера.  Инаку реализацијата на  дејноста  во оваа свера се одвива без програма за развој со што е отежнато и панирањето на реалните трошоци. Очигледно на крајот  постојат многу факти за кои претходно говорев поради кои ќе го подржам вака предложениот Буџет од страна на Владата на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Коста Прешовски.

Има збор господинот Коце Трајановски.

Се извинувам господине Трајановски министерот се јавува за збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, слушав внимателно повеќе дискусии и немам намера на сите да се осврнувам затоа што главното што мислев дека треба да биде кажано го кажав во вчерашното експозе. Различните мислења кои што доаѓаат од објективнор азличното гледање на работите може да останат се разбира со полно право секој да има свои мислења, а некои дискусии кои што се прават само за да се покаже спротивното на нив нема да се осврнувам и во она поприземна свера на политичка битка помеѓу опозицијата и власта. И туак во врска со некои работи едноставно нема докажување и нема потреба од докажување. Ете така некој сака да тврди независно од тоа дали е добро информиран, независно од тоа дали навистина верува во тоа што го тврди, независно од тоа дали тоа го познава, независно од тоа дали е можно или не е можно. Тоа е така во политичката битка и затоа нема да се осврнам, меѓутоа има неколку работи кои сепак морам да ги кажам, да ги потенцирам заради тоа што ако така останат не би било добро, тогаш можеби би

значело дека ние прекутно се согласуваме со некои концепти со кои што апсолутно не се согласуваме.

Беше поставено прашањето , јас се извинувам што некои не се тука, на пример не е тука господинот Балковски кој што го ппостави прашањето дали ќе продолжи инвестиционата активност. Тој смета дека со тој став очигледно дека инвестиционата активност треба да се остварува и да се зголемув апреку државните органи. За жал ние не мислиме така, јас лично апсолутно не мислам така бидјеки во услови на пазарна економија инвестиционата активност треба да ја зголемуваат пред се претприемачите, приватните фирми, не да ја зголемува државата бидејки државата споменувајки ја инвестиционата активност се разбира и таа има свое место, таму каде што не може да инвестира приватното да инвестира државата и тие свери се знаат, се разбира со одредени процедури, со големи контроли, големи големи контроли за да не дојде до злоупотреба бидејки најголемиот  злоупотребувач на даночните пари е државата, државните чиновници, бирократијата, политичките функционери. Што помалку можност за такви дискрециони одлуки тоа помалку корупција  и рационално трошење на средствата. Значи овој концепт е повеќе пари за приватниците. Тие кои  што ги поседуваат, кои што се газди на парите тие знаат најдобро да ги пласираат средствата и ако им оставиме повеќе пари на нив ќе има инвестициона активност со висока продуктивност, со ниски капитални коефициенти, значи со помалку пари повеЌе доход, повеќе вработување. Во спротивно концептот е лош, стар наджывеан и тој нема д ане извлече од економската криза.

Искуството особено во овие 4 години покажа колку се зема во приватни џепови кога инвестира некој од државата. Значи ние емаме таков концепт, државата нема потреба да бара да ја зголемува инвестиционата активност преку Буџетот дирекно да инвестира. Тоа е лош концепт, а нашиот е обратен. Да им земеме што помалку пари на граѓаните и стопанството, тоа е основната филозофија и тоа ќе биде најпродуктивниот систем ако успееме да го реализираме до крај, а овој Буџет е во таа насока , независно што на тоа притискаат и јасни ограничувања.  Буџетот скратил некоја стапка од 220 милиони денари за изградба и реконструкција н апатишта, Фондот за патишта немал програма. Скратена е ставката за 220 милиони и други ставки се скратени за повеќе или помалку пари, но истовремено  Владата донесе Одлука за изградба на заобиколниот пат кој што ќе чини повеќе од 100 милиони долоари околу Скопје, патот Смоквица -Гевгелија и т.н. Па, тоа ќе го пласираат приватници се разбира и државата е гарант за тие средства . Па така ќе

работи градежната оператива надвор од Буџетот, не преку Буџетот. Потоа кредитите за далноводот од 40 милиони, програмата на Светската банка тригодишна од 150 до 165 милиони долари која што ќе биде пласирана преку банките и приватниците. Значи парите овде не се за инвестициите. Кога би биле само овие пари предвидени за инвестиции во Буџетот и 16 пати да ги зголемиме од овие што се , и 200 пати повеќе од оние што биле во Буџетот на ВМРО-ДПМНЕ тоа би било трошка, ништо ако на тоа останувaат работите за инвестиции. Значи, има други средства за инвестиции во стопанството. Имадруги кредитни линии што се бројни, неискористени кои што исто така стојат на стопанството, но вчера зборував заради кои услови тие не се користат доволно добро. А, да се настојува да се зголемат парите во Буџетот, да се зголеми даночното оптоварување за да се инвестирало повеќе преку министерствата тоа значи да се прифати политика на натамошно лапање провизии од поединци, скапи објекти, фрлени пари по три пати за ист објект, фрлени пари по три пати , четири пати за проекти што се направени, па повторно правени, едни, други па трети и сл. на тоа. Тоа не е добар концепт. Државата мора да се одбрани од слабостите на човекот. Слабостите на човекот се големи кога ќе види големи апри. Ќе треба да се одбрани, системто да го направи и што помалку такви права на бирократите, на функционерите тоа поголема заштита за парите на анселението и на граѓаните. Тоа е концептот што сакаме да го реализираме и што се разликува од овој комунистички концепт што го слушав во една неверојатна форма, а во исто време од партијата која што најмногу ги напаѓа комунистите. Тоа е парадоксално, да се нуди таков концепт од луѓе што се априори емотивно против поранешниот систем. Тоа не е точно.

Немало програма за магистрални патишта и т.н. Па, нема програма. Програма ќе има кога ќе се донесе Буџетот. Откако ќе се утврдат парите во Буџетот и ќе се определат за Фондот за магистрални патишта, а таму имате ставка од милијарда и 650 илјади денари, кога ќе ја видат колкава е и врз основа на тие пари, врз основа на приходите што ги имаат од патарини и други работи ќе си аправат програма, ќе ја усвои Владата таа програма па ќе инвестираат со таа програма. Обратното не е можно. Обратното би требало веројатно да биде практика можеби на претходниот министер. Така не е редот ан работите. Поинаку е редот на работите.

Немало предвидено пари за Македонски железници. Македонски железници, сите јавни претпријатија се во колапс. Сите, зошто се во колапс? Затоа што 4 години е влошувана ниванта положба затоа што не е пипната реforамта кај јавните

претпријатија. Затоа што  такви јавни претпријатија што се оптоварени со дополнителни кредити, со дополнително вработување, непотребно вработување, вработување на приајтели, на роднини, на се и сешто, зголемени трошоци енормно без никакви рационализации и сите се пред колапс. 4 илјади луѓе има во Макеоднски железници. 8О-ина милиони денари е бруто плата месечно, а тие не вадат денеска ни 20 илјади. Како да нафтата со 10% ја пренесувале, слушаме од устата на екс министерот. Па, нафтата со 10% што ја пренесуваат сега е плус. Нафтата железниците не ја пренесуваат затоа што ВМРО-ДПМНЕ заклучи Договор со Окта и на Окта и даде да ја пренесува нафтата со нафтовод кој што е нерегуларно граден и затоа цеалта работа помина таму. Но ене е несреќата цела таа. Несреќата е што железниците нафтата и нафтените деривати ги пренесуваа на пример за 25 долари по тон, а овој нафтовод ја пренесува за 32 долари по тон, што ја плаќа овој народ. Сега се грижи, солзи рони екс министерот немале работа железниците. Па им ја одзема. Сега има вишок работници таму од најмалку 2-3 илјади и тоа треба да се реши сега. И кредитите не можат да ги плаќаат и паѓаат на товар на Буџетот, а Буџетот треба да земе од некаде за да ги враЌа од некаде тие кредити. А господинот дискутира слободно со чист асовест кога го гледаш, а интимно незнам, но си зборува фино, смело и тврди дека тоа е причината за проблемите во нашата држава.

Имало 100 милиони денари за канцелариска опрема и мебел во Министерството за финансии, 100 милиони чуми ќе ги удри тие Што ќе дадат покрај мене таму 100 милиони денари за мебел и канцелариски материјали. Тоа е опрема за компјутери, а ставката екс министерот ја знае дека е наслов мебел и канцелариски материјал, а таму е опрема компјутери технологија, техника и т.н. Значи, нема такви пари предвидено за тоа. Не е тоа точно и да дојдете секој ден тоа да го ппроверувате во Министерството за финансии и кај другите затоа што ако прочитавте во Законто за Буџет се што ќе биде одлука на некое министерство да купи мебел, канцелариска опрема ќе биде со барање да му одобри Владата, а не сам да го направи тоа. Значи не ќе може тоа да го прават како што си го правеле. И на тоа мислевме почитувано опозицијо, бидјеки знаеме што се случувало. Ќе имало помалку апри за здравството. Ќе имало помалку пари за здравството и почитуванито Оровчанеце се засекира многу. Можам да го разберам како доктор, бидјеки за докторите треба пари, треба лекови, за населението треба пари, лекови не можат луѓето да плаќаат. Апсолутно од тој аспект да, меѓутоа почитуваниот доктор не се изнасекира кога во здравството преку Здравствените фонд се украдоа толку  пари.

Нема секирација за тоа . Почитуваниот д-р. не се секира на пример зошто само лани 2 илајди луѓе се вработени преку Фондот за здравство, а тие 2 илјади луЃе бараат плата за цела година и тоа го оптоварува буџетот и Фондот за здравство. А зошто ги примиле тие 2 илјади. Затоа што недостасувало работна сила во здравството, во Фондот за здравство во целина, или имало и таму пренатисканост како што има на сите места во државната  администрација. Ама, си примиле 2 илјади во изборната година мислејки дека со тоа ќе фатат 2 илјади семејства, па 2 по 4  се 8 илјади гласа и еве ти еден пратеник плус во Парламентто на троок на граѓаните. Супер логика, идеологија, а овде плачење ли плачење за работите кои постојат.

Почитуваниот доктор не рече ништо зошто десетици и десетици здравствени домови се снабдени, наполнети , преполнети со залихи за по 10 години од некои производи. Зошто? Затоа ништо г-динот доктор не имкажа и не се секира за тоа и вели во Фондот ќе имате помалку пари. Па ќе има помалку пари ако така се работи. Ќе нема лекови за она што е најпотребно, нема стопанство да го плати сето тоа. кој ќе го плати сето тоа ? Значи, за тоа нема секирација. Нема секирација за 2 илјади плус вработени,нема секирација за апашлукот што беШе, нема секирација што се изнакупија за 10 години залихи, а има секирација зошто немало некои пари префрлени од Буџетот што одлучила минатата година екцесно, инцидентно претходната Валда да ги стави во Буџетот. Така  неможе почитувани пријатели, так ане може да се води држава ни Буџет, ни фискална политика. Според тоа работите не може да одат на тој начин. Па ќе немало донатори, ќе нема донатори ако гледаат дека парите одат бестрага зошто да ни даваат пари. Ќе нема донатори, ќе нема странски инвестиции. Ќе нема странски инвестиции ако еден одговорен функционер, до вчера најодговорен пишува кулумни со кои штопредлага повторно етнички чисти граници на Балканот. Добро, еве да направиме етнички чисти граници на Балканот сега пот претпсотавка тоа неможно да стане можно. На никој што не му успеало по мирен пат да стане ова. Меѓутоа по 10-15 години повторно ќе се измешаат народите, потоа повторно ќе ги менуваме границите. Кои се тоа концепти, кои се тоа концепти Ви се молам.

Сега сакам нешто друго да ви кажам. Даноците се зголемени во претходниот период. Сонаправените трошоци во претходнито период за 3 месеци, или 4 месеци и 15 дена оваа Влада не создаде основа за зголемвуање на даноците. Сите ставки згоемени во Буџетот се производ на направените трошоци во минатата и минатите

неколку години. И тие се производ на тоа , на ништо друго. Јас ќе ви го кажам уште овој податок и ќе ве ослободам од вниманието.

Минатата година се натискани во државната админситрација , во јавните фондови, во јавните претприајтија 11.217 лица. Министерството за финансии има податоци до последниот. 11.217 лица во изборната година ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери примава односно натискала во пренатисканата државна администрација. Знаете ли колку чини тоа. Еден месец чини за 11.200,17 ги одбивам , по 20 иљади бруто плата, а минимум толку е 224 милиони денари месечно на јавни трошоци. 5.600 се во државната админситрација, 2000 во фондовите, 2000 во јавните претприајтија, 2000 со договор за дело. Годишно 2 милијарди 688 милиони денари. 2.688.000.000 за тоа што е направено само во изборната година, претходната преку примањето на овие луѓе. Кој ќе го плати тоа , од каде ќе се плати тоа. Сокакви заштеди може да се надополни тоа? Значи даноците се покачени лани, преклани не оваа година.

Ако платите од 2000 до 2002 година масата е зголемена за 5 милијарди, не пораснал туку се намалил бруто општествениот производ. Ако пензиите врзани со платите се покачиле за нови 2 и пвоеќе милијарди денари повеќе пак не пораснал доходот, бруто општественито производ.

Кој ќе го плати тоа? Од каде ќе се плати во услови на целото расипништво што го имаме. Значи, прашините да ги оставиме на страна, фактите се овие, му се допаѓале тие некому, или не му се допаѓале. Произведени се трошоците, дигнати на енормно високо ниво без трошка одговорност. Затоа тие господа однадвор велат: ние немаме доверба во вас, сега ќе ви ги стегнеме ремените и не ви даваме повеќе поддршка од тоа што ние мислиме, а вие правете што сакате, најдете си го лекот самите внатре. Ние предлагаме политика да си го најдеме лекот сами полека, полека, оваа година, наредната година и ќе си го најдеме лекот само да издржиме на оваа линија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитувани пратеници, пратставници на Владата, г-дине Гошев, денес на дневен ред е точката, за предлог буџетот. Многу важна точка. Јас мислам дека треба многу сериозно и многу одговорно сите да го разгледаме овој предлог буџет. Јас така постапив и стојам зад сето она што го анализирав во мојот говор.

Да почнеме по ред. Кажувате дека Владата не треба да инвестира.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не кажав, погрешно ме интерпретирате.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Кажав дословно, Владата треба да донесе програма и да дејствува на поддршка на стопанските субјекти кои нивната активност е насочена кон извозот. Во овој период тоа и го потенцирав, требаше да се направат програмите порано ноември, декември, јануар, еве и февруар, а сега требаше да се дејствува на развојот на претпријатијата и никогаш да не се потенцираат само средните и малите претпријатија. Исто така, потенцирав, дека овие буџети меѓутоа, заедно со сите други активности што треба да се донесе. Вие тоа го кажавте во вашето излагање: мерки, програми, законски акти, се основа за создавање услови за работа што македонската градежна оператива и сите други индустриски гранки од оваа дејност ќе бидат ангажирани за работа во оваа година. Не можат мали фирми да изведуваат, да изведуваат инфраструктурни објекти како што кажавте вие, заобиколница за Скопје 100 милиони евра. Меѓутоа, тоа ние го започнавме, не го започнавте вие за овој период од месец дена. Во 1998 година, е потпишан договорот, меѓутоа, кога се започнати активностите. И треба да се запрашаме зошто од 1998 досега не беше тоа направено. Истото се случува и за Смоквица - Гевгелија. Па најголемите градежни фирми треба да работат на тој проект. Ние никако не смееме да дозволиме како држава, како што не дозволивме досега со нашата активност да влезат странски фирми и да работат на наши инфраструктурни објекти. И тоа треба да биде заложба на Владата. Меѓутоа, како тоа ќе го постигнеме? Ќе го постигнеме со буџетот, меѓутоа, ќе го постигнеме и со мерки, со програми и со законски акти ако треба.

Кажавте за јавното препријатие Македонски железници. Трансформацијата ние ја почнавме. Зошто не се почна трансформацијата на Македонски железници од 1992 година. Значи, пак се почна од 1998 година. Тоа оди тешко. Јас не се согласувам со тоа што Министерството за транспорт и врски цело време и тоа беше став и на Владата кога кажуваше дека единствениот спас на Македонските железници е трансформацијата и ние чекаме да дојде Светска банка и што ќе одлучи. Зарем Светска банка што дојде за два дена се одлучи дека треба да се

трансформираат македонски железници. Па тоа се огромен број на договарања, голем временски период за да се дојде до таа активност.

Уште за фондот за патишта. кажавте дека не се носело програма пред да се направи буџетот. Се согласувам дека таков е редот. Меѓутоа, затоа јас реков, ако ме слушавте внимателно, ги земате ингеренциите на Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија и Министерството за финансии. И кажав дека тоа е добро од финансиска контрола. Меѓутоа, соработката помеѓу Министерствата мора да постои. Комуникацијата помеѓу стручните екипи во Министерствата мора да постои. И кога се прави еден буџет, се прави заедно буџетот и програмата за да може тоа да профункционира веднаш. Кога ќе профункционира програмата на Фондот за патишта кога сме сега веќе април месец, а треба да почнеме да градиме. Така што во секој случај државата мора да поведе сметка, мора да води грижа врз своите програми и врз своите основи да помага на македонската градежна оператива.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас Ве молам, сепак да се придржувате до она што значи термин за реплика.

За реплика се јави г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Да му се заблагодарам на почитуваниот министер што сватил за потребите на здравството и што сочувствува кон мене како доктор. Она што крајно неефикасно е пласирано овде, тоа е за проневери кои се случувале во фондот за здравство. Моите ингеренции во тој смисол беа минимални, меѓутоа, колку беа, беа реализирани. За одредени пратки на лекови кои јас успеав да ги верифицирам, директорите добија отказ. Меѓутоа, што се случува со вработувањата тоа е друга песна. Дали е тоа политиката на оваа Влада која почитуваниот министер ја пласира луѓето да работат волонтерски во установите. Во медицинските центри во здравството имаше и тука има сведоци доктори кои знаат како било, волонтери со еден збор , луѓе вработени по договор. Меѓутоа, на период од 6 години, 7 години, 8 години. Тој статус на тие луѓе беше решен и не беше партиски решен. Јас можам да ви посочам примери, а можете и лично вие да се уверите, не мора ни тоа јавно да го кажувам овде, колку луѓе на таканаречена во тој момент опозиција биле вработени. Според тоа, не можете да водите здравствена политика со волонтери и договор на

дело. Не може некој со договор на дело да биде инструментарка 6 години во операциони сали.

Второ, за тие залихи на лекови, она што јас се трудев и како политика сигурно успеав, тоа е во овој период додека вие не успеавте и еве до ден денеска да го донесете буџетот, да има доволно лекови во аптеките, затоа што моја цел беше да има минимум три месечни залихи на лекови. Се изеде таа маса, се потроши. Нови набавки нема. Во меѓувреме Фондот не плаќа на никого ама баш ништо. Веледрогериите почнуваат да си ја јадат сопствената маса и не можат да набавуваат. И Вие зборувате за некоја здраствена политика. Секој што направил некоја беља ќе си одговара. Меѓутоа, вие директно сега правите менување на тезите, колку беа лоши, па сега ова не е ништо што се прави. Не е точно. Имало моменти кои биле лоши, меѓутоа генералната политика беше сосема друга. Точно е дека се вработија 2000 души. Јас ви гарантирам дека потребите за вработување во здравството сеуште постојат и има уште потреби. Сакам да ви кажам и примери. На пример клиниката во која сум вработен, Таа клиника во 1990 година броеше 98 луѓе. Во наредниот период што од пензионирање, што од други работи стигна до 82. Денеска е стигната до 91, а потребите се сеуште по систематизацијата која сметаме дека не е реална со 30, меѓутоа сигурно за потребите за 100. И не може да се зборува за ирационални вработувања на луѓе кои со години она што го правеле таму, го правеле на сосема неадекватен, нелегален начин. И те како биле потребни тие вработувања. А она што сега се случува, тоа е тоа што се случува да нема лекови, прошетајте по аптеките да видите дали ги има веќе, а досега ги имаше.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Ганка Цветанова Самоилова.

ГАНКА ЦВЕТАНОВА САМОИЛОВА:

Јас би сакала да му препорачам на почитуваниот министер за финансии неговата дискусија да биде строго фокусирана на она што е тема на дневниот ред, а тоа е Буџетот, бидејќи тој не е веќе на функцијата пратеник за да ни ги објаснува неговите ставови и разгледувања и размисли во однос на одредени колумни, она што е презентирано во колумните и какви се неговоите ставови во однос на тоа.

Неговата дискусија нека биде строго насочена кон буџетот, она што е основна тема на дневниот ред на оваа денешна седница. И јас уште еднаш апелирам од оваа говорница сите говорници да не си го земаат првото да бидат обвинители, истражни судии и поротници истовремено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да му кажам на уважениот министер и потпретседател на Владата на Република Македонија дека се става во улога на обвинител, истражен судија, судија, па дури и затворски стражар. Мислам дека сето ова што го пласира преку медиумите, сето ова што го говори министерот практично однапред ги осудија луѓето и го злоупотребија притворот како поим. Исто така, сакам да напоменам дека уважениот министер изгледа дека има амнезија во смисол на тоа дека за време на изборите, се извинувам за поимот што го кажав, меѓутоа важно е да потенцирам дека и во 1998 година тогашната позиција за време на изборите вработи 3000 души во министерствата во буџетските организации без решение. Ние имавме доблест, не се исплашивме, на плачевме тука, како што сега плаче министерот, дека нема пари. Нека најде пари, затоа победија на 15 септември. Ние дури тогаш им дадовме и решенија на тие луѓе, воопшто не ги прозвавме на говорница, не ги етикетиравме дека се партиски. Само друго да им кажам, дека и понатаму продолжуваат вработувањата по договор за дело масовно. Исто како што кажа и екс министерот за здравство, значи 7, 8 години имаше луѓе обесправени кои што работеа волонтерски без пари, и нивниот труд не се плаќаше.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

После овие дискусии помеѓу министерот и екс министрите и објаснувањата, ние како пратеници мислам дека треба да го кажеме она за што сме тука дојдени, а тоа е она кои ги претставуваме. Значи, народот и луѓето кои не изгласале и за кои што се наоѓаме во овој парламент. Колку некој од нас познава економија, или не познава економија тоа е споредна работа. Но, мислам дека треба да проговориме за проблемите и тука да ги искажеме сите проблеми кои што ќе бидат на товар на оваа

Влада која што ќе треба да ги решава и по можност да ги реши, затоа што во оваа ситуација како што кажуваат дека е лоша, би се довеле во безизлезна ситуација. Тоа сигурно никој од нас не го сака, ниту го посакува. Затоа тука сме да сугерираме и она што значи Предлог-буџет да го насочиме кон нешто, бидејќи никој од нас не е консултиран. Токму оваа расправа мислам дека е местото каде што можеме да кажеме работи кои што ќе му помогнат и на самиот министер и на оваа Влада да ги насочи работите баш во оние точки кои што може би во првиот момент не се согледани, тие средства да бидат насочени токму таму. Јас тука слушам цело време рестриктивен буџет и она што го читав, гледам дека многу ставки од тој буџет се намалени, но намалени се токму во оние рамки каде што треба да има зголемување, а тоа е енергетиката, тоа е земјоделието, градежништвото, науката, одбраната, екологијата, образованието, спортот. Значи, имаме една цела лепеза на ситуации каде што драстично се намалуваат тие средства, а од друга страна се декларираме дека ние сме тие што треба, што победивме и на народот му ветивме многу работи. И токму затоа народот гласаше за владеачката партија. А после овие дискусии и на министерот и на одделни пратеници, ако веќе тие не гледаат решение, незнам и која е борбата тогаш за власт, да ми кажете дека ако сум имал за тутунот минатата година 140 денари, оваа година земам 40 денари, дека оваа година ми е подобро. Незнам во што е подоброто, но се надевам дека ќе сватат и луѓето. И покрај тоа што во многу делови и ставки и потставки од овој буџет гледаме дека, викаме рестрикција, можеме да видиме дека голем дел од овие делови се зголемуваат и тоа некои специфични делови. Министерот кажа дека дополнително ќе бидат утврдени, но тука стојат како ставки и потставки, како градба и доградба на нови објекти, купување на нов мебел, одрджување и купување на нови возила, репрезентации, патувања во странство, планирани расходи за проекти од надворешни лица и многу други, други трошоци каде што воопшто не е ни сигнализирано зошто тие пари ќе се користат од буџетот, што мислам дека како пратеници имаме право да имаме сознанија каде би отишле овие средства. Но, господата кои го правеле буџетот, мислам дека требало да бидат малку пореални, дека се наоѓаме во 2003 година и целата оваа ситуација што не опкружува, почнувајќи од безбедносен план, она што значи невладеење на целата територија на РМ, она што значи во секој момент очекување и она што ни се случува нон стоп некои стресови и искажување на револт за одредени човечки и политички права, она што во 2003 година претставува енергетиката. Имаме зголемување на увозот за скоро два пати. Тука не видов

никаква ставка, освен ова што го слушнав од господинот Тромбев дека во оваа година план е хидроцентралата Козјак, Матка 2, и Далноводот за Бугарија преку Штип.

Од сето ова мислам дека далноводот за Бугарија и 400 киловолтното ниво на поврзување претставува приоритет во енергетскиот систем на Република Македонија. Матка 2 не ја гледам како енергетски објект, а за ХЕЦ Козјак по сите овие дискусии на нашите пратеници и обвинувања јас би кажал дека ХЕЦ Козјак е едно од најголемите промашувања на Македонија, барем досега, или од она што значи 84 милиони долари кои беа предвидени за Хидроцентралата да работи денеска стигнавме до 218 милиони долари и не знаеме кога ќе проработи и кога овие пари како инвестиција ќе бидат вратени на државата, сигурно ќе поминат барем 50 години најмалку.

Истото ќе се случи и со Матка 2, тоа сигурно, но во оваа ситуација не слушнав ништо за она Што значи наши енергенси. Она за што ќе се залагаме и што кажавме дека мораме да го правиме тоа се нашите ресурси, а нашите ресурси е јагленот. Она што знажи вода видовме 3 години во таква суша ние можевме да дојдеме во ситуација како нашите соседи Албанија да останеме едноставно без електрична енергија затоа што луѓето ја потрошиле водата која ја имале како акумулација.

Значи, тука не слушнав ни збор за отворање или барем за понатаму геолошки истражувања за кои државата одделува 20 милиони денари кои се за неколку десетина бушотини што можат да се направат на тој простор Брод - Неотино, а ние сакаме за некоја година да отвориме рудник.

Господа, тука треба да се обрне многу поголемо внимание затоа што рудникот Суводол со своето работење и она што постои како ресурс во наредните 8-9 години ќе биде веќе затворен. По сето она значи капацитет ние треба длабоко да се размислиме како држава и вие посебно како власт во ситуацијата да вложите многу средства и во овие неколку години да обезбедиме барем еден енергетски извор за после две години сигурно дека една од термоцентралите во РЕК Битола ќе биде исклучена затоа што рудникот не ќе може да го задоволи тоа производство од 6 милиони кое го дава сега. Тоа е доста сериозна работа и тука треба да се обрне внимание, а исто и започнатите активности на далекуводот РЕК Битола со Грција каде мислам дека мора да се интервенира многу побрзо да го имаме како таков и уште едно поврзување на Република Македонија на 400 киловолтно ниво со

странство кое можеби подоцна многу повеќе ќе ни треба во однос на она што значи снабдување со електрична енергија на тој либерален пазар што го очекуваме да дојде во Македонија.

Би позборувал за еколошките проблеми за кои се трудиме да зборуваме и ги претставуваме по сите средства за информирање, но по она што го гледам како илустрација и она што значи предвидување во буџетот едноставно не видов ништо. За жал, еколошките проблеми кои се наоѓаат, јас би зборувал за југозападниот реигон, тоа се трите депонии Мегленци, која едноставно од 3 илјади рудари во РЕК Битола ги угушува и која последните години беше претставувано како политички проблем, едноставно проблем на делот на вработените и тоа население околу таа депонија Мегленции. Оттука ги имаме и двете депонии кои се наоѓаат на патните правци помеѓу Битола - Прилеп тоа е депонијата Прилеп и патниот правец Битола - Охрид тоа е охридската депонија. Мислам дека мора да се размислува дали тоа ќе биде донација, дали ќе биде инвестиција на Владата, но да се направи една заедничка депонија или уште подобро ако можеме и рециклирање на тоа ѓубре кое се исфрла на тие депонии или во најдобар случај со помош на Европската заедница да се побара енергана која ова ѓубре би го произвела во енергија. Мислам дека има доволно места и простор да го разработиме сето тоа.

Што се однесува до градежништвото, градежништовото како такво, јас и моето прашање кон г. министер беше за патниот правец Прилеп - Росоман и на делот на патниот правец Битола - Скопје и во неговиот одговор и ова што го гледам тука како инвестиција едноставно такви средства не се предвидени, тоа е жалосно. Но господата нешто интервенираа дека тоа било во планот во 1998 година кога беше нападнат господинот Балковски дека тој само го започнал 1999 година. Сега ќе ви кажам за еден патен правец кој беше започнат 1996 година на едни локални избори, тоа беше патниот правец Велес - Прилеп преку Бабуна. Почетокот беше многу помпезно најавуван, тука беа сите господа од СДСМ на чело со господинот Бранко Црвенковски, се поставија три или четири столба и уште стојат кај езерото Младост, мислам дека во догледно време можат да се распаднат. Имавме два министри посебно од нашиот дел од Битола кој едноставно за тој патен правец не направија ништо. Но, во меѓувреме се направи патниот правец Тетово - Гостивар каде што во моментот господата од Скопје при одењето за Охрид и од Охрид за Скопје сега го користат овој патен правец преку Битола заради несигурноста на овој

патен правец и се направи еден таков метеж што и три ленти ќе бидат малку за да се реши овој патен правец.

Значи, тука ќе треба да се размислува заради безбедност, заради сигурност на сите луѓе кои работат на овој дел, а плус тоа со сите овие камионски превози што се актуелни во моментот таа безбедност станува уште понесигурна, значи ќе треба многу брзо и скоро да се интервенира да добиеме нешто што навистина ќе значи сигурност и безбедност на патниот правец Битола - Скопје.

Овде ги спомнал министерствата за одбрана и МВР. Гледајќи ја ситуацијата во Македонија, мислам дека ова намалување на нивниот буџет воопшто не трпи и треба дебело да се размисли како понатаму. Цело време тука и од министерот и комплетно сме информирани дека со спроведувањето на Рамковниот договор дека ќе има нови вработувања, посебно од националностите, и тие вработувања ќе предизвикаат зголемување на масата за плати и тоа не е спорно за никој, спорни се тие луѓе што беа вработени, спорни се овие услуги кои биле давани порано.

Јас мислам дека во оваа ситуација во ова наше опкружување кое го гледаме денеска не би смеело да се случи таква работа, да се намалуваат средствата за униформи од 312 мииони на 164 милиони и она што значи средства во МВР материјали за полицијата од 288 милиони на 156 милиони. Тоа не смее да се случи, она што го гледаме како опкружување и она што значи сигурност за Македонија сигурно со овие работи е загрозено значи, би имале големи проблеми и затоа тука воопшто не смее да дојде во прашање како ќе се изнајдат овие средства.

Тука би ја додал и Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање затоа што гледаме што се случува, гледаме која е опасноста, а ние и понатаму добиваме некои информации кои ги читаме како многу тајни, а ги читаме по стоти пат по сите дневни весници. Значи, нешто се случува што не е во ред и за тоа ќе треба да бидеме на време известени и ние какодржава да бидеме подготвени за она што не очекува. Тоа сигурно ќе го направиме ако имаме добро опремена и армија и полиција и оваа Агенција за разузнавање кај која најмалку треба да се штеди.

За битолскиот крај конкретно за Македонија, бидејќи дел од нашиот крај спаѓа во оние длабоко земјоделски краеви, неразвиени краеви тоа е делот на Мариово каде драстично се намалуваат буџетските средства за неразвиените краишта од 900 милиони буџетот се сведува на 300 милиони. Верувајте, само неколку патишта што се направија во мариовскиот дел веќе луѓето од Битола почнаа

да се враќаат на своите родни огништа, а како што одат работите мислам дека многу од нас, ако не помогнеме, никогаш повеќе нема да се вратат затоа што постоеше еден дел дали ќе биде  земјоделие или сточарство, голем дел од овие луѓе кои останаа без работи ќе ги принуди едноставно на своето земјиште да почнат да творат и да произведуваат добра кои ќе бидат од она што викаме со природен квалитет кој западот го бара, а од друга страна ќе ги обезбедуваат средствата за преживување. Но, гледаме дека сите субвенции во областа на земјоделието, сточарството, млекарството, во тутунската индустрија и се она што значеше задржување на нашиот земјоделец кој се 91 илјада луѓе, кои како што кажа министерот, по 400 се 360 илјади, луѓе кои живеат точно од овој дел и од оваа производна гранка и ние ги сведуваме нив на едноставно преживување и немање можност да ги исплатат и оние трошоци кои ги дале за да го произведат самиот производ. Тоа е страшна работа и би требало наместо зголемување на оние средства и данокот за додадена вредност од 5 на 18% во однос на нафтата, семето и она што треба да знажи се за земјоделието, таа ставка мора да остане на 5%.

Во однос на градежништвото, тука се спомнаа и нонстоп разговараме за двата коридори коридорот 8 и коридорот 10 и железничката пруга на која ќе се работи Куманово - Бељаковце (Дељадровце).

Но, господа, дали вреди да се размисли, а веќе ни е испратен сигнал дека треба длабоко да се размислиме затоа што зборувавме и за безцарински зони во близина на Битола. Соседна Грција веќе работи на репарирање, обновување на железничката пруга и делот што значи Воден - Лерин мислам дека 90% е веќе репариран, а ние имаме постоечка железничка пруга тоа е Битола - Кременица со која би имале остварено директна врска за Грција.

2004 година е година на Олимписките игри во Грција, сите зборуваме дека треба да искористиме дел од тие средства дали ќе бидат спортисти, туристи и се она што значи нешто кои би отиште во Грција, но ништо не правиме да обезбедиме како би дошле во Македонија. Еден дел од оваа железничка врска помеѓу Лерин и Битола е она што во моментот ќе обезбеди развој во југозападниот регион, она што ќе значи пренос на стоки и она што ќе значи натамошна врска и обезбедување во догледна иднина  токму пренос на јаглен за термоелектраните во РЕК Битола. Значи, имаме постоечка железничка пруга која треба само да се репарира.

Во овој дел Грција нудеше 80 милиони евра за инвестиција во инфраструктурата и мислам дека тука како проект треба да го прикажеме, тука сигурно влегува и потпелистериото и регионот Преспа. Тоа е тоа што можеме да го зборуваме за она што значи градежништво и она што ќе значи проблеми за Битола и за регионот кој треба, можат и мора да се решат.

До сега не слушнав никој да проговори за спортот, сите се гордееме кога македонските репрезентации, македонските клубови можат да соберат 200 иљјади луѓе на плоштад и сите заедно да се радуваме, но сега покажуваме нешто друго непримерно за сега, она што значи Агенција за спорт од 200 милиони се сведува на 100 милиони, со тие 100 милиони не знам што може да се покрие. Донесен е некој Закон за спорт кој закон ние како законодавен дом ќе мора да го надградиме, да работиме на истиот со тоа што сите заедно ќе обезбедиме тие бизнисмени, ако успеат некогаш да стигнат до тој вишок на додадена вредност која треба да ја инвестираат во државата, како што е сега ќе треба да обезбедат пари и со тоа во моментот такви се ретки исклучоци за кои спортот останува нешто кое е бунар без дно. Во моментот нашите спортисти, за жал, имаат фудбалски игралишта како ораници, пропаднати кривини, ладни сали кои прокиснуваат, паркети на кои имате и јас самиот не знам колку шајки кои се опасност за спортистите, недоволно осветлени, а имавме можност за изградба на 30 нови сали од кои некои се завршени, некои се при крај и доколку тие ги завршиме ќе добиеме нови објекти во кои ќе се добијат безпрекорни услови за работа каде младите за кои еве донесуваме закон за кафулиња, за нивната работа до 23,00 часот, мислиме дека со тоа сме го решиле проблемот, но ние не нудиме решение за решавање на тоа. Само санкционираме нешто што го гледаме. Што се случува? Ако тие млади луѓе бидат вклучени во овие спортски клубови, ако имаат тренинзи до 22,00 часот сигурно нема да се најдат во тие кафулиња и ќе бидат оние кои ќе избегаат од пороците како што се алкохолот, дрогата и криминалот. Тоа е тоа штоние како Парламент и како Влада да ги обезбедиме за тие млади луѓе за да знаеме што утре можеме да им понудиме, а потоа да ги решаваме проблемите.

Во однос на образованието гледаме дека тука се штеди, дека едноставно студентските кредити се намалени и потоа едноставно се чудиме како нашиот ум едноставно се прелева од Македонија во цела Европска заедница и таму нашите луѓе се цените, а во нашата држава сето тоа оди многу тешко, за жал.

Еве, би имал еден предлог што се однесува за Битола, таму имаме многу касарни, на времето војската која беше во Битола имаше голем број на касарни, па едно решение со доградба и преграда на овие може да се реши проблемот за сместување на средношколската младина и студентите во Битола. Значи, со мали средства за репарирање можеме да дојдеме до добри и сигурни услови за живеење и опстојување на нашите студенти и средношколци.

Друго што би кажал е ова што го слушам цело време дека јавните претпријатија кај нас веќе пропаѓаат и дека сме имале големи проблеми со сите тие јавни претпријатија. Истото го слушам и за Електростопанството на Македонија, но од друга страна слушајќи го спорот на Електростопанството кој има долг од 57 милиони евра, а побарувања од 218 милиони евра не гледм каде е таа дупка и што значи побарување, што значи долг. Можеби и јас не сум во право, но ова знам дека е така значи тука не се работи за дупка, едноставно се работи за долг кој Електростопанството ќе го добие и ќе го наплати. Тоа е тоа што ние треба да го кажеме.

Од друга страна слушаме министерот кажа дека инвестициите преку државата нема да бидат, ние ќе бараме некои инвеститори кои ќе го направат сето тоа. Од друга страна велиме дека ќе земеме многу помалку пари од народот. Значи, данокот ќе го обезбедиме, помалку пари ќе земеме, но она што значи данок и она што значи ДДВ го зголемуваме точно на оние средства што значат лекови, храна, транспорт, значи се она што го оптоварува нашиот најобичен човек, го зголемуваме од 5 на 18%. Дали е тоа во ред ќе каже министерот.

Од друга страна без сведок кога ОКТА 1999 година на една седница на Стопанската комора кога се зборуваше дека работи со капацитет од 15 до 18% и кога ОКТА се доведе во ситуација да работи, сега нам не ни чини. Истото се случува, сега ова како објаснување, за Македонските железници. Ако Македонските железници почнат да работат повторно некој ќе биде виновен и повторно ќе имаме проблеми. Значи, се она што не чинело, што не вредело ни денар ако го ставиме во функција дали тие инвестиции е подобро да бидат странски, ние ќе дојдеме во ситуација после тоа да бидат обвинувани тие луѓе кои ја завршиле работата. Слушам прифаќање на буџетот во однос на културата. Сите сме задоволни дека тоа ќе биде така, но имаме прослава 100 години од Илинденското востание, а идеме месец април кога ќе се донесе буџетот, но немаме одделени никакви средства за таа прослава. Дали некој ќе импровизира, ќе стигнеме до таква ситуација, јас не

знам, мислам дека за ова мора да се најде, а во однос на она што значи вработување, се плашам уште еднаш да не се случи, посебно за Битола во 1996 година кога имавме исто како и сега приватизации, отпуштања на луѓето и делено средства за нивна исплата. Во Битола беа затворени 38 фирми и избркано повеќе од 10 илјади работници кои ден денес не нашле работа.

Ако се случи повторно истото и повторно ако се затворат некои фирми, незнам која година повеќе ќе ја чекаме, за да можат тие луѓе да се вработат. Дали тоа ќе биде бранковниот закон или ќе биде нешто друго, тоа сеуште незнам. Тука цело време дискутираме за она што значат 11.000 вработувања во текот на 2002 година, дека тоа го товари буџетот и дека тоа е еден голем проблем. Но, господа, ве прашувам вие ветивте дека ќе вработите 200.000 луѓе. Каде ќе бидат вработени тие 200.000 луѓе. Поминаа веќе шест месеци, освен она што значи договор на дело и некои фирми што работат, не гледам нешто да заживеат, не видов нешто што е предвидено, некој голем објект или фирма која што ќе работи и која што ќе успее да ги вработи овие луѓе. Дали тоа беше само така кажано, или, незнам, имате уште време за да го докажете сето тоа дали е тоа така или не е така. Мислам дека не е така, а од друга страна она што значеше, сега гледам дека многу се толкува така што она што значи одговорност за јавни набавки и политичка одговорност и незнам уште каква, јавните набавки, да ве потсетам, беа донесени на крајот на 1998 година кога Парламентот заврши со работа, значи, сите договарања од 1993 до 1998 година беа со дирекни договарања. Ако ги видите тие цени, тогаш ќе се прашаме за нешто друго. Господинот мнистер кажа некои популизам, малку се исполнуваше, а од друга страна заборава дека еднас телефонска централа беше платена како хидроцентрала. Заборавено е дека илјадници компјутери се внесени во сите министерства со јавно договарање без прашување за цени, кои што можеби изнесуваат три пати повеќе, од она што е реалната цена. Или, она што значеше РЕК Битола и оштетувањето на државата со некаде 37 милиони евра, поради ископите кои тогаш беа шест марки по метар кубен, а потоа во времето на јавните набавки стигнаа до 3,5, до 4 марки од метар кубен.

На крајот, би завршил, имаше една ставка во која што е кажано дека парите од телекомот биле непплански трошени и тоа на култура, спорт, инвестиции и сега да се запре сето тоа, ние како влада тие пари ќе ги враќаме едноставно за странските долгови, а Телекомот ќе биде производ и средствата кои ќе доаѓаат од Телекомот ќе бидат наменети за враќање на странските долгови.

Господо, она што се вложи во културата, она што значи еден Плаошник на кој што се чекаше илјада години и на Самоиловата крепост да се обнови, оној дух на македонскиот народ, ако не значи за некој тука ништо, тогаш имаме голем проблем. Верувајте ми, Америка куќата на Линдон Џонсон сакаат да ја претстават како еден културен споменик, затоа што немаат многу такви, на кои што имаат паркинг каде што можат да се паркираат повеќе од 5.000 автобуси. Тоа е куќата на Линдон Џонсон, ја знаеме неговата политичка кариера и знаеме кога живеел, во 60-тите години на минатиот век. Значи, луѓето прават култура и на она што го немаат. А, ние она што го имаме сакаме да го уништиме и тука сакаме да прикажеме дека духот не може да биде пред материјата и тука е големиот проблем. Материјата е она за која што кажуваме дека ова е социјален закон, но не може да биде и едното и другото.

На крајот, мислам дека министерлот ни остана должен за она што не кажа минатиот пат каде се потрошени, ако се потрошени средствата од девизните резерви каде се имаме задолжено за наредните 50 милиони. Бидејќи, тука слушнав дека веќе 25% од буџетот е потрошен, би сакал да знам кој дел од буџетот е потрошен, кои се тие ставки и во кои делови од ова што значи денес ние го разгледуваме, 25%, додека го усвоиме буџетот, може веќе да се случи 33% од буџетот да биде веќе потрошен. Мислам дека министерот за тоа ни остана должен и сакам да го слушнам неговото мислење, да не биде ова како пратеничко прашање, може и сега да го одговори.

Уште еднаш, поради сите овие работи и ова што го кажав дека ние сме тука поради граѓаните и народот, јас морав ова да го кажам и поради тоа што, од ова што го кажав не видов ништо во буџетот, ќе бидам против донесувањето на овој буџет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Тромбев им реплиак на господинот Мавровски.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Се пријавив за реплика, иако не бев спомнат во лоша конотација од мојот сограѓанин Спиро Мавровски. Тука сакав само да појаснам некои работи, со оглед дека очигледно е дека и двајцата имаме ист став во однос на стратешките интереси на Битола и на тој регион во однос на геолошките истражувања, за

наоѓалиштето на јаглен Брод - Неотино и на патниот правец Велес - Прилеп. Впрочем, јас и во мојот говор го спомнав овој патен правец како потреба за овој регион, меѓутоа, истите и овие два проекти се идентифицирани уште пред четири години во изработката на просторниот план, кој што јас во тоа време го раководев. ВМРО-ДПМНЕ имаше четири години да реализира и едниот и дел од другиот проект, но за жал, не ги реализира тие проекти. За волја на вистината би сакал само да појаснам, бидејќи верувам дека мојот сограѓанин лошо разбра во однос на изградбата на Матка 2, не беше кажано така, туку беше кажано дека оваа годинас ќе се изработи проект, а тоа се подразбира дека е изведбен проект за изградба на Матка 2.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Реплика од Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мене ме радува што господинот Тромбев и јас имаме исти мислења за оние проблеми кои ја мачат Битола, но морам да го информирам дека за тие четири години Владата на ВМРО-ДПМНЕ каде што стои патниот правец Битола - Скопје, дел од него е направен. Значи, после 40 години и нешто е направено и тоа е дел што сега го растоварува тој толку посакуван правец, но за жал, тоа треба да се продолжи. Ако се чека повторно ВМРО-ДПМНЕ да го направи тоа, тоа е во ред и треба да се каже. Затоа што патниот правец за Бабуна кажав дека е започнат во 1996 година и останати се три столбови. Господинот Тромбев воопшто не ми реплицираше за тоа.

Што се однесува за рудникот Брод - Неотино, морам да го потсетам дека за овие четири години направен е идеен проект и физибилити студија, почнати се испитувања, што значи се извршени повеќе од 250 бушотини, каде што стигнавме до сознанија дека Брод - Неотино е иднината и она каде што треба да се концентрира македонската влада во однос на енергетиката. Значи, тоа е направено, ВМРО-ДПМНЕ не стоел, работел, за разлика од претходниот проект, кој беше околу 1991 година.

Благодарам господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Јас верував дека двајцата се сложувате во се, само еден крупен проблем, едниот ќе гласа против буџетот, а другиот за буџетот, инаку за се сложувате. Само во клучната работа не се сложувате.

За збор се јави претставникот на Владата Димко Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Господинот Мавровски од неговата широка елаборација што ја даде вечерва, осврнувајќи се на повеќе прашања, некои надвор од проблематиката за која што зборуваме, почувствувал да каже тоа што е негов интерес и јас немам ништо против за тоа. Меѓутоа, во делот кога зборува за буџет, точно е дека една четвртина од буџетот ја имаме потрошено со 31 март. Јануари, февруари и март дел од овој буџет се троши. Тука нема дилема, ниту објаснување, ниту додавки, ниту одземања и тоа е врз база навремено финансирање, на база на последниот квартал од 2002 година. Според тоа, тука нема никаква дилема, прашање е само времето кога ние ќе го донесеме буџетот. Се надевам утре или до крајот на неделата, не би посакувал да одиме до крајниот ден, со една позабрзана расправа и продолжено работно време во Парламентот, мислам дека ќе можеме да ги донесеме и пропратните закони, така што на овој дел треба да се знае дека ние од оваа година средствата во предвидените рамки ги трошиме и тоа онака како е планирано за првиот квартал.

Што се однесува до еден дел од неговото излагање ја спомна и храната, како дел кој што оди од ставката повластена. Веројатно му беше грешка во излагањето, но тоа останува забележано. Мораме да кажеме дека храната останува со ставка 5%, а не оди на стапка од 18%. Од аспект на потрошените средства во еден дел кој што зборуваше за култура и објекти  кои што се изградени, исто така, никој нема против за тоа што е културно наследство, за тоа што е создавање на нови објекти, меѓутоа, многу дискутабилни се прашањата како тие средства се трошат и на кој начин тие се трошат. За тоа може да се разговара и за тоа може да се прават анализи и согледувања.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, вие баравте одговор од министерот и тој ви одговори. Баравте како се трошат парите и ви одговори. Сега, од една страна баравте одговор од министерот, тогаш нека биде реплика, меѓутоа, тоа нема логика. Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Одговорот го прифаќам, но пред тоа во мој личен интерес јас не кажав ништо и нема да кажувам во мој личен интерес. Уште еднаш кажав дека е во интерес на оние гласачи од Битола и оние кои тука ме гласале во овој Парламент. Ме радува што господинот заменик министер многу така прецизно ја следеше дискусијата. Останува без многу други лодговори, но еве ќе се потрудиме веќе за храната, можеби е грешка, но тука доаѓаат сите оние средства за лична хигиена, кои исто така, влегуваат во тоа. Но, ќе дојдеме до данокот за додадена вредност и мислам дека ќе расчистиме се она што е покачено.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немојте само пак да се сложите во се.

Повелете господине Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, господо заменици, министри, советници, почитувани колеги,

Денеска и во овие денови пред нас е буџетот на Република Македонија за 2003 година, како што кажа почитуваниот доктор по економски науки и професор на некои наши тука колеги пратеници дека тој буџет, дали ние денес ќе го донесеме или не, сепак, тој се троши. Значи, буџетот на Република Македонија ќе се донесе и

тоа е неспорно. Но, едно останува денеска овде отворено прашање, прашањето од каде ние ги земаме средствата, за да го пополниме буџетот на Република Македонија.

Второто, уште поважно прашање, ние кои сме избрани ВМРО-ДПМНЕ со 300.000 гласови на гласачите, на бирачите, СДСМ заедно со коалицијата со нешто повеќе и затоа се на власт. Едно е неспорно дека таа власт, која ние ја имаме денес, едните во законодавниот дом, другите во извршната власт, некои во независната судска власт, сите ние ги трошиме средствата од буџетот на Република Македонија. Но, за она што го трошиме, сигурно, нашите гласачи од нас очекуваат да видат како ние тоа ќе го вратиме во пракса и како ќе им го подобриме она што се нарекува  подобро утре.

Денеска и вчера овде го слушавме министерот за финансии, кој ни зборуваше за буџетот на Република Македонија и за сите оние силни ставки кои ќе се издвојуваат, она што се нарекува инвестиции, она што се нарекува додадена вредност, она што се нарекува макроекономска политика, она што се нарекува чиста економска категорија. Но, едно остана отворено, а тоа е она што ние сите овде во македонскиот парламент мораме да го имаме како консензус точно заради гласачите кои гласаа за нас. Значи, повеќе од половина милион граѓани на Република Македонија, а тоа е социјалната политика. Околу социјалната политика и она што претставуваше најсилно оружје во предизборната кампања, а тоа е решавањето на статусот на невработените лица во Република Македонија, нивното вработување, изнаоѓање на инвестиции, дали тоа ќе биде од странски инвеститори, дали тоа ќе биде од инвеститори во Република Македонија, дали тоа ќе биде во јавните претпријатија, дали тоа ќе биде кај приватната иницијатива, која мора да се мотивира од државата со таа веќе позната фискална политика и со она што се нарекува светска финансиска контрола, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Сето тоа треба да го овозможи она што е лајт мотивот и она што е нашето најважно прашање околу мора да постигнеме консензус.

И, наместо, почитувани дами и господа, колеги пратеници, почитуван министре, замениче министре, наместо ние овде денес да слушнеме како господинот министер, кој парадираше овие два три дена, ќе ја најде таа волшебна формула за вработувањето на 300.000 невработени македонци односно граѓани на Република Македонија, тој ни понуди нешто што е веќе заборавено. Не врати на

оние факултетски клупи кога учевме марксизам, за жал, и кога пред 150 години Карл Мркс ја напуштил буржоазијата, го напуштил сопствениот татко, бидејќи потекнувал од буржоаско семејство и наместло да зборуваме за да покаже Карл Маркс дека може да се гради некакво општество на рамноправни, на решени социјални случаи, на решени социјални прашања и т.н., овде во овој еволутивен процес низ кој нашиот почитуван минитер ни се шета во овие 12 години, плуралистичка македолнска сцена, слушавме како тој во еден миг дури се одрекна или ја спомна родената мајка. Значи, Маркс од таткото, а нашиот Енгелс од родената мајка. И, наместо овде да понудиме проекти, ние нудиме циркус во македлонскиот парламент. Ние немаме, дами и господо право на циркузантство, бидејќи ние сме платени од македонските бирачи и од македонските даночни обврзници, од оние кои од нас очекуваат инвестиции, очекуваат раздвиженост во македонската економија. Очекуваат нешто во Република Македонија ќе се случи од ветеното. И, не можеме ние логиката постојано да ја базираме на она што се нарекувас априори осудени лица во Република Македонија, без да се почитува презумцијата на невиност и да ги прогласуваме оние луѓе кои не можеле од СДСМ да им лодолеат на моќта на парите, оние луѓе кои не можеле од Либералната партија да им одолеат на моќта на парите и оние кои од разни други политички партии, па и од нашата ВМРО-ДПМНЕ, не можеле да им одолеат на моќта на парите да тврдиме дека една политика, една глобална политика, една јасна визија на нашата политичка партија во периодот кој е зад нас дека треба да се идентификува со некои, кои некој ги нарекува тајфуни, некој ги нарекува, во жаргонот на почитуваниот министер, апаши. Тој ги нарекуваше во еволутивниот процес и претходниците односно сега вас позицијата во Република Македонија, апаши, за да на тој начин бегаме од реалноста. Реалноста, дами и господа, е сурова, пособено во економијата, бидејќи економијата, покрај тоа што самата по себе е база за да може да се развива не само во она што го потенцирам и форсирам во ова мое кратко излагање, а тоа е социалната политика, но и во севкупниот наш развој како држава што веќе своето место и својата позиционираност, како што кажа почитуваната колешка со европска ориентација од СДС дека ние треба да ги помагаме и проектите со кои што ќе направиме да имаме поблиско имплементирано европско законодавство, а во тој контекст да понудиме и јасна визија на Република Македонија за влез во Европа.

Доколку овие денови ги губиме во меѓусебни обвинувања кој повеќе го опљачкал Буџетот на Република Македонија, бидејќи таков термин се употребува,

кој повеќе зел, а кој помалку, кој повеќе стигнал да ја злоупотреби својата функција во една правна држава за каква тежнее Република Македонија особено со имплементацијата на европското законодавство, единствено меродавно е македонското независно судство. Тоа е инстанцата што ќе не оквалификува или како апаши или како чесни луѓе или како тајкуни или како луѓе кои сигурно нешто направиле за Република Македонија.

Затоа ние мораме денеска својот акцент да го ставиме токму на брзиот економски развој на Република Македонија, да ги оставиме обвинувањата и да го зачекориме вистинскиот пат, бидејќи во Република Македонија ги гледаме овие денови некакви трети патишта повторно се јавуваат и ќе се јавуваат се додека постои криза во опозицијата и во позицијата. Ќе се појавуваат разни патоносци од типот на 5 години алтернатива кои нудат некаква трета опција за Република Македонија. Сите тие ја гледаат шансата точно во неприфаќањето на тоа за што вие не молевте цели два месеци да не видите на говорницата во Македонскиот Парламент, а тоа е како конструктивна опозиција. Овој миг, мислам дека во Република Македонија имаме конструктивна опозиција, опозиција составена од министри кои дадоа максимум за време пред се на бегалската криза, на најтешката криза низ која мина Република Македонија,татковинската војна и за сето она што во тие периоди успеавме да го направиме, а тоа е одбраната на македонскиот суверенитет и интегритет.

Затоа, немаме право, заради нашите 300.000 гласачи и заради вашата поголема бројка, ние да се однесуваме неодговорно и да гледаме парадерства на одредени почитувани министри, кои ме замолија - господине Бошковски немој да ме фалиш, бидејќи ќе ме сменат. Господине министре, ако продолжите со таквата логика ќе морам да ве фалам.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за инспиративната дискусија за Буџетот на Република Македонија.

Има збор господин Хусеин Џевад.

Пратеникот се повлекува.

На ред е господинот Коце Трајановски, но вие имате некоја дискусија од саат време?!

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе на Парламентот на Република Македонија, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владта на Република Македонија,

На дневен ред денеска е Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2003 година и заедно со Предлог на законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и Предлог-законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година претставуваат клучна основа за начинот, големината, постапката за јавната потрошувачка во Република Македонија за 2003 година. Оттука, овие точки што се наведени на дневен ред на денешната седница на Собранието имаат суштинско значење, тежина и одговорност за случувањата во Република Македониа во 2003 година. Затоа ние нашата дискусија треба да ја направиме конструктивна и да бидеме максимално одговорни.

На прекрерашниот настап на министерот за финансии, мислам дека не беше во тој прилог кога даваше одговор на екс премиерот на Република Македонија господинот Љубчо Георгиевски. Меѓутоа, јас не би одел понатаму.

Би кажал дека сега сме март, т.е. веќе доаѓа април 2003 година, повеќе од 150 дена од владеењето на новата влада се поставува прашањето зошто толку доцна а сепак нормално во законски рок се донесува овој буџет. За желба на вистината ни беа доставени Макроекономската политика на РМ за 2003 година, донесена на седница на Владата на 20.01.2003 година, Мерки за поттикнување на вработувањето, мерки за поттикнување на извоз  мерки за моделизирање при штедењето, активности при завршувањето на процесот на приватизацијата.

Се согласувам со пролонгирање на рокот, со оглед на тоа што ова е нова влада, ова е прва година од нејзиниот мандат, го нема континуитетот од претходната година и при ова, нормално е да има доцнење. Но, тука има работи што јас би сакал да прашам. а тоа е следното, зошто овие документи за макроекономската политика и мерките за нејзиното остварување, активностите исто такви и одлуките кои се донесени на седница на Влада на 20 јануари 2003 година, ние ги добиваме некаде на 16-17 март а така пишува дека на 15 март е донесена Програмата, има печат од Собранието на Република Македонија. Буџетот на Република Македонија кој е донесен на 20 февруари на Влада на Република Македонија го добивме неколку дена веднаш по донесувањето. Значи, во овој случај

нам ни е ускратена можноста добро и конструктивно да се подготвиме бидејќи макроекономската политика, со мерките за нејзиното остварување ги добиваме со повеќе од 15 дена доцнење во однос на буџетот како пратеници.

Незам дали е ова игра, дали е намерно, дали е случајно, во секој случај не е добро. Се сака пратениците што помалку да дискутираат за овој буџет и што побрзо да помине. Меѓутоа, сметам дека колку има повеќе дискусии, толку ќе биде поквалитетен , ако не овој, барем следниот буџет. Во тој контекст на желбата да се има помали дискусии би го спомнал, би спомнал и еден случај што испадна во весниците а тоа е во четвртокот ноќта и петокот рано наутро, кај голем број пратеници од опозицијата особено од ВМРО-ДПМНЕ, во раните утрински часови, со полиција ...

(Реакции во салата)

Се извинувам ...

(Реакции во салата со дофрлања)

Не е точно.

(Рекации во салата)

Мислам дека утрето бевме на седница и немаше потреба за таков случај.

Гледајќи ја макроекономската политика на Република Македонија за 2003 година и мерките за неговото остварување, стекнувам впечаток дека Владата на РМ и по овие 150 дена нема идеја, нема визија за подобрување на состојбата во РМ.Незнам, можеби се исплашиле од одговорноста што ја добија од народот на парламентарните избори во септември минатата година. Опадна прометот, парите се сокрија, бизнизмените се исплашени, особено од јануари наваму. Поради тоа оправдување се бара во, условно кажано, во драматичната состојба што ја остави претходната влада.

(Поради џагор во салата, пратеникот бара од претседавачот да ги опомене пратениците).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжете си вие со дискусија.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Не мож да се бара оправдување во претходната влада бидејќи народот ви ја даде довербата и треба да с еизнајдат начини како да се оправдаат и како да се

остварат изборните ветувања, а не да се наопѓаат начини како тие да не се остваруваат. Само би ве потсетил на некои од тие изборни ветувања, а тоа е вработување по еден член од семејството, намалување на сиромаштијата, донесување на закон за загубари и што уште не.

Со изготвувањето на Макроекономската политика на РМ, на документот за 2003 година, со мерки и активности, би сакал да потенцирам и образложам една од тие мерки, а тоа е, тоа е програмата за зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила. Тука, децидно се кажува - подобрување на евиденцијата на вработените, подобрување на пазарот на работна сила.

За подобрување на пазарот на работна сила, на страна 6, напишано е токму следното: непосердно ќе се стимулираат работодавците за поголема примена на економични и флексибилни форми на вработување.Дадено е: пробна работа, работа на договор и работа дома, како и други вакви флексибилни форми и зголемување на мотивираноста на невработените за активно барање на работа и самостојно решавање на егзистенционалниот статус, самовработувњето.

Почитувани граѓани на Република Македонија, со ова може да се каже дека од изборните ветувања на сегашната позиција нема ништо. Тие може да понудат вработување, но тоа да биде пробно на одредено време или пак работа дома. Ништо не останува од тоа што се вели како да се стекне со редовно вработување.

Исто така, нека не се секираат вработените, бидејќи Владата преку оваа макроекономска политика стално ќе ги потсетува дека треба да бараат работа да не случајно им се приарни дома како невработени.Со еден збор кажано ништо од она што беше изборно ветување. Напротив, народот во изборното ветување беше следно кажано, народот ќе ја земе судбината во свои раце. Тоа беше слоганот. Јас цело време се чудев што е тоа, дури сега дознав откако ги прочитав овие редови каде што децидно пишува - ќе се мотивираат невработените за активно барање на самостојно решавање на егзистенционалниот статус. Повеќе од тоа здравје.

Според тоа, изгледа дека Владата се однесува како некое здружение на граѓани или невладини организации, а не како Влада што ќе треба да решава еден од најсуштествените проблеми во државата.

Затоа би ги прашал господата од Владта дали знаат што значи технолошки вишок, особено министерот, меѓутоа жалам што не е тука денеска да ја слушне дискусијата, што значи да е стечаец, што значи да е избркан од работа и да седи дома невработен, а Владата да го потсетува дека треба да бара работа.

Тоа што сакам да кажам, ниту малку не е смешно колеги пратеници, дискутираме за Буџетот на Република Македонија, за мерките на макроекономската политика, за подобрување на вработувњето, т.е. смалување на невработеноста во Република Македонија.

Една од мерките во макроекономската политика беше и довршување ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трајановски, ве молам само малку внимание пред да продолжите со дискусија.

Документот Макроекономска политика на Владата е документ на Владата. Тој не е за дебата во Парламентот. Вам ви е доставен за информирање, со сите придружни документи што Ви се доствени. Ако имате впечаток дека треба да се дискутираат, еве ви укажувам дека не се за дискусија. Тие се усвоени на Владата и се владини документи. Ние немаме надлежност за нив. Надлежност имаме за законите и за буџетот. Сега вие дискутирате за Законот за вработување што е 17 или 18 точка.

Ве поканувам сега да дискутирате за буџетот, а кога ќе дојде Законот за вработувањето, тогаш за него. За документите на Владата да не дискутираме.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, изгледа дека вие не го слушавте воведниот збор на господинот министер за финансии, каде што повеќе од половината од говорот беше за мерките на макроекономската политика. Дури во втората половина кажа како макроекономската политика ќе биде вклопена во Буџетот за 2003 година. Сега, ако требаше некого да прекинете, требаше министерот да го прекинете. Еве, дајте го стенограмот, ќе видите дека е тоа така. Ако сметате дека не треба вака да се зборува, дека треба да се фали, имам некаде каде ја фалам Владата. Не е се толку црно во овој мој говор. Земете го стенограмот, ќе видите. Јас го имам. Ни беше поделен. Јас тука го имам, можам да ви го донесам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Министерот даде воведно образложение за целиот пакет на дневен ред. А сега сме точката број 1.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пакетот на мерки, меѓутоа основа за буџетот беше макроекономската политика за 2003 година. Мислам дека не би требало вака да ме прекинувате. Добро, во секој случај ќе продолжам.

Добро, гледам дека многу се нервирате кога се отвораат одредени теми и ви изгледа и смешно, мислам дека македонската јавност ова го гледа и добро е уште малку подобро да се насмеете, да се види дека на вака значаен документ, ова се документ што се издадени од Владата и децидно ги цитирам со страни...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега ако барате од пратениците вам да не ви дофрлаат, немојте и вие ним.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Е па, морам да им кажам, нека се смејат подобро.

Сега би сакал да кажам неколку зборови во интерес на времето за Предлог-буџетот на РМ за 2003 година. Нормално, ќе кажам малку во основа како што кажа и министерот како макроекономската политика е вклопена во Буџетот за 2003 година.

Во Образложението на буџетот, на крајот пишува дека основните цели за донесување на Буџетот на РМ е ценовната стабилност, стабилен курс на денарот, стапка на инфлација од 3% и реален пораст на бруто домашниот производ од 3%. Ова го предлага министерот за финансии, господинот Петар Гошев и како на министер би требале да му веруваме дека ова е најдобрата рамка во моментов, во условите во кои се наоѓа нашата земја. Всушност, оваа рамка е иста и на повеќе на 4 години station наназад од донесувањето на Буџетот на РМ. Но, да видиме како мислеше министерот за финансии господинот Петар Гошев на 15-та седница на Собранието што се одржа на 30 март 1999 година, ќе цитирам:

“Во рамките на монетарната сфера и порано и сега сум против безусловна одбрана на девизниот курс. Под притисок на ММФ и претходната влада го прифаќаше условот, условот е тежок, повторно е задржан тој модел, тој курс и сега тврдам дека фиксиран, команден курс раководен кој е еднаков на фиксен курс не е флуктуирачки курс. Емпириските податоци покажуваат дека тој негативно влијае на извозот и дефицитот и дефицитот ни е многу поголем и покрај другото и заради

ваквиот курс. Се разбира дека преку буџетот, преку него се брани ценовната стабилност, ама под кои услови и под која цена".

Тоа е цитат. Јас сега се прашувам дали господинот министер за финансии вистината ја зборуваше кога беше пратеник во Собранието 1999 година или сега, како министер за финансии. Во секој случај има промена на ставовите и незнам што значи ова за реалноста на Буџетот на РМ за 2003 година и под кои услови и со која цена е склучен тој.

Исто така на страница 11, главата расходи по ставки и по намени на ниво на ставка немаме колона за 2001 и 2002 година. На тој начин е оневозможено да се направат компарациите што значел буџетот во тие години, што значи во оваа година, така да ако сакаме да нализираме некоја ставка ќе мораме да одиме во сите раздели натаму за да ја добиеме бројката за претходните години.

Во делот на буџетот, во приходниот дел се надевам дека изготвувачот направил огромни напори и темелни проучувања, меѓутоа некои работи така како што се предложени не можат да се презентираат овде. Имено, се тврди дека имаме намалување на општата ставка на ДДВ од 19 на 18%, што е чиста илузија, а особено ако и во таквото тврдење се верува.

Во општиот дел од Предлогот на буџетот на РМ за 2003 година во ставката 7134 - данок на промет и ДДВ износот за 2002 година е 20, 3 милијарди денари, а за 2003 година истата ставка е проектирана на 23,5 милијарди денари, што е зголемување на цели 16% или номинално за 52 милиони евра. Тоа е два пати повеќе од износот на аранжманот со ММФ. Значи овој аранжман ќе го финансираат граѓаните на РМ.

Веројатно за проектираната 2003 година не станува збор за драстично зголемување на домашниот промет на услугите. Со сигурност може да се отстапи оваа теза бидејќи евидентен е намалениот промет, а тоа може на оваа седница да ни го потврдат и претставниците на Министерството за финансии.

Од тука го повикувам претставникот на Владата на РМ јасно и гласно да каже дека не станува збор за намалување на даночното оптоварување по основ на ДДВ, туку напротив за зголемување.

Во приходниот дел во делот на задолжувањето заради финансирање на јавната потрошувачка исто така се гледа приодот на Владата за надворешното задолжување. Оваа Влада уште на стартот на овој мандат ги задолжува идните генерации со нови кредити и заеми. Ова се гледа од ставката 7611 за задолжување

кај меѓународните развојни агенции, Светска банка, Европска унија и други меѓународни развојни агенции.

Имено, ако 2001 година задолжувањето беше симболично 12 милиони евра, во 2002 година 20, 5 милиони евра со предложениот буџет Македонија ќе се задолжи со 110,5 милиони евра. Ова зголемување е за повеќе од пет пати во однос на претходната година.

Во расходниот дел, посебен дел нема да навлегувам подетално бидејќи претпоставувам дека предлагачот направил целосно согледување на буџетските корисници, меѓутоа не можат да се прескокнат нелогичностите. Имено, разделот 09001-Министерство за финансии има драстично зголемување за повеќе од 50 милиони денари во однос на претходата година. Уште подрастична е функционалната алокација на зголемувањето односно бруто платите на вработените во Министерството за финансии се зголемуваат за цели 80 милиони денари, или номинални за 135 милиони денари за 2002 година на 215 милиони денари оваа година.

Не треба да се заборави фактот дека во Министерството за финансии платите на вработените отскокнуваат за повеќе од 25% во однос на вработените во другите органи на управата, односно буџетските корисници и единките корисници. Треба да се знае дека минатата година после преговорите со Синдикатот на УПОЗ Владата донесе одлука за покачување на платите на сите буџетски вработени за 20%, а Министерството за финансии ги покачи платите на своите вработени за повеќе од 25%, над одобреното покачување на тогашната Влада. Бројот на вработените во Министерството за финансии во минатата година се зголеми за делот на работниците од поранешната ЗПП. Затоа беше и зголемувањето на масите на плати во 2002 година во однос на 2001 година. Дали тоа значи дека вработените во Министерството за финансии уште повеќе ќе си ги зголемат платите.

Во делот на поттикнувањето на новите вработувања, ставка 44818, во расходниот дел, или како популарно се нарекува Бранковиот закон сметам дека нема да даде големи ефекти бидејќи според законот треба да се вработуваат невработени кои што станале невработени по однос на структурни реформи и невработени социјални работници. Тие веќе примаат преку надомест преку Бирото за вработување или како социјални категории и за нив во соодветните ставки предвидени се средства. Значи тие средства сега ќе им се даваат на новите работодавци за оној дел што велиме дека ќе биде наменет за плаќањата на

придонесите и даноците на државата. Според тоа сметам дека тука направено е дуплирање на тој износ и предлагам Министерството за финансии да го разгледа овој предлог затоа што можеби ќе треба ставката што е наменета за поттикнувањето на вработувањето да не биде, бидејќи тие средства веќе се влечат по основ на законот од ставките кои постојат.

За данокот на финансиски трансакции кажано е многу, меѓутоа јас би додал дека со тој закон меѓу другото се финансираа и резервистите во Министерството за внатрешни работи и Армијата на РМ. Тие во 2003 година не постојат, па според тоа не постојат во расходниот дел, а според тоа и во приходниот дел го нема тоа оптоварување. Дали не би требало толку да се употребува овој дел, кој што го велиме ние данок за финансиски трансакции.

Што се однесува до земјоделието, а во врска со субвенциите и значењето на Фондот за земјоделие кој треба да игра клучна улога во развојот на земјоделието како една од дејностите кои за Македонија претставуваат столб на економското опстојување или треба да опстојуваат, екс министерот, господинот Марјан Ѓорчев доволно кажа и јас не би сакал тука да дополнувам, но би сакал да кажам дека сум задоволен што дел од срествата за Телеком што се наменети за доизградба на регионалниот водовод Гази Баба, Илинден и Петровец, финансирани преку Министерството за локална самоуправа дека ќе продолжат оваа година во целост и водоводот ќе биде завршен со што девет населени места ќе добијат за прв пат здрава вода за пиење. Меѓутоа, не сум задоволен што се поништени средствата за водовод во одредени села што се неразвиени и приградски на Скопје, не сакам да ги потенцирам сите бидејќи се повеќе  и за тоа имам предложено амандмани, се надевам дека Министерството за финансии ќе најде разбирање за нив, бидејќи се работи за еден насушен проблем на граѓаните и жителите на овие населени места.

На крајот би сакал да кажам дека вака дефинираниот буџет нема да го поддржам бидејќи ги зафаќа најсиромашните слоеви и нема така развоен карактер како што сакаше Министерството за финансии да не убеди.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да ја заклучиме расправата, со оглед дека имаше прашања до министерот, министерот бара збор и завршуваме.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Јас накратко  ќе кажам зошто касно се донесува буџетот.

Мислам дека прашањето е апсолвирано, премногу зборувавме и на комисиите и во јавноста, па и овде во Парламентот, така да нема потреба да се прашува со оглед на тоа да по една усталена процедура, онака како што налагаат законските норми ние буџетот го доставивме. Тој не е од Министерството за финансии туку е буџет кој што го предлага Владата на Република Македонија.

Пропратните мерки што ви се доставени се точно во функција на она што денеска расправаме - буџет за 2003 година, бидејќи сето тоа е во еден комплекс на мерки и активности, пакет на закони кои што треба да ги донесеме и од тука да произлезе она што сметате дека нема идеја Владата, нема решение за проблемите. Напротив, од сето тоа што го нудиме како комплекс и пакет на мерки во макроекономската политика, буџетот, монетарната политика, девизната политика и целиот пакет закони кои што наредните денови треба да се донесат гледаме излез од проблемите кои што се напластени во претходниот период.

Според тоа има идеја, има размисла, има реална основа Владата да искреира амбиент, економски, макроекономски кој што ќе значи динамизирање на економијата на Република Македонија.

Со тоа и социјалниот проблем ќе се решава за тоа и претходниот дискутант зборуваше и од тука гледаме и индиректните мерки, законските мерки и она што значат директни мерки иако се оспорувани можат во еден дел да го заокружат комплексот на решавање на социјалниот проблем. Тоа Владата го има како задача.

Што се однесува до политиката на курсот на националната валута тоа е основно номинално сидро. 1999 година јас не знам кој што зборувал и дали зборувал, меѓутоа јас знам дека политиката на курсот на националниата валута во сегментот што го има и што го операционализира монетарната политика, Народната банка на РМ, што ја креира макроекономската политика Владата на РМ и Министерството како партиципиент ресорно за финансии кое што учествува во таа проекција договорени сме и преифаќаме со оглед на тоа да основното номинално сидро, врзување на курсот 61,5 денари едно евро гарантира стабилност на крајна основа на цените на Република Македонија. Може академски да се расправа дали е тоа исправно или не,. Преценет ли е, потценет ли е курсот, меѓутоа преку курсот не можеме ние да ги решаваме проблемите во државата. Тој може да влијае, но радикално не може да ги промени односите. Тоа прашање повеќе е за академска расправа, меѓутоа во дадениот момент договорено е и јас би апелирал до пратениците тука да имаме еден консензус, бидејќи беше спомнат зборот “и мангупи

меѓународни", и во едни други контексти ние со меѓународните финансиски институции треба да соработуваме. Но, да соработуваме стручно, научно, професионално, одговорно како државници. Ако тоа го поставиме може тогаш аранжманите да бидат многу полесни и уште повеќе да бидат во функција.

А ако од овој дом излегуваат такви дисонантни тонови уште повеќе си ја усложнуваме работата. Јас би сакал во Парламентот да најдеме консензус околу клучниот документ. Ние во спротивностите го градиме и единството. Документот мора да го имаме. Во нијанси може да се разликуваме, меѓутоа не е упатно ан блок да се одвива бидејќи со ан блок одбивање не функционира држава. Тоа е клучен документ и за функционирање и на овој парламентарен дом, бидејќи и тој е еден од буџетските корисници. Меѓутоа, нијасните ги нема. Ако тоа го има ние можеме да зборуваме.

Јас мислам дека ќе собереме сили сите заедно, како што беше и препораката на министерот за финансии во наредниот ден уште поинтензивно и поконструктивно изработиме и го донесеме овој клучен документ за функционирање на државата и пошироко за економијата на РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, пријавен е уште еден дискутант, господинот Ќахил, имаше уште некои се откажаа во интерес на времето. Ако господинот Ќахил е навистина последниот тогаш да завршиме со општиот претрес, меѓутоа кој ни гарантира дека нема да се јават уште два-тројца додека тој говори.

Еве, јас прашувам официјално има ли други што сакаат да се пријават за дискусија?

(Некои пратеници се јавуваат за дискусија).

Според тоа продолжуваме со работа утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа  во 20,25 часот).